МАКЕДОНСКА АКАДЕМИЈА НА НАУКИТЕ И УМЕТНОСТИТЕ

# ПРИСТАПНИ ПРЕДАВАЊА, ПРИЛОЗИ И БИБЛИОГРАФИЈА

## НА НОВИТЕ ЧЛЕНОВИ НА МАКЕДОНСКАТА АКАДЕМИЈА НА НАУКИТЕ И УМЕТНОСТИТЕ

## XIII

СКОПЈЕ, 2000

ПРИСТАПНИ ПРЕДАВАЊА, ПРИЛОЗИ И БИБЛИОГРАФИЈА НА НОВИТЕ ЧЛЕНОВИ НА МАКЕДОНСКАТА АКАДЕМИЈА НА НАУКИТЕ И УМЕТНОСТИТЕ

XIII

MACEDONIAN ACADEMY OF SCIENCES AND ARTS

# OPENING ADDRESSES, CONTRIBUTIONS AND BIBLIOGRAPHY

OF THE NEW MEMBERS OF THE MACEDONIAN ACADEMY OF SCIENCES AND ARTS

## XIII

SKOPJE, 2000

МАКЕДОНСКА АКАДЕМИЈА НА НАУКИТЕ И УМЕТНОСТИТЕ

# ПРИСТАПНИ ПРЕДАВАЊА, ПРИЛОЗИ И БИБЛИОГРАФИЈА

## НА НОВИТЕ ЧЛЕНОВИ НА МАКЕДОНСКАТА АКАДЕМИЈА НА НАУКИТЕ И УМЕТНОСТИТЕ

## XIII

СКОПЈЕ, 2000

Уредник: акад. Блаже Ристовски

СОДРЖИНА

TABLE OF CONTENTS

БЛАГА АЛЕКСОВА

Старохристијански црковни центри во Macedonia Secunda ..................... 13

Библиографија на проф. Блага Алексова ..................... 25

ИВАН ДЕЈАНОВ

Личното, општественото и општочовечкото во работата на лекарот . 35

Библиографија на д-р Иван Дејанов ..................... 53

МОМИР ПОЛЕНАКОВИЌ

Клиничко-морфолошка корелација на примарните гломерулонефрити во Република Македонија ..................... 81

Библиографија на проф. Момир Поленаковиќ ..................... 111

БОРО МИТРИЌЕСКИ

[10 репродукции] ..................... 159

Попис на делата на Боро Митриќески ..................... 169

ГАНЕ ТОДОРОВСКИ

Еманципаторски идеи и акциони пораки во македонската литература на XIX век ..................... 183

Библиографија на проф. Гане Тодоровски ..................... 193

ВЛАДА УРОШЕВИЌ

[Поезија] ..................... 219

Библиографија на проф. Влада Урошевиќ ..................... 233

ВЛОЃИМЈЕЖ ПЈАНКА

Семантичките категории и нивното изразување во македонскиот јазик (морфологија) ..................... 245

Библиографија на д-р Влоѓимјеж Пјанка ..................... 261

ВОИСЛАВ ВУЗЕВСКИ

Библиографија на проф. Воислав Вузевски ..................... 269

МЛАДЕН СРБИНОВИЌ

[4 репродукции] ..................... 291

Самостојни изложби ..................... 295

*Дванаесеттото изборно собрание Македонската академија на науките и уметностите го одржа на 26 јуни 1997 година.*

*За редовни членови на Македонската академија на науките и уметностите беа избрани: проф. д-р Блага Алексова, д-р Иван Дејанов, проф. д-р Момир Поленаковиќ, академскиот скулптор Боро Митриќески, проф. д-р Гане Тодоровски и проф. д-р Влада Урошевиќ.*

*За членови надвор од работниот состав беа избрани: проф. д-р Влоѓимјеж Пјанка, проф. д-р Воислав Вузевски и академскиот сликар Младен Србиновиќ.*

*Проф. д-р Блага Алексова го одржа своето пристапно предавање на 27 мај 1998 година на тема „Старохристијанските црковни центри во Macedonia Secunda", а д-р Иван Дејанов пристапното предавање „Личното, општественото и општочовечкото во работата на лекарот" го одржа на 22 јуни 1998 година.*

*Проф. д-р Момир Поленаковиќ одржа пристапно предавање на 20 јануари 1988 година на тема „Клиничко-морфолошка корелација на примарните гломерулонефрити во Република Македонија".*

*По повод изборот на академскиот скулптор Боро Митриќески за член на МАНУ, од 20 ноември до 5 декември 1998 година во Ликовниот салон на Академијата беше поставена неговата пристапна изложба со 29 скулптури.*

*Проф. д-р Гане Тодоровски својата пристапна беседа „Еманципаторската улога на македонската литература во XIX век" ја одржа на 3 март 1999 година, а проф. д-р Влада Урошевиќ на 22 октомври 1998 година имаше пристапно предавање со неколку свои најнови песни.*

*Од надворешните членови на 26 мај 1999 година пристапно предавање одржа проф. д-р Влоѓимјеж Пјанка „Семантичките категории и нивното изразување во македонскиот јазик" и на 12 ноември 1997 година проф. д-р Воислав Вузевски „Електронската микроскопија во клиничката медицина". По повод изборот на академскиот сликар Младен Србиновиќ за член надвор од работниот состав на МАНУ, од 20 ноември до 5 декември 1997 година во Ликовниот салон на Академијата беше поставена неговата пристапна изложба со 50 дела.*

*Во оваа публикација се објавуваат одржаните пристапни предавања на новите членови на Македонската академија на науките и уметностите. Пристапното предавање на проф. д-р Воислав Вузевски не се објавува поради неговата ненадејна смрт.*

**БЛАГА АЛЕКСОВА**

*БЛАГА АЛЕКСОВА е родена во Тетово во 1922 година. Дипломирала на Филозофскиот факултет на групата Историја на уметноста на Универзитетот во Скопје. Докторската дисертација на тема „Демир Капија и словенските некрополи во Македонија“ ја одбранила на Универзитетот во Љубљана во 1958 година. Специјализирала старохристијанска уметност и археологија во Думбартон Оакс, Институт за византиски студии на Харвардскиот универзитет, Вашингтон, САД (1970, 1971 и 1974 година).*

*Д-р Блага Алексова работи во Градскиот музеј во Скопје, а потоа во Археолошкиот музеј на Македонија како научен советник и е долгогодишен директор и организатор на Музејот. Од 1975 година е вонреден и редовен професор на Филозофскиот факултет во Скопје. Основач е на Институтот за старословенска култура во Прилеп и негов соработник од основањето до денес.*

*Д-р Блага Алексова од почетокот на своето вработување па сè до денес се бави со научноистражувачка работа од областа на археологијата. Нејзината научна преокупација е преку остатоците на архитектурата и останатите материјални траги да укаже на раната христијанизација на Македонија и на земјите на Источен Илирик. Во доменот на нејзиниот интерес се бројни теми, за кои нејзините сознанија стануваат клучни за разгатнувањето и следењето на развојните патишта, влијанијата и модификациите под притисоците на локалната традиција, посебно на планот на духовната преобразба, достреливе во култното градежништво, во образованието и сл.*

*Под раководство на д-р Блага Алексова се изведени археолошки истражувања на повеќе локалитети во Македонија, од кои некои прераснуваат во меѓународни истражувачки проекти. Во Демир Капија е откриен старохристијански комплекс со цеметеријална базилика од IV–V век и словенска црква од IX–X век со голема некропола; на Брегалница го убицира античкиот и старохристијанскиот град Баргала, епископски центар и жариште за христијанизација на териториите источно од Вардар; крај Крупиште на Брегалница го открива Катедралниот храм на XV Тивериополски маченици од Струмица; во Стоби ја открива првата христијанска куќа oikos ekklesias врз која е изградена првата базилика во Стоби.*

# СТАРОХРИСТИЈАНСКИ ЦРКОВНИ ЦЕНТРИ ВО MACEDONIA SECUNDA

Источен Илирик во областите на Македонија бил населен со многу силни племенски етничко-политички организирани формации, кои претставувале посебни етнички групирани целини и првите државни јадра на чело со кралеви. Тие ковале пари по углед на своите јужни соседи. Со навлегувањето на Римјаните на нашиве територии од 168, а посебно од 146 година пред н.е. овие држави потпаднале под римска власт. Тогаш Македонија е поделена на четири области.[1] Организирањето на нашиве територии во различни провинции се чести во доцноантичкиот период. Големата префектура Illirycum со силна концентрација на воена моќ е организирана примарно од стратешки причини. За административната и воената поделба на Илирик наоѓаме податоци во Notitia Dignitatum – службени рангови, чиј ракопис е составен во 390 до 427–437 година. Македонија и Дакија во овој документ се одбележени како две диецези во префектурата на Илирик.[2]

Историските и епиграфските податоци и топографските истражувања одбележуваат две Македонии. Хиероклиевиот Синегдемос, кој е составен во раните години на Јустинијановото владеење, а кој се базира врз документи за организацијата на провинциите од времето на Теодосиј II (408–450) во Macedonia Prima, чии управител е во рангот на consular, одбележува 32 града, додека во Macedonia Secunda, на чие чело стои како управител hegemon, споменува 8 града. Во списоците од доцниот V и раниот VI век од н.е. се спо-

[1] Ф. Папазоглу, *Средновековна племена у предримско доба,* Сарајево, 1961; *Македонски градови у римско доба,* Скопје, 1957, 58–63; Г. Кацаров, *Пеониа-принос кон старата етнографија и историја на Македонија,* Софија, 1921; E. Petrova, *The Peonian tribes and the Peonian Kingdom in the second and first milenium B.C.,* Macedonia Acta Archaeologica (MAA) 12, 1991, 86–101; ibid., *Cult and Symbols among the Panonian tribes compared to the Illyrian and Thrasian ones,* MAA 14, 1992, 125–140.

[2] Териториите добиваат заедничко име Illyricum за време на владеењето на Константин. Во Notitia Dignitatum во секцијата за Источното Римско Царство, од првата половина на V век, а се однесува за организацијата на IV век, на Илирик му припаѓале старите диецези на Окцидент – Панонија, Мезија и Македонија. Теодосиевата поделба е на Западен Илирик со Панонија и на Источен со Дакија и Македонија.

менуваат: Stoloi-Stoboi-Stobi, Argos, Eustraion, Pelagonia, Bargala, Kelenidin, Armonia и Zapara.[3] На Tabula Peutingeriana по Брегалница ги наоѓаме градовите Astibo и Tranupara.[4]

Macedonia Secunda зафаќа територии по средното течение на Вардар што претставува поголем дел од земјите на Пајонија, потоа областите по реката Брегалница и земјите по средното течение на Црна Река во Пелагониската рамница.[5]

За Macedonia Secunda постои мислење дека ги поседувала истите територии како и Macedonia Salutaris, провинција која е организирана при раната поделба на Македонија, секако во доцниот IV век, а е спомената во Notitia Dignitatum која е составена во раниот V век. Според Th. Mommsen тоа би била 386-та година при поделбата на Македонија во две провинции.[6] Според J. Wiseman оваа поделба била причина императорот Теодосиј да ја посети новоформираната провинција. Тој издава два едикта во Стоби во 388-та година. Wiseman е на мислење дека Macedonia Secunda ја наследила Macedonia Salutaris во доцниот IV или раниот V век.[7]

Ф. Папазоглу врз основа на историските извори и натписите на откриените споменици дава највеќе податоци за поделбите на Македонија и за нејзините градови во римско време. Таа е на мислење дека двете Македонии биле обединети во раниот V век, можеби околу 402 година и поделени покасно во истиот век.[8] Нејзината хипотеза дека Macedonia Secunda престанала да егзистира во средината на VI век, Wiseman не ја прима во целост.[9]

Основањето на Justiniana Prima, како нова метропола и седиште на Архиепископијата, ја менува административната поделба на Илирик. Со новелата XI издадена во 535 година од императорот Јустинијан, провинцијата

---

[3] Во V–VI век, за време на Јустинијан, Илирик опфаќа 13 провинции. Македонија I во Илирик на чело со конзулар со 32 града и со главен град Тесалоника. Македонија II управувана од хегемон, со главен град во Стоби. Спомената во Хиероклиевиот Синегдемос (Hieroklis Synecdemus), од 527–528 година, сведочи за Јустинијановото административно уредување. А. Шукарова, *Јусѿинијана Прима,* Скопје, 1994, 66, 67, бел. 140, 141, 148, 149; Honigmann, ed. *Synèkdemos d'Hiéroclès,* Brusseles, 1939, 461; J. Wiseman, *The City in Macedonia Secunda,* Villes et peuplement dans l'Illiricum protobyzantine, Ecole Francaise de Rome, 1984, 290, бел. 1, 2.

[4] Tab. Peut. VII, 5: Stopis – XXX – Tranupara – XX – Astibo – L Pautalia, ed. Müller, p. 488. Милер го изменил редоследот на станиците, прво го става Астибо, а потоа Транупара, па Астибо го лоцира кај Штип.

[5] Ф. Папазоглу, *Градови,* 95, 119–211, 231–248.

[6] Th. Mommsen, *Verzeichniss der Römischen Provinzen aufgesets um 297,* Gesammelte Schriften, V, Berlin, 1908, p. 580. Според J. Wiseman, op. cit., 291, not. 4; за едиктите: *Codex Theodosianus,* 16.4.2, 16, 5, 15.

[7] J. Wiseman, *The City in Macedonia Secunda,* 291.

[8] Ф. Папазоглу, *Градови,* 291.

[9] J. Wiseman, *The City in Macedonia Secunda,* 291.

Macedonia Secunda потпаѓа под власт на Justiniana Prima, додека на листата од новелата CXXXI од 545 година таа не е одбележана.[10]

Јустинијана Прима од повеќе автори е убицирана крај Царичин Град на околу 30 км југозападно од Лесковец во јужна Србија. Голем дел од профаните и сакралните објекти во овој доцноантички град се откриени со долгогодишните археолошки ископувања и истражувања. Изнесено е мислење дека градот е изграден одеднаш во Јустинијаново доба. Новите истражување на Францускава школа во Рим укажаа дека голем дел од градбите од сакрален карактер се подигнати врз стари антички архитектонски споменици и приспособени за живеење. Овие податоци укажуваат дека во античкиот период на просторот на Царичин Град постоела градска населба со тврдина и урбанизиран простор. Изнесената хипотеза од страна на Ѓ. М. Зиси дека градот ја претставува Јустинијана Прима ја прифаќаат В. Кондиќ, В. Поповиќ, N. Duval и J. Wiseman.[11]

Врз основа на историските и литературните податоци и врз голем број на зачуван споменичен фонд од доцниот антички период во Скопје и неговата блиска околина, нашето мислење е дека Јустинијана Прима треба да се бара и да се убицира во Скопје. На ова упатуваат археолошките истражувања на југозападната кула од тврдината во Скопје изведени во 1999 година.[12] Во текот на повеќе од два милениума тврдината во Скопје била средиште на војна, политичка, културна и верска дејност, каде што сите нејзини господари и градители оставиле видни и драгоцени траги. Започнатото откривање на дел од југозападната главна порта на тврдината во Скопје е важно бидејќи го разрешува прашањето на нејзиниот главен влез кој од архитектонска гледна точка претставува битен дел од целината на градот.

Со археолошките истражувања во 1967 година во тврдината се прибрани голем број податоци и се откриени и истражени делови од најстариот дел на градот. Меѓутоа, заклучоците не одговараат на ситуацијата на теренот.[13]

[10] Б. Гранић, *Оснивање епископије у граду Јустинијана Прима,* Гласник СНД, 1924, 1–20; Ф. Папазоглу, *Градови,* 94; *Justiniana* Nov. XI; CXXXI, Cap. III; Ф. Папазоглу, *Градови,* 94.

[11] Ђ. Mano Zissi, *Justiniana Prima (Caričin Grad),* Reallexikon zur Byzantinische Kunst, Stuttgart, 1976, 688–718; ibid., *Царичин Град – Јустинијана Прима,* Лесковац, 1979; В. Кондић – В. Поповић, *Царичин Град,* Београд, 1977; J. Wiseman, *Justiniana Prima (Caričin Grad), Yugoslavia,* Princeton Encyclopedia of Classical Sities, Princeton, 1976, 428–429.

[12] B. Aleksova, *Loca Sanctorum Macedoniae,* Skopje, 1997, 252; ibid., *Early Christian and Slav religious centres in Macedonia,* Citta del Vaticano – Split, 1998, 7–28; ibid., *Античките градови големи старохристијански центри во Македонија,* Скопје, МАНУ, XXVIII, 1–2, 1997, 85–102, 99; ibid., *Епископијата на Брегалница,* Прилеп, 1989, 74.

[13] К. Петров, *Најстари делови на Скопското Кале,* Гласник Инст. за нац. историја, I, Скопје, 1958, 229–377; И. Микулчиќ, *Старо Скопје,* Скопје, 1982, 118–138; Б. Бабиќ – И. Микулчиќ, *Скопско Кале,* 30 години заштита на спомениците на културата во СР Македонија, Културно наследство, 1983, 55–60; В. Иљов, *Форти-*

Најстариот архитектонски состав на тврдината во Скопје е од доцноантички период. Јадрото на градот со тврдината го потврдуваат голем број еминентни споменици од кои некои откриени со изведување на заштитни конзерваторски потфати. Тогаш се констатирани голем број на профани и сакрални градби во стариот дел на Скопје[14] за кои наоѓаме известување од Прокопиј – историчарот на императорот Јустинијан I.[15] Планираните мултидисциплинарни истражувања и ископувања што треба да започнат веќе оваа 2000-та година ќе придонесат поблиску да се запознаеме со историјата, основањето, животот и пропаѓањето на градот Јустинијана Прима – денешно Скопје.

На просторите на провинцијата Macedonia Secunda се изведени повеќе археолошки истражувања и ископувања со кои со сигурност се идентификувани два града: Баргала на реката Брегалница и Стоби на утоката на Erigon во Axius, денешна Црна Река и Вардар. Резултатите од истражувањата на овие два града ни даваат можност да се запознаеме со урбанистичкото и урбаното уредување на доцноантичките градови и промените што стануваат со ширењето на христијанската религија. Тогаш се преуредуваат цели градски ареали во кои се изградени објекти со сакрален карактер и функција. Промените стануваат и надвор од бедемите на градовите каде што среде античките некрополи се градат бројни цеметеријални црковни објекти.

На територијата на Macedonia Secunda се идентификувани градовите Euristos и Antigonea од Tab. Peutingeriana.[16] Додека за градовите Astibo и Tranupara од Табулата се изнесени повеќе мислења за идентификација и убикација, засновани врз археолошки откривања по Брегалница.[17]

## *БАРГАЛА*

Градот Баргала го наоѓаме спомнат во Синекгемосот на Хиероклиј на територијата на Macedonia Secunda во V и почетокот на VI век. Името на градот Баргала е тракиско. Градскиот живот на овие простори се развива во рано римско доба. Во IV–V век градот станува епископски центар и големо

*фикациони елеменѿи на Горниоѿ ѓрад на Скоӣскаѿа ѿврдина,* 30 години заштита..., Скопје, 1983, 123–147; Н. Катанић – М. Гојковић, *Грађа за ӣроучавање сѿарих камених мосѿова и аквадукаѿа у Србији, Македонији и Црној Гори,* Београд, 1961, 117–132; В. Иљов, *Камениоѿ мосѿ во Скоӣје,* 30 години заштита..., Скопје, 1983, 123–147; М. Гојковић, *Сѿари камени мосѿови,* Научна књига, Београд, 1989, 130.

[14] Според соопштувањето на Васил Иљов, архитект-конзерватор, при изведувањето на заштитните конзерваторски работи на повеќе објекти во стариот дел на градот Скопје се констатирани постари архитектонски објекти од доцноантичкиот период и се прибрани бројни наоди.

[15] Procopius, *De aedificiis,* IV, 4.

[16] Ив. Микулчиќ, *Тоӣоѓрафија на Еударисѿ,* МАА I, 1975, 173–197.

[17] Ф. Папазоглу, *Градови, Асѿибо,* 244–245; Б. Алексова, *Еӣискоӣијаѿа на Бреѓалница,* 74–75.

административно средиште во областите источно од Вардар. Името на градот е познато и од актите на Халкедонскиот собор, одржан во 451 година, на кој учествува епископот Дарданиус. Името на градот е посведочено и на еден натпис од 371 година, кога се наоѓал во провинцијата Дакија.

Во градот е откриена Епископската базилика подигната од епископот Хермија. Неговото име е врежано на еден капител од влезот во црквата. Истражениот комплекс го сочинува баптистериумот, консигнаториум епископската резиденција и живеалишта со големи тремови. Градот е опкружен со ѕидови и кули, со главен влез од западната страна. Ансамблот на Базиликата е од IV–V век, со подоцнежни обнови и ремоделирања. Extra muros се откриени 4 базиликални градби, од кои досега само една е истражена.

Баргала, од мала пајонска населба, израснала во организиран и напреден град во античко доба и моќен старохристијански епископски град во доцната антика, бранет со цел систем на тврдини по текот на Брегалница. Градот ги избегнал хунските наезди во 447 година и остроготските наезди во 479 година, меѓутоа настрадал од аваро-словенските напади, кога во пожар изгорел влезот во градот и Епископската базилика. Според наодот на 13 златни и 270 бакарни монети и еден масивен златен прстен, кои се ковани за време на владеењето на Јустинијан I (527–565), Јустин II (565–578), Тибериус II (578–852) и Маврикие (586–602), може да се претполага дека градот е нападнат и разорен околу 585 година.[18]

## *СТОБИ*

Стариот град Стоби се наоѓа на утоката на Erigon во Axius, познати под името Црна Река и Вардар, околу 150 км северно од Тесалоника. Градот е откриен при крајот на XIX век од J. G. Hahn и Leon Heuzey. Наоѓајќи се на еден од магистралните патишта којшто ги поврзувал земјите на Средоземјето со Средна Европа, градот имал особено значајна позиција во античкиот период. Градот Стоби окупира три широки тераси што се спуштаат кон Црна Река. Опкружен е со два градски ѕида, со кули и порти и главен влез лоциран од западната страна. Некрополите на градот што биле употребувани во хеленистичкиот, римскиот, византискиот и словенскиот период, се откриени западно од градот на терасата што се протега од Цеметеријалната базилика до Паликура базиликата.

Стоби, релативно мала стратегиска пајонска, а подоцна македонска населба за време на хеленистичкиот период, израснал во пространи просперитетен муниципиум за време на раната Римска Империја и најпосле како главен град на провинцијата Macedonia Secunda или Salutaris и епископско седиште во доцната Империја. Стоби бил предоминантен град од почетокот на

[18] И. Венедиков, *Барѓала: Раскойки и йроучвания,* София, 1945, 84; Ф. Папазоглу, *Градови,* 245–246; B. Aleksova – C. Mango, *Bargala, A Prelinimary Report,* DO Papers 25, 1971, 349–353; Б. Алексова, *Ейискойијаша на Брегалница,* 41–69; ibid., *Early Christian and Slav religious centres in Macedonia,* Citta del Vaticano, t. III, Split, 1998, 9–28.

IV век, напуштен во VI век за време на Аваро-Словенските инвазии, многу брзо населен од околното население и делумно од словенските племиња.

Извесни архитектонски структури во градот и неговата околина се откриени за време на Првата светска војна. Со систематските ископувања вршени во периодот 1920–1940, откриен е дел од доцноантичкиот град со приватни и јавни градби и со монументалната градба на античкиот театар. Интензивните истражувања што се изведуваа во периодот 1970–1980 во рамките на југословенско-американскиот проект и истражувањата што ги изведувавме од 1980 до 1997 година изнесоа на видело мошне значајни резултати за урбаното и урбанистичкото уредување на градот, за иновациите и промените што ги носи легализацијата на христијанската религија во Империјата и престанокот на функционирањето на театарот и многуте антички храмови.

Во градот започнува интензивна изградба на христијански храмови. За нивно подигање се користат во прв ред доцноантичките приватни и јавни градби, како и урнатините на еврејската синагога на една моќна еврејска заедница. Во градот и неговата блиска околина се откриени 9 старохристијански црквени градби, сите од типот на просторни базилики, изградени во IV век и обновени и ремоделирани во текот на V–VI век. Пространите базилики се раскошно внатрешно уредени, со богата архитектонска пластика, мозаични подови и ѕидно сликарство. Под комплексот на епископските базилики е откриена првата oikos ekklesias-domus ecclesiae, со монументален влез од западната страна, која служела за богослужење во времето пред верскиот мир. Овој наод е датиран со монета на Gallerus Valerius Maximianus (293–311).

Градот Стоби претрпува три големи несреќи. Во 447 година го напаѓаат Хуните и го ограбуваат, во 479 година нападнат е од остроготскиот војсководец Теодорих, а во 518 година е разорен од катастрофален земјотрес. Cedrenus (стр. 709) нѐ известува за победата на Василие II на една воена посада во Стоби. Во горните слоеви на театарот се констатирани извесни активности во XI век, а источно од Северната базилика се откриени гробови од IX–XII век. Од Стоби се споменуваат голем број на епископи учесници на црквените собири, а имиња на епископи наоѓаме испишани и на мозаичните подови и на декоративната пластика.[19]

## *ЗАПАРА*

Градот Запара се споменува во Хиероклиевиот Синегдемос во провинцијата Macedonia Secunda. Во списокот на V екуменски собор, одржан во Константинопол во 553 година, се споменува „Sebenianus eposcopus Zapparenae

[19] J. Wiseman, *Stobi, Vodič niz antičkiot grad,* T. Veles, 1973; ibid., *Stobi in Yugoslavian Macedonia,* Journal of Field Archaeology, 5, 1978, 391–429; ibid., *Archaeology and History at Stobi, Macedonia, Rome and the Provinces,* ed. Charles B. McClendon, Archaeological Institute of America, New Haven Society, 37–83; ibid., *The City in Macedonia Secunda,* 289–314.

civitatis" како одбива да учествува на соборот поради солидарност со архиепископот Бененат од Justiniana Prima. Со ова ја изразува поддршката на царската политика во Источен Илирик. Двајцата епископи на соборот ги застапува епископот Фока од Стоби.

Името на градот е тракиско. Постои можност градот да биде убициран недалеку од Крупиште на Брегалница, каде што постојат топоними Мал и Голем Сарar, што е блиско со Zppar-Zapara. Ова чека да биде потврдено со понатамошните археолошки откривања.[20]

## *ИМИЊА НА ЕПИСКОПИ ВО СТОБИ, БАРГАЛА И ЗАПАРА*[21]

### *STOBI*

BUDIUS или BUNIUS: Mansi II, 696. Учествувал на Соборот во Никеја одржан во 325 година.

NICOLAUS: Mansi VII, 162. Учествувал на Соборот во Халкедон одржан во 451 година.

PHOCAS: Mansi IX, 174, 191, 192. Секако погрешно Staliensis наместо Stobiensis. Учествувал на V екуменски собор, го заменил архиепископот Бененат од Прима Јустинијана.

IOANNES: M. Le Quien, Orines Christianus II, rep. Graz, 1958, 176. Учествувал на VI екуменски собор одржан во 680 година.

MARGARITUS или MARGARITES: Mansi XI, 993–994. Учествувал на Трулскиот собор одржан во 692 година.

PHILIPPUS: живеел при крајот на IV или почетокот на V век, познат од натпис на надвратникот во Епископската базилика. B. Saria, Neue Funde in der Bischofiskirche во Стоби, JÖAI 28, 1933, 132–133.

EVSTATIUS: живеел при крајот на IV век, познат од натпис на мозаичниот под во Старата епископска базилика. B. Aleksova, The Old Episkopal Basilica at Stobi, AJ, 22–23, 1983, 50–62.

ЕПИСКОПИ: Испишани графити на северниот периметрален ѕид во Старата епископска базилика во Стоби. Откриени во 1985 година.

ANIS EPS

SERAPESU Z

MITRETON EPISKOPS

EPISKOPS ANGEOS

HYRONIT EP

EP EVSTV

[20] Ф. Папазоглу, *Градови,* 247–248; Б. Алексова, *Епископијата на Брегалница,* 75, 76.

[21] B. Aleksova, *Loca Sanctorum Macedoniae,* 83.

LYKIS EP

EPS EVST, во баптисетериумот, конха под горниот слој живопис. Открила Б. Алексова, 1985 година.

*BARGALA*

DARDANIUS: Acata Conciliorum Oecumenicorum, ed. E. Schwartz, II, I, I, p. 64, no. 326. Учествувала на Соборот во Халкедон во 451 година.

HERMIA: живеел при крајот на IV век, познат од натпис на капител од влезниот трибелон во базиликата. B. Aleksova – C. Mango, Bargala: A Preliminary Report, DO Papers 25, Washington, 1971, 265–281.

*ZAPPARA*

SABINIANUS: Mansi IX, p. 199. Одбива да учествува на V екуменски собор во Константинопол, 553 година.




*Слика 1 – Карта на Република Македонија*




*Слика 2 – План на градот Стоби*




*Слика 3 – План на Епископската базилика*




*Слика 5 – План на градоӣ Барӣала*



*Слика 6 – Барīала, йлан на Еūискоūскаūа базилика со друīиūе īрадби*

## БИБЛИОГРАФИЈА
## НА ПРОФ. БЛАГА АЛЕКСОВА


1. *Манастирот во Нерези*, Млад борец, 21. VII 1950.
2. *Археолошки истражувања во Демир Капија*, Нова Македонија, 16. X 195???
3. *Демир Капија*, Весник на Муз. конз. здружение, I, 1953.
4. *Skriveno blago u Demir Kapiji*, Vjesnik, Zagreb, 29 siečanj 1953.
5. *Наоди на средновековни пари во Македонија*, Разгледи 7, 1954.
6. *Два бреста, Тетово, античка населба*, Нова Македонија, 25. IV 1954.
7. *Археолошки истражувања во Тетовско*, Нова Македонија, 27. XII 1954.
8. *Археолошки музеј во Скопје*, Разгледи 9, 1954.
9. *Археолошки наоѓалишта по Тополка*, Гласник на Муз. конз. здружение I, 1954.
10. *Rad Arheološkog muzeja u Skoplju*, Muzeji 9, Zagreb, 1955.
11. *Равен, Гостиварско, античка населба*, Нова Македонија, 30. X 1955.
12. *Еден нов археолошки наод од Скопје*, Разгледи 24, Скопје, 1955.
13. *Наоди на средновековни монети (1921–54)*, Весник на Муз. конз. здружение, 1955.
14. *Еден нов наод од Скопје*, Зборник на Археолошкиот музеј, I, 1956.
15. *Gde je sahranjena Marija Paleplogova*, Anali, Dubrovnik, 1956.
16. *Словенска некропола во Демир Капија*, Нова Македонија, 1. VII 1956.
17. *Работа на словенска археологија во Македонија*, Разгледи 18, 1956.
18. *Богати пронајдоци*, Нова Македонија, 3. VIII 1956.
19. *Наоди од некрополата во Кратово*, Гласник на Институтот за национална историја, I, 1957.
20. *Округли наушници од Демир Капија*, Гласник на Институтот за национална историја, I, 1957.
21. *Словенски некрополи во Македонија*, Нова Македонија, 18. VIII 1957.
22. *Ранословенски накит кај нас*, Нова Македонија, 7. X 1957.
23. *Словенска некропола во Стоби*, Гласник на Институтот за национална историја, I, 1958.
24. *Значајни наоди во Кратово*, Просветена жена, октомври, 1958.
25. *Покривни керамиди од Св. Софија, Охрид*, Зборник на Археолошкиот музеј, II, 1958.

26. *Средновековна Македонија*, Нова Македонија, 2. VIII 1958.
27. *Накиūт кај Словениūте*, Просветена жена, февруари, 1959.
28. *Еден наод од Св. Николе*, Разгледи 6, 1959.
29. *Археолошки наоди од Лазароūоле*, Разгледи 1, 1959.
30. *Демир Каūија – накиūт*, Каталог за изложба, Скопје, 1959.
31. *Средновековни наоѓалишūа во Полозиūе*, Гласник на Институтот за национална историја, 1959.
32. *Oùest enterrée Marie Paléologue*, Archaeologia Jugoslavica 3, 1959.
33. *Анūичко Скуūи*, Нова Македонија, 17. V 1959.
34. *Демир Каūија, археолошки исūражувања*, Нова Македонија, 31. V 1959.
35. *Нов Дојран, археолошки исūражувања*, Нова Македонија, 7. VI 1959.
36. *Рекоīносцирање во Македонија*, Нова Македонија, 14. VI 1959.
37. *Наоди од Шūиūско*, Нова Македонија, 17. VIII 1959.
38. *Нови наоди кај Бардовци*, Нова Македонија, 9. VIII 1959.
39. *Археолошки резулūаūи*, Нова Македонија, 13. I 1960.
40. *Придонес за нашаūа исūориоīрафија*, Нова Македонија, 22. V 1960.
41. *Нови ūодаūоци за црквата Св. Наум*, Нова Македонија, 30. V 1960.
42. *Археолошки словенски īруūи во Јуīославија*, Нова Македонија, 1960.
43. *Осūаūоци од сūариоūт неолиūт*, Нова Македонија, 29. V 1960.
44. *Средновековна керамика од Св. Софија, Охрид*, Гласник на Институтот за национална историја, 1960.
45. *Искоūавања у Новом Дојрану*, Археолошки преглед, 2, 1960.
46. *Искоūувања во Сūоби, 1955*, Зборник на Археолошкиот музеј 3, 1961.
47. *Нов ūиū на наушници во Македонија*, Зборник на Археолошкиот музеј 3, 1961.
48. *Полозиūе – ризница на докуменūи*, Нова Македонија, 23. IV 1961.
49. *Археолошки исūражувања во Македонија*, Нова Македонија, 1. V 1962.
50. *Скоūскаūа ūврдина Кале, археолошки исūражувања*, Нова Македонија, 8. IV 1962.
51. *Археолошка карūа на Македонија*, Нова Македонија, 1962.
52. *Скуūи*, Нова Македонија, 28. IV 1963.
53. *Археолошки искоūувања*, Матица на иселеници, Иселенички календар, 1963.
54. *Оризари, Кочанско, археолошки исūражувања*, Зборник, Штип 3, 1964.
55. *Нови наоди од Шūиūско*, Зборник, Штип 3, 1964.
56. *Археолошки музеј*, Музеи во Скопје, 1964.
57. *Tragedia muzeum Archeologicnego w Skopje*, Z otchlani wiekov, Poznan, 1965.
58. *Монеūи низ векови*, Каталог, Скопје, 1965.
59. *Slovenski arheološki ostatoci*, Warszawa, 1965.
60. *Словенски археолошки наоди*, Матица на иселеници 5, 1966.
61. *Маūеријална кулūура на Словениūе во Македонија*, Словенска писменост, Охрид, 1966.

62. *Просек – Демир Капија*, Скопје–Белград, 1966.
63. *Нови наоди од Скупи*, Стремеж 4, Прилеп, 1966.
64. *Словенски наоди во Македонија*, Историја 1, 1966–67.
65. *Баргала – Брегалница во светлината на новите археолошки истражувања*, Гласник на Институтот за национална историја, 3, 1967.
66. *Откриен е Епископскиот центар во Баргала*, Нова Македонија, 26. VI 1967.
67. *Истражувањата во Баргала*, Вечер, 10. X 1968.
68. *Придонес од истражувањата во Баргала за осветлувањето на историјата на Јужните Словени*, Балканолошки центар, Сараево, 1969.
69. *Баргала*, Нова Македонија, 25. V 1969.
70. *Материјална култура на Словените во Македонија*, Иселенички календар, 1969.
71. *Придонес од истражувањата во Баргала*, МАНУ, 1970.
72. *Археолошки истражувања во Баргала*, Историја 2, 1970.
73. *Bargala: Preliminary report*, DO Papers 25, Washington, D.C., 1971.
74. *Medieval Churches in the Bregalnica Region*, DO Papers, Washington, D.C., 1971.
75. *Археолошки ископувања во Стоби на Симпозиум во Њујорк*, Вечер, 1971.
76. *Баргала – Брегалница*, Семинар за македонски јазик, 1971.
77. *Episkopisches Zentrum Bargala*, Actes du II Inter. Congrès, Athènes, 1972.
78. *Bargala – Bregalnica Bishopric*, Macedonian Review I, 1972.
79. *Св. Петнаесет маченици, Струмица, археолошки истражувања*, Ликовна уметност, 1973 (во соработка со други учесници).
80. *Ранохристијанската базилика во Баргала*, Зборник на Археолошкиот музеј, 1975.
81. *Курбиново, архитектонска пластика*, Охрид, 1976.
82. *The Presbyterium of Episcopal Basilica at Stobi*, Actes des XV Intern. Congres etudes Byzantines, Athènes, 1976.
83. *Bargala – Archaeological Excavations, 1966–1976,* Balcano-Slavica 6, 1976.
84. *Нови истражувања на баптистериумот во Баргала*, Прилеп, 1976.
85. *Крњево, ранохристијанска базилика*, Ликовна уметност, 1974–77.
86. *Баргала – нови археолошки ископувања, 1975–76,* МАА 3, 1977.
87. *Bargala – Archaeological Excavations, 1966–70,* Balcano-Slavica 6, 1977.
88. *Словенска некропола – Крњево*, Зборник на Филолошкиот факултет, 1978.
89. *Стоби – подни мозаици од Епископската базилика*, Материјали 18, 1978.
90. *Баргала – мозаици од Епископската базилика*, Материјали, 1978.
91. *Епископската базилика во Стоби*, Семинар за македонски јазик, 1980.
92. *Bargala – Archaeological Excavation and Research, 1966–1978*, American Journal of Archaeology 84, no. 2, 1980.
93. *Епископска базилика во Стоби, нови податоци*, Семинар за македонски јазик, 1980.
94. *Stobi – Episkopska bazilika u svetlosti novih istraživanja*, Zbornik Gunjača, Zagreb, 1980–81.

95. *The Presbyterium of Episcopal Basilica at Stobi and at Bargala*, Studie of Antiquities of Stobi 3, 1981.
96. *Apsidalniot, centralniot i južniot korab na Episopskata bazilika*, Studie of Antiquities of Stobi 3, 1981.
97. *Severna bazilika – slovenska nekropola*, Studie of Antiquities of Stobi, 1981.
98. *Stobi, Episkopska bazilika i Centralna bazilika so Sinagoga*, Balkano-Slavica, 1981.
99. *Episcopal Basilica at Stobi – Excavations and Researches 1970–81*, XVI Intern. Byzant. Kongres, Acten 8/4, Wien, 1982.
100. *Курбиново – Преспа, архитектонска пластика*, Лихнид 3, 1982–83.
101. *Орман – ранохристијанска базилика*, Зборник на Археолошкиот музеј, 9, 1982–83.
102. *Стоби – Паликура базилика*, Зборник на Филолошкиот факултет, 1983.
103. *Ранохристијански словенски период*, Историја, Штип, 1983.
104. *Стоби – Старата епископска базилика, нови откривања*, МАНУ, 1983.
105. *Крупиште – археолошки истражувања*, Зборник на Археолошкиот музеј, 9, 1983.
106. *Уметничко богатство на Македонија, ранохристијански период*, 1983.
107. *Уметничко богатство на Македонија, Стоби*, 1983.
108. *Југословенска енциклопедија за уметноста:* Ранохристијанска уметност; Архитектура; Сликарство; Мозаици; Живопис, 1983.
109. *Епископска базилика во Стоби – нови археолошки истражувања*, МАА 6, 1983.
110. *The Old Episcopal Basilica at Stobi*, Archaeologia Jugoslavica, 22–23, 1983.
111. *Баргала и средниот тек на реката Брегалница, археолошки истражувања*, Гласник на Институтот за национална историја, 3, 1983.
112. *Крстовидните цркви по Брегалница*, Историја, 1983.
113. *Брегалница словенски црковен центар на Балканот*, МАА 9, 1983–84.
114. *Крстовидната црква од Мородвиз*, Историја, 1984.
115. *Старата епископска базилика во Стоби*, Зборник на Филолошкиот факултет, 1985.
116. *Bregalnica and the Fortification System*, Balcano-Slavica, 1985.
117. *Базиликата во Паликура*, Зборник на Филолошкиот факултет, 1985.
118. *The Early Christian Bazilicas at Stobi*, 33 Corso di cultura sull arte ravennate e byzantina, Ravenna, 1986.
119. *Првите словенски цркви по Брегалница*, МАНУ, 1988.
120. *Брегалница – словенски и црковен центар*, МАА, 1988.
121. *Епископијата на Брегалница*, Прилеп, 1989 (монографија).
122. *Брегалница словенски црковен центар*, МАНУ, 1989.
123. *Северната базилика во Стоби*, Зборник на Филолошкиот факултет, 1989.
124. *The Old Episcopal Basilica at Stobi, 1985*, The 17th International Byzantine Congress, Washington, D.C., 1989.
125. *The Old Episcopal Basilica at Stobi, 1983–1989*, VI меѓународен конгрес на Југоисточна Европа, Софија, 1989, МАНУ, 1989.

126. *The Old Episcopal Basilica at Stobi,* ARMOS, Thessalonike, 1990.

127. *Археолошка карта на Македонија – старохристијанскиот период во Македонија за книга I,* 1990–1991.

128. *Археолошка карта на Македонија – 100 и повеќе обработени локалитети за книга II,* 1990–1991.

129. *Ранохристијанско Стоби,* Зборник посветен на акад. Милутин Гарашанин, Археолошки институт, Белград, 1991.

130. *Словенски накит,* Зборник посветен на д-р Драга Гарашанин, Народен музеј, Белград, 1991.

131. *Водич низ античкиот град Стоби,* Скопје, 1991.

132. *The Old Episcopal Basilica at Stobi,* истражувања 1990, Зборник посветен на д-р Милутин Гарашанин, Археолошки институт, Белград, 1991.

133. *Loca Sanctorum Bregalnicae,* XVIII International Congress of Byzantine Studies, Moscow, 1991.

134. *Loca Sanctorum of Ancient Stobi,* XII Intern. Kongress für Christliche Archäeologie, Bonn, 1991.

135. *Археолошка карта на Македонија – христијанизација на Македонија,* 1990–1995–1997.

136. *Археолошка карта на Македонија – Стоби, Баргала, Коњух, Демир Капија, Струмица, Тетово и др.,* кн. II, 1990–1997.

137. *Пагански остатоци во словенските гробови во Македонија,* 1986–97.

138. *The Old Episcopal Basilica at Stobi,* ARMOS, Thessalonike, 1991–2.

139. *Брегалница – словенски црковен и просветно-културен центар на Балканот,* Климент Охридски, МАНУ, Св. Климент организатор на првата словенска епископија во Македонија, 1995, 143–152.

140. *Антички театар и култот на мартирите,* МАНУ, 1995.

141. *Старохристијански баптистериуми во Македонија,* МАНУ, 1995.

142. *Loca Sanctorum Macedoniae,* Skopje, 1995–96 (монографија).

143. *Св. Наум и христијанизација на Македонија,* Материјали МАНУ, 1995–97.

144. *Early Christian and Slav Episcopal Seat in Macedonia,* Split, 1995–97.

145. *Domus ecclesiae at Stobi,* Tirane, 1995–97.

146. *The First Community Christian House in Macedonia,* Зборник посветен на В. Кондиќ, Белград, 1995–97.

147. *Macedonia Christiana,* 1996–97.

148. *Првиот Меѓуакадемски одбор за Археолошката карта на Македонија,* МАНУ, 1996–97.

149. *Participation in Encyclopedia of Early Christian Art and Archaeology,* N.Y. City, USA.

150. *The Old Episcopal Basilica at Stobi,* 1995, Split, 1996–97.

151. *Loca Sanctorum Macedoniae,* Skopje, 1997 (монографија на англиски).

**ИВАН ДЕЈАНОВ**

*ИВАН ДЕЈАНОВ е роден на 6 јануари 1932 година во Ќустендил, Бугарија. Основно и средно образование завршил во Кочани. Дипломирал на Медицинскиот факултет во Скопје во 1958 година. Во Институтот за патолошка физиологија при Медицинскиот факултет во Скопје, ги добил основните познавања за процесот на коагулацијата и хемостазата и принципите на научна работа. Во 1965 година е прв специјалист по трансфузиологија во Република Македонија. Од 1968 до 1991 година престојувал во повеќе европски и американски центри – во лабораториите за хемостаза и тромбоза, биохемија на протеините и имунобиологија.*

*Ги проучува растројствата на хемостазата (вродени и придобиени), рационалната и оптималната употреба на крвта и крвните деривати, проблемите на сигурна крв, имунолошките растројства како проблем на детската и возрасната патологија, црнодробните метаболични и вирусни заболувања, раните хронични и акутни растројства кај интерните и хируршките болни и др. Прв го докажал и објавил постоењето на антитромбин III дефицит поради абнормална структура и функција на тој протеазен инхибитор. Во странската литература прв го објавил постоењето на деградациони продукти на протромбинот во циркулацијата (докажано со употребата на имунохемиски, електрофоретски и хроматографски методи). Прв соопштил и за постоењето на рецептори за протромбинска молекула на плазма мембраната на клетки. Исто така прв соопштил за синтеза на простациклин од страна на лимфоцитите и можностите за негова употреба во дијагностички и тераписки цели. Вовел и создал голем број производствени и дијагностички методи во областа на хемостазиологијата и молекуларната концентрација на супстанциите кои учествуваат во процесите на хемостазата и тромбозата – имунохемиски методи ЕЛИСА, имуноелектрофореза, вкрстена имуноелектрофореза, разни типови на електрофореза и хроматографија. Развил сопствен оригинален метод за квантитативно определување на активиран протеин С.*

# ЛИЧНОТО, ОПШТЕСТВЕНОТО И ОПШТОЧОВЕЧКОТО ВО РАБОТАТА НА ЛЕКАРОТ

*Посветено на академик Исак Тацер*

## *Хемостазата како примордијален процес*

Во една наша публикација запишавме: „Жизнь начинается физиологическим и обрывается патологическим тромбозом" („Животот започнува со физиолошка и се прекинува со патолошка тромбоза" [1]). Со тоа сакаме да ја означиме и подвлечеме *примордијалната функција* на хемостазата во човековата физиологија и патологија: новороденото го започнува животот со тромбоза на умбиликалните крвни садови, а умирањето на човекот започнува со тромбоза на церебралните крвни садови.

Хемостазата израснува како примордијален процес сврзан со создавањето на животот при појавата на целуларната мембрана. Појавата на целуларната мембрана е првиот чекор во создавањето на животот, делбата на неживото од живото. Од таа првична функција на заштита на живата клетка од неживата средина, процесот на хемостазата ќе израсне во повеќеслоен систем на функции, кои ќе имаат примарна ролја во оркестрирањето на хомеостазата на многуклеточните животни и најсложените виши организми. Активностите на тромбинот, активен ензим со централно место во хемостазата, се најилустративен пример. Овој активен ензим се смета за диригент на оркестарот на клетки кои го подготвуваат одговорот на васкуларната повреда: хемостатска, инфламаторна, пролиферативна и репаративна. Во тој оркестар на клетки учествуваат: тромбоцити, моноцити, неутрофили, лимфоцити, ендотелни клетки, сите други мезенхимални клетки.

Важно е да се подвлече и една друга особеност на тромбинот: тој е архетип на протеаза што лежи во основата на молекуларната еволуција на протеолитичните ензими, преку кои со селективна протеолиза се воспоставува нajраспространетиот и најефикасен механизам на физиолошката регулација. Со каскаден систем на селективна протеолиза и внесена автокаталитична позитивна или негативна функционална спрега се операционализираат бројни физиолошки системи (коагулацијата на крвта, комплемент си-

стемот, фибринолитичниот систем, кининоген – кинин системот и многу други системи) или патолошки системи (инфламација, неогенеза и многу други). Моделот на селективна протеолиза е присутен интрацелуларно и екстрацелуларно (интрацелуларната активација на зимогените, биосинтезата и активацијата на хормоните, регулацијата на посложени биолошки феномени, како што се: формирањето на гамета, прснувањето на фоликул, фертилизацијата, целуларната миграција и туморската инвазивност, морфогенезата и метаморфозата, интрацелуларниот и екстрацелуларниот протеински метаболизам и многу други комплексни процеси и феномени).

Компонентите на хемостазата грубо може да се групираат во две множества: множество на хуморални и множество на целуларни компоненти. Целуларните компоненти на хемостазата филогенетски се постари.

## *Хемостатски биланс*

Хемостатскиот биланс е еквилибриум одржуван од множество носители на функции. Основите на хемостатскиот биланс ги претставуваат односите на ендокриниот и нервниот систем, од една страна, и другите органски системи, од друга страна. Преобразувањето на сигналите во одговор се резултат на функциите од целуларните и хуморалните компоненти на хемостатскиот систем. Тоа е овозможено со интеграција на функциите на органските системи со функциите на целуларните и хуморалните компоненти на хемостатскиот систем.

Интеракциите меѓу целуларните и хуморалните медијатори и нивното учество во хемостатскиот биланс е извонредно комплексен мозаик на односи и функции регулирани локално и системно во органските системи или во микроорганизмот во целост. Врските меѓу системите се одвиваат преку активационите и инхибиторните патишта на процесите. За да се согледа панорамата на собитијата и за да не се изгубат хоризонтите на битното, неопходно е да се анализираат едновремено интеракциите на повеќе системи според нивниот приоритет и хронологијата на појавување. Ниту еден медијатор, ниту еден тип активна супстанца од целуларните и хуморалните компоненти на хемостатскиот биланс немаат индивидуално дејство in vivo. Нивното дејство е координирано во состав на хронологијата и динамиката на собитијата. In vivo се следи приоритетот и релевантноста, логиката и логистиката на хемостатскиот биланс. Програмата и статусот на хемостатскиот биланс, временски варијабилни и определувани од целуларните и хуморалните компоненти, постојано се манифестираат во друга форма, форма на позитивен хемостатски биланс (отсуство на системна реакција и болест) и форма на негативен хемостатски биланс (присуство на системна реакција и болест).

Во програмата и статусот на хемостатскиот биланс, одделните, индивидуални компоненти, фактори и медијатори се претставувани од зборовите на речениците и симболите со кои е напишана програмата и статусот на хемостатскиот биланс. Логистиката на поставувањето на зборовите во

речениците и симболите ја определуваат природата на повредата и патолошкиот процес. Само генетските дефекти на хемостазата имаат примарно еднонасочна реакција. Другите растројства на хемостазата имаат множество можни определби на насоките по кои се одвиваат патолошките процеси. Поради тоа, толкувањето на хемостатските растројства претставува тежок клинички предизвик.

Во приказот на хемостатскиот биланс се прикажани, глобално, извонредно комплексниот мозаик на функции, активности и интеракции, за да се илустрира несомнениот идентитет на хемостазата како најверојатен и најсоодветен примордијален образец на хомеостазата. Хемостазата е филогенетски најстарата, примордијална основа преку која се реализира координацијата на одговорот на клетката на повреда, предизвикана од промени во надворешната или во внатрешната средина на клетката.

## *Хемостазата и патологијата на човекот*

Под хемостатски растројства најчесто се подразбираат хеморагиите и тромбозите. Множество на заболувања се поврзани со активирање на хемостазата. „Термин *тромботическая болезнь* не является синонимом термина *тромбоз*. Тромботическая болезнь – ключ, открывающий двери к тромбогенезу другим факторам риска возниковения тромбозов“ [2]. Тромботичната болест, според нашите сегашни неполни знаења, многукратно е поретка како генетски условена патолошка состојба, отколку како придобиена форма на тромботичната болест: атеросклероза, шеќерен дијабет, малигни неоплазми, тромбози при употреба на орални контрацептивни средства, постоперативни состојби, изгоретини, крвозагуби и шокови состојби, инфекции и сепси, болести на црниот дроб. Тромботичната болест клинички се манифестира како венска тромбоза или артеријални промени како последица на тромботични процеси. Артеријалните промени се појавуваат во состав на еволуцијата на одделни клинички ентитети, како што е на пример коронарната болест.

Дисеминираната интраваскуларна коагулација е претставена како интермедијарен механизам на болест при множество на клинички синдроми [3]: *интраваскуларна хемолиза* (инкомпатибилна трансфузија на крв, пароксизмална ноќна хемоглобинурија, маларија, фавизам, дрепаноцитоза, пароксизмална ладна хемоглобинурија, придобиени хемолитични анемии, тромбохемолитична тромбоцитопенична пурпура), *ткивни екстракти или клетки во циркулацијата* (карцином, хидатиформна мола, екстракорпорална циркулација), *бактеријален ендотоксин во циркулацијата* (трансфузија на бактеријално контаминирана крв, менингококцемија, инфантилна дијареја, септичен абортус, колера, пиодермија), *антиген – антитело комплекси* (јатроген ендотоксичен шок, локална и генерализирана Shwartzam-ова реакција, Arthus-ов феномен при човек), *хемиски и физички агенси* (протеолитични ензими – акутен хеморагичен панкреатит, интравенозен трипеин, змиски отрови; честички – емболизам од амниотична течност, лајшманиоза; акутен фатален

хиперпаратиреоидизам, електрична струја), *аноксија – аноксемија* (локална аноксија – Crush синдром, интусусцепција, епинефрин и норепинефрин, ерготизам; аноксемија – cardiac arrest), *ендотелна повреда* (вируси – варичела, вариола, вакцинија; рикециоза, тифус, гигантски хемангиом, топлотен удар), *фибринолитичен инхибитор* (спонтана болест, епсилон аминокапроична киселина), *тромбоцитемија* (polycythaemia rubra vera, thrombocythaemia haemorrhagica, миелогена леукемија), *непозната етиологија* (еклампсија, предвремено одлепување на плацентата, епидемична хеморагична треска).

Шокот е прикажан како непосредна последица од растројствата на хемостазата [4].

Тромбозата е стожерот на сите патолошки растројства во крвоносното корито (венско, капиларно, артеријално). Огромниот морбидитет и морталитет поврзан со тромбозата ѝ дава на тромбозата првенствено место во патологијата на човекот. Проблемот на тромбозата добива сè поголема актуелност и поради постојаниот битен пораст на тромбоемболичните компликации и поради сè побројните тромботични заболувања кај човекот во денешно време [5, 6].

Воспоставувањето на тромботично заболување е знак за сломот на антитромботичниот потенцијал на крвоносното корито. Сломот на механизмите со кои се одржува антитромботичниот потенцијал е резултат на повредата на физиолошкиот или анатомскиот интегритет на крвоносното корито.

Системното проучување на тромбозата како неразделен дел од народната патологија постојано расте. Уште во 1956 година, коагулационата лабораторија на *Paul Owren* прерасна во *University Institute for Thrombosis Research на Универзитетот во Осло.* По примерот од Осло, подоцна се формираа специјализирани центри за испитување на тромбозата во *САД (Specialized Centers for Thrombosis Research).* Во 1975 година *Здравствената служба на Шпанија,* официјално воведе во сите болници, одделни единици за тромбоза (*Thrombosis Units*), *со цел да се проучува тромбозата целосно (епидемиологија, дијагностика, етиопатогенеза, терапија)* [7]. Во *Републичкиот завод за трансфузиологија во Скопје* од 1960 година проблемите на хемостазата и тромбозата се проучувани во едно одделение, подоцна (во 1968 година) именувано како *Одделение за тромбоза и хемостаза.* Формирани се поголем број здруженија за проучување на хемостазата и тромбозата: *International Society on Thrombosis and Haemostasis, European Society on Thrombosis and Haemostasis, Liga Mediterranea frente a las Enfermedades Tromboembolicas* и други.

Голем број монографии, посветени на проблемите на хемостазата и тромбозата, се издадени и преиздадени, од кои наведуваме само некои [8–25].

Растројствата на хемостазата, особено тромботичните процеси, се благодарна област за превентивната медицина и една од ретките области во кои може да се приложуваат на клинички план, широко и безопасно, како методите на превенцијата така и оние на профилаксата.

## *Работата на Одделението за хемостаза и тромбоза*

Одделението за хемостаза и тромбоза при Републичкиот завод за трансфузиологија има четири групи на задачи:

– анализа на болни со растројства на хемостазата (хеморагични и тромботични);

– производствени активности;

– научни задачи;

– образовни задачи.

Одделението извршува годишно околу 100.000 анализи за испитување на хемостазата.

Испитуваните болни се од клиниките на Медицинскиот факултет, годишно околу 6.000 лица, Здравствениот дом и Градската болница – околу 2.000 лица, од внатрешноста – околу 1.000 лица. Бројот на испитаните болни од внатрешноста е мал, бидејќи тие болни се испитуваат и лекуваат во создадената мрежа на одделенија за хемостаза и тромбоза во медицинските центри низ Републиката. Кадарот на тие одделенија е обучен во Одделението за хемостаза и тромбоза при Републичкиот завод за трансфузиологија; лабораториите на одделенијата се снабдуваат со неопходните реактиви од Одделението на Заводот. Одделението годишно произведува хуман 5.000 ml тромбин (со концентрација од најмалку 500 NIH единици/ml), 6.000 ml хуман тромбопластин, 10.000 тромботест китови, монодефицитни плазми за одреден коагулационен фактор, тест китови ЕЛИСА за коагулационите фактори и инхибитори, хуман и бовин фибриноген, тест китови за фибринолиза. Некои производи имаат и терапевтска употреба (тромбин, препарати за лекување на васкуларно условени улцери, силни инфламаторни процеси на варикозен или артеријално дефицитен терен).

Немал дел од апаратурата се произведува во соработка со производители од Скопје според проекти и помош од Одделението (водени бањи со прецизна регулација на температурата, магнетни и други мешалки, агрегометар/коагулометар, апаратура за електрофореза и хроматографија).

Во периодот 1960–1992 година докажани се наследни хемостатски растројства од хеморагичен тип кај вкупно 364 болни. Анализата на резултатите од Одделението покажува дека тоа работи со видно зголемена хемостатска будност и ефикасност: докажани се пропорционално (според бројот на населението во Македонија) многу поголем број на вродени дефицити на коагулационите фактори отколку што се евидентирани во светската литература, за фактор V – осумдесет пати повеќе (6 болни, во светот евидентирани 150 болни), комбиниран дефицит на фактор V и фактор VIII – сто триесет и осум пати повеќе (6 болни, во светот евидентирани 87 болни), за фактор VII – шеесет и седум пати повеќе (5 болни, во светот евидентирани 150 болни) [26].

Најчесто докажани придобиени растројства на хемостазата се тромбоцитопатијата и тромбофилијата, по нив следат К-витамин дефицит, дисе-

минираната интраваскуларна коагулација, тромбоцитопенијата, хепаталниот хемостатски дефицит, хиперфибринолизата.

Вршено е разграничување на хемостатските растројства кои се во состав на основното заболување и оние кои се предизвикани од употребата на одделни терапевтски постапки и одредени лекарства.

## *Личното во работата на лекарот*

Хемостатските растројства се силен предизвик на лично моралното и општочовечко вечното во работата на лекарот.

Најголемата и најсилна индустрија во светот е здружената медицинска и фармацевтска индустрија. Оваа индустрија прогресивно ангажира сè поголем дел од националниот приход на секоја земја.

Лекарот е учител. Учен да стане учител на сите возрасти. Но многу мал број лекари остануваат учители за сите. Модерниот образовен систем ќе направи лекарот-учител да биде сè помалку присутен во секојдневната практика. Убедувањето дека доброто познавање само на одредена област од медицината е и сигурна гаранција за квалитетна помош на болните станува сè попризнато, притоа се губи од предвид неделивоста на основите врз кои почива медицинската наука и искуство. Со тоа се стигнува до состојбата лекарот сè повеќе да ги внесува во својата работа своите желби отколку своите можности за да му помогне на болниот човек. Така многу споредни проблеми ќе станат приоритетни и ќе бидат ангажирани огромни средства и кадар. За жал, тоа е цената што се плаќа на здружената медицинска и фармацевтска индустрија, на која ѝ е потребна елитистичката медицина за создавање на профит. Медицинските насушни проблеми кои не може да создаваат огромен профит, ќе останат заборавани, повеќе или помалку. За нив тешко или никако не се создаваат нови и слободни простори.

Една од непреодните стапици е создадената атмосфера лекарот, учителот да учествува во маратонот „publishing and/or perishing". Во маратонот се натпреваруваат неспоредбено побројните заблуди на човекот отколку неговите откритија на вистината. Медицината не создава, таа само открива [31]. И повторно резултатите ќе бидат погубни за лекарот и за неговите болни. Силата на капиталот ќе ги принудува лекарите да ги премолчуваат бездните на медицинскиот прогрес. Во нив спаѓаат артефицијалното срце, вакцинацијата против грипот, употребата на некои синтетички форми на естроген за спречување на абортусот и многу други [27]. Отсекогаш, за здравјето на човекот во даден период, материјалните средства и енергијата кои биле на располагање биле ограничени и помали отколку што се потребни, а предрасудите и заблудите се покажувале во секој период безгранично бројни.

Дилемата откажување од заблудите и избор на вистината се разрешува многу споро. Најчесто дилемата се решава во полза на заблудата. Денес човештвото се наоѓа, како никогаш досега, пред дилемата како да ги отстрани опасностите што му ги донесе прогресот: *милитаризам, опасност*

*од термонуклеарно уништување, еколошко истребување на човековиот род, глад и болести, неконтролирана демографска експлозија, дехуманизација, геноцид, догматска митологизација, информациона индоктринација, научна схоластика и формализам, неконтролирана доверба и религиозна почит кон информационата експлозија со која сѐ повеќе се заглушува гласот на вистината.*

Дали судбината на диносаурусите се заканува да стане и судбина на човештвото? Односот на тежината на мозокот во однос на телесната тежина на човекот е 2 : 75 или 1 : 37,5. Кај диносаурусите тој однос бил повеќе од 1 : 1.000. Денес човекот има милијарди пати поголема моќ за разрушување од онаа на неговата сопствена физичка сила. Со постигнатиот напредок, тој, ако не денес, може уште утре да ја (зло)употреби таквата големина на моќ што е во состојба да ја разнесе планетата земја. Една таква опасност од акумулативен тип е несомнено присутна. Нарушениот еколошки биланс сѐ уште останува без суштествена можност за регулација. Глобалниот еколошки биланс треба да биде во корелација со факторите на рационалноста и оптималноста кои едновремено придонесуваат за унапредување на природата и на здравјето на човекот. Дали ја имаме таа корелација? Човекот сѐ повеќе губи чекор со времето и потребите. Се ближи глобалниот хаос на приоритетите. Денес, на пример, во медицинската литература, радиото, телевизијата и печатот за СИДА-та се посветува 800 пати поголем информационен простор отколку за сообраќајните несреќи и 2.000 пати поголем од оној за алкохолизмот. И сообраќајните несреќи и алкохолизмот се полесни за решавање и решливи, отколку СИДА-та. Човековите животи кои можеле да се спасат доколку вниманието и средствата се насочеа кон решавање на алкохолизмот и сообраќајните несреќи, се загубени. Алкохолизмот може и да се спречува и да се лекува. СИДА-та може да се спречува, но не може да се лекува.

Од прогресот на медицината не е задоволен ни болниот ни лекарот. Лекарот поради тоа што ги нема никогаш сите потребни можности, некаде некои имаат поголеми можности болниот поради тоа што сѐ повеќе е оддалечен од лекарот; меѓу нив (лекарот и болниот), се испречуваат аналитичките инструменти и машини, дијагностичките постапки (кои може да траат со денови). Болниот станува сѐ помалку личност, тој е сѐ повеќе третиран како објект и број. Со болниот се разговара многу малку или воопшто. И не е парадоксално што болниот станува лекар. Тој доаѓа кај лекарот да му се препишат лекарствата што тој ги сака, или сам си ги купува од аптеките. Организацијата на здравствената служба сето тоа лесно го овозможува. Се раскинува светата и божествена врска на милосрдието лекар–болен. Се лекува болеста а не и страдањата на болниот. Секој болен, освен ако не е монозиготен близнак, е единствен по својот морфолошки и функционален полиморфизам. Само индивидуализацијата на секој болен на дијагностички и терапевтски план ќе може да придонесе да се намалат страдањата на болниот и тој да биде излекуван. За тоа лекарот има сѐ помалку време, волја и простор.

Никој не го одрекнува приоритетот на примарната здравствена заштита. Но за неа има секогаш помалку средства, а лекарот има сè помалку волја да остане во неа.

Со сегашната состојба на здравството во светот и кај нас, во прв ред, не е задоволен лекарот. Се заборава дека отсекогаш меѓу лекарите имало такви кои го почитувале здравјето и животот на болниот, како највисок етички императив во својата секојдневна работа и такви кои го ценеле во прв ред џебот на болниот. Отсекогаш во светот некои го почитувале законот и се покорувале на внатрешниот глас на својот морален интегритет и други на кои тој интегритет не им значел ништо.

Сказната за милосрдниот Самарјанин запишана веќе пред два милениуми зборува најубаво за тоа: „...Го праша Исуса: А кој е мојот ближен? Исус му одговори, велејќи му: Еден човек, слегувајќи од Ерусалим во Ерихон, налета на разбојници кои го соблекоа и го ранија, го оставија полумртов и си отидоа. А случајно по истиот пат слегуваше еден свештеник и кога го виде, го одмина. Исто така и еден левит, кога дојде таму и кога го виде, го одмина. А еден патник, Самарјанин, дојде до него, и кога го виде, се сожали. Му се приближи, му ги полеа раните со масло и вино и му ги преврза; потоа го качи на своето добиче, го однесе во гостилницата и се погрижи за него. Утредента извади два денари, му ги даде на гостилничарот и му рече: Погрижи се за него, а ако потрошиш повеќе, ќе ти платам на враќање.“ (Евангелие според Лука) [28]. Дали свештеникот не знаел кои се неговите морални обврски кон својот ближен? Или левитот кој секој ден во богослужението слуша за тоа? Милосрдниот Самарјанин немал ни такво образование, ни такво искуство, но имаше нешто што другите двајца го немаа, внатрешниот глас на својот морален интегритет и обврска кон својот ближен. Денес сите зборуваат за мито и корупција на лекарите, на радио и телевизија, дома и на улица, се пишува во печатот. Лично верувам дека поголем е бројот на лекарите кои го имаат достоинството на милосрдниот Самарјанин. Можеби е важно да потсетиме на фактот што евангелистот Лука бил лекар. Но тие се помалку признати. Нашата Мајка Тереза во својата беседа (1979) при добивањето на Нобеловата награда најдобро ќе го истакне тоа со зборовите: „...Најтешката болест денес не се лепрата или туберкулозата, тоа е чувството да не си сакан, да си оставен без помош и напуштен од сите“ [29]. На напуштените од сите, со својата исцелителна моќ, им служеа Исус Христос, светите лица, Мајка Тереза и лекарите со незгаснатиот огин на љубовта кон својот ближен.

Лекарот е изложен на огромен притисок од најмоќната индустрија, здружената медицинска и фармацевтска индустрија. Нему му се ограничуваат можностите да го лекува болниот. На милосрдните и способните лекари не им се даваат можности да ја унапредуваат медицинската практика. Тие многу тешко или никако не се во состојба да го сторат тоа во својата средина. Најголем број од доктрините се засновани на споредни приоритети, нема мерки со кои едновремено би се вреднувале квалитетот на терапевтските ефекти и моралното однесување на оние кои ги создаваат. Врската меѓу ле-

карот и болниот станува сè послаба. Над неа постојано притискаат силите на *индустријата и администрацијата, со тоа и на елитата на општеството. Таа света, божествена врска на милосрдието и љубовта лекар-болен, индустријата и администрацијата сè повеќе настојува да ја сведе само на пазарна вредност, профит. А личната и секојдневна работа на лекарот е огледало на моралното величие на општеството.* Тоа започнува уште со определбата да се пристапи кон професијата лекар. Етиката не може да се учи на факултет од лекциите. Дејството на лекциите е несигурно и краткотрајно. Лекарот терапевт и учител тоа го прикажува со примерот од својот сопствен живот. За тоа има бројни легендарни примери. Еден од нив е примерот со доктор Janusz Korczak (1878–1942).

Janusz Korczak е литературен псевдоним на полскиот лекар Henryk Goldszmit, инаку познат од полското радио како Mr. Rogers. Пред сто години (1898) се запиша на Медицинскиот факултет во Варшава и дипломира во 1904 година. Специјализира педијатрија и се усовршува во Берлин, Париз и Лондон. Работи како лекар со децата на сиромасите од варшавскиот кварт. Управува со едно сиропиталиште, изградува еврејски „Дом за сиромаси" во Варшава. Како лекар се грижи за ранетите во Руско-јапонската војна (1904–1906) и во Првата светска војна (1914–1918). Подига и раководи сиропиталиште за полски деца (1919) „Наш дом". Напишува поголем број романи и драми. Најголемо внимание посветува на воспитанието на децата, пишува педагошки книги, води емисија за деца на Полското радио и уредува неделен прилог за деца „Мал преглед" во полско-еврејскиот весник „Наш преглед". Станува најпрочуениот бранител на правата на децата во Полска. Централна фигура во Korczak-овите книги за деца е милосрдниот јунак King Matt, хероично дете-цар, кое се бори да направи реформи за доброто на својот народ. Тежиштето на целокупната негова работа беше сиропиталиштето „Наш дом", со кое раководеше. Кога се формира Варшавското гето (1940 година), сиропиталиштето беше преместено во пренаселените квартови на Варшава. „Стариот доктор", Janusz Korczak, правеше сè неговите сираци да имаат облека, храна и лекови. Безброј негови пријатели и познати попусто се обидуваа да го убедат да пребегне во ариевскиот дел на Варшава. Дојде и злокобниот шести август 1942 година. Нацистите се нафрлија врз детските институции во гетото. И тогаш Janusz Korczak ги построи своите сираци во четири колони. Застана на чело на колоните, држејќи за рака по едно дете од двете страни. Едно од децата го носеше знамето на King Matt, Давидовата ѕвезда на едната страна на знамето и бело поле на другата. Маршираа колоните на сираците меѓу илјадниците луѓе. Немаше плачење и пискотници како порано, кога луѓето беа принудувани да се качат во вагоните. Владееше потполен молк. Janusz Korczak остана со своите деца до крај. Заедно сите беа отруени со гас во логорот Треблинка. Сто деведесет и две сирачиња и десет возрасни.

За целиот свој животен век како лекар (1904–1942), 38 години, Janusz Korczak работеше за сиромашните, за заборавените и напуштени сирачиња, се бореше за правата на децата, за нивните права за подобар живот и љубов. Неговиот главен јунак King Matt беше олицетворение на милосрдието, не-

што што треба сите возрасни лица во општеството да прифатат од децата. Тој се залагаше за тоа во што веруваше. Можеби неговата верба најдобро ќе ја искаже еден друг полски лекар, Алберт Сејбин (Albert Sabin), пронаоѓач на вакцината против детската парализа. Тој не го патентира своето откритие. Одби секаква парична заработувачка. Продолжи да живее само со скромната плата на универзитетски професор. И објаснуваше: „...Не сакав во никој случај мојот прилог за подобар живот на човештвото да биде платен со пари. Секогаш се потсетував на зборовите на мојот учител, кој често повторуваше една поговорка од руска книга: Не барај награда, бидејќи за неа го имаш најголемиот надоместок – радоста на чесниот човек." Лекарот Albert Sabin не веруваше во трајноста на резултатите од насилството и моќта, парите и профитот. Веруваше во силата на љубовта и милосрдието и постојано повторуваше: „...Најмоќен човек е оној кој успева од својот непријател да направи свој брат" [30].

Би требало да се повторува: поведението на лекарот треба да е неговата доживотна потврда на верност кон врската на љубовта и милосрдието, а не кон декларациите. Никогаш декларациите не значеле сигурност. Само поведението може да го покаже степенот на сигурноста. За жал, сите ученици, со ретки исклучоци понекогаш, имаат оценка: поведение одлично. Во современиот образовен систем поведението, како продукт на воспитанието, е заборавена обврска, иако знаењето без воспитание може да предизвика монструозно поведение.

Таа оддаденост кон врската на љубовта и милосрдието ќе биде светото начело врз кое ќе тече животот на еден друг лекар, Алберт Швајцер (Albert Schweitzer) (1875–1965): лекар, научник, филозоф, теолог, органист, врвен мајстор за изградба на оргули, ненадминат биограф на Bach. Французин, роден во Алзас, во делот кој бил под Германија. Изгради своја болница во 1913 година, во Ламбарене, Република Габон. Доби Нобелова награда за мир во 1965 година. Тоа свето начело тој ќе го дефинира со исказот: „...*Јас никогаш никого не сум исфрлил од својата куќа, а мојата куќа беше болни*цата. Никој не е во состојба да види што е во срцето на другите луѓе, а можеби токму тој кого го одбивате – да е човекот на кого сте му најповеќе потребни и вие сте му единствената надеж".

Ниту Janusz Korczak, ниту Albert Sabin, ниту Albert Schweitzer не веруваа во безгрешната величественост и моќ на профитот и парите. Парите никогаш не беа нивниот приоритет. За нив болниот беше најсиромашниот човек на светот, кој не може своето загубено здравје да го купи со пари. Материјалните добра ги носи и троши времето, вредностите во кои веруваат милосрдните лекари се вечни. Тие се она непобедливо орудие во личното на лекарот и неговата работа, со кое тој се бори во својата средина, која постојано наложува други *краткотрајни и преодни вредности*. Вредностите во кои веруваат милосрдните лекари треба да се почитуваат од човекот ако тој сака да го преживее натрупаниот апсурден баласт на прогресот.

Прокламираната цел „здравје за сите" на Регионалната канцеларија за Европа на Светската здравствена организација (СЗО) во Копенхаген пре-

расна во моќно општествено здравствено движење во регионот. Досегашниот регионален директор за Европа на СЗО, Je Asvall, ќе го објасни тоа со промените предизвикани со новите идеи и ентузијазам: „...*Зошто е тоа така? Здравје за сите не беше наметнато со закони и регулации, ниту ги привлекуваше државите, институциите или групите со финансиски стимули. Тоа успеа единствено затоа што се покажа дека неговите идеи се чувствителни, практични и, пред сè, способни да го инспирираат народот да размисли повторно, да преземе нови иницијативи и да работи заедно на новите патишта*".

*Како ќе ги разберете и прифатите од тоа становиште современите реформи во здравството во нашата земја, за кои претстои закон и бројни регулативни акти?*

*Секој лекар кој верува во врската на милосрдието и љубовта ја следи Молитвата на мајка Тереза: „Човекот е неразбирлив, нелогичен и себичен. НЕ Е ВАЖНО, САКАЈ ГО! Ако правиш добро, тоа ќе го припишат на твоите себични цели. НЕ Е ВАЖНО, ПРАВИ ДОБРО! Ако ги оствариш своите цели, ќе најдеш лажни пријатели и искрени непријатели. НЕ Е ВАЖНО, ОСТВАРУВАЈ ГИ СВОИТЕ ЦЕЛИ! Доброто што го правиш, утре ќе биде заборавено. НЕ Е ВАЖНО, БИДИ ИСКРЕН! Чесноста и искреноста ќе те направат ранлив. НЕ Е ВАЖНО, СОЗДАВАЈ! Ако им помагаш на луѓето, можеш лошо да поминеш. НЕ Е ВАЖНО, ПОМАГАЈ ИМ! На светот му го даваш најдоброто од себе, тој ќе ти возврати со удари. НЕ Е ВАЖНО, ДАВАЈ ГО НАЈДОБРОТО ОД СЕБЕ!*" [32].

## *Општественото и општочовечкото во работата на лекарот*

Jean Bernard ги распределува критиките на општествените димензии на работата на лекарот во пет категории: критика на револуционерот, на конзервативецот, на лекарот Balint, на фарисејот и на социологот [31]. Неопходна е ефикасна соработка, бидејќи лекарите сами не можат да ги извршат своите задачи. Нужно се наложува интимната соработка меѓу лекарите и населението за да би се осознале сите опасности на кои е изложен човекот од страна на индустријата, како и на индустријата на исхраната и лековите. Многу рано, пред да дадат благослов политичарите да се зборува за опасностите по здравјето и опстанокот на човекот, кои се предизвикани од работата на индустриите, лекарите обрнаа внимание на општеството за присутните опасности (оние кои предизвикуваат еколошка катастрофа, оние сврзани со производството на неквалитетна храна и лекови од страна на индустријата, последиците од моќните финансиски интереси на фармацевтската и медицинската индустрија).

Пред да се започне со медицинските студии, според Jean Bernard, идниот студент треба да полага два испита на зрелост, еден по математика и еден по филозофија.

На паметникот на славниот руски хирург Николај Иванович Пирогов (1810–1881) на сите четири страни стојат напишани негови мисли. На предната страна на паметникот стои неговата благодарност што е прогласен за почесен граѓанин на Москва. На задната страна е следната мисла: „Дури и да сакаме од сè срце да добиеме вистински специјалисти, не смееме да заборавиме дека и за тоа е неопходно општочовечко образование". На десната страна стои мислата: „Си го поставив правилото при мојот прв настап на катедрата да не кријам ништо од своите ученици, и ако не сега, тогаш покасно, да не се двоумам да ја откривам пред нив направената од мене грешка, било таа да е во дијагнозата или во лекувањето на болеста". На левата страна е последната негова мисла: „Не треба да се одвојува образовното од научното на универзитетот, но научното и без учебното сепак свети и грее, а учебното без научното – колку и да е примамлива неговата надворешност – само блеска".

Според Пирогов, сто години покасно, до истиот заклучок доаѓа и Jean Bernard – без општочовечко образование и научно искуство, без искрениот пристап кон учениците, невозможно е да се создадат вистински лекари и лекари специјалисти.

Во врска со мислата на Пирогов за односот на образовното и научното, делото на Alfred Nobel (1833–1896), пронаоѓач, основоположник на Нобеловата фондација, е најдобар пример. Замолен од Универзитетот во Упсала, во 1893 година, при доделувањето на титулата почесен доктор по филозофија, тој ја напишал следната кратка автобиографија: „Потпишаниот е роден на 21 октомври 1833 година; своите знаења ги добил со приватно образование и не поминал без ниту една висока школа; се занимавал особено со областа на применетата хемија, развивајќи експлозиви кои се познати под името динамит, праскава гума и бездимен барут („балистит" и „С 89"). Од 1884 година е член на Шведската кралска академија на науките, потоа член на Royal Institution во Лондон и Societe des Ingenieurs во Париз. Од 1880 година е витез на Орденот на северната ѕвезда. Има офицерски чин Легија на честа. Објавил само едно предавање на англиски јазик, кое е наградено со сребрен медал" [33]. Отворена е можноста за повеќе коментари во врска со образованието, членувањето во највисоките научни институции, награди, признанија и објавување на трудови и соопштенија. Наведените податоци во автобиографијата се јасни сами по себе и не им е потребен коментар.

Хипократ (460–380/370/377) отсуството на соодветен развиток на теоретските и клинички дисциплини, недоволното ниво на егзактните науки, почетоците само на физиката, астрономијата, математиката и геометријата, го пополнувал со своето длабоко филозофско размислување. И за тој свој метод на биолошко испитување ќе истакне: „Лекарот филозоф е еднаков на боговите. Нема никаква разлика меѓу филозофијата и медицината" [34].

Клаудиј Гален (роден околу 129 година п.н.е.), еден од најзнаменитите и најобразованите лекари на своето време, прво учел филозофија а воедно и медицина. И тој како и Хипократ сметал дека лекарот треба да ја познава филозофијата [35].

*Филозофијата ќе го воздигне, истакне и насочи општочовечкото во образованието и работата на лекарот.*

Образовните системи во Централна и Источна Европа и во некои држави на Запад, во постдипломското образование ќе внесат модели, кои во Централна и Источна Европа и денес сè уште се сметаат како гаранција за квалитет. Книгата Harrison's principles of Internal Medicine [36] е напишана од 280 соработници, меѓу кои само 20 (7,14%) се доктори на науки. Таа книга се смета за најквалитетен учебник по интерна медицина во САД. Во САД практиката врши ревизија на формалните концепции во образовните системи, во Централна и Источна Европа остануваат неревидирани старите концепции на образовните системи. Примерот со Алфред Нобел покажува како креативното со индивидуален тип на приватно образование може да го најде својот величествен пат. Резултатите од непродуктивниот образовен систем, несоодветната организација и невозможните реформи во здравството може да бидат катастрофални. Во својата статија, едиториал „Why Health Care Reform Was and Still is Impossible", Neil Kurtzman (1995) пишува [37]: *„Секоја година ние развиваме нови технологии, кои имаат маргинално влијание врз грижата за болниот, но кои многу ги зголемуваат трошоците. На пример, наместо да направиме физикален преглед и лумбална пункција, ние правиме физикален преглед и компјутеризирана томографија на главата. Понекогаш ние правиме и слика на магнетната резонанција на главата, покрај компјутеризираната томографија. Ако Вие правите доста од тие постапки, згрижувањето на болниот ќе* биде подобро, но многу малку и со огромни трошоци. *Медицината е преполна со примери за скапи маргинални технологии". И како последици од тие скапи маргинални технологии и лошо поставените стандарди во згрижувањето на болните, Neil Kurtzman ја оцртува мрачната визија: „Со сегашното темпо на поскапување, медицинските трошоци ќе опфатат 100% од вкупниот национален приход пред средината на следното столетие".*

*За креаторите на новите технологии Jean Bernard го има следното мислење: „...Ете ги, мислите, жените и мажите, ценети, високо достојни и понекогаш за восхит. Но не, вашата мисла е илузија, голема грешка. Тие жени, тие мажи се педантни и организирани творци на медицинската моќ, членови на мафија која подолго време се спротивставува на човештвото и набргу ќе завладее"* [31].

За првпат востановена во 1955 година, наградата „13 Ноември" е доделена на една медицинска организација во 1972 година. Не е доделувана во 1982 и 1983, 1991–1993. За кадарот вработен на институтите и клиниките на Медицинскиот факултет нема организирана здравствена служба, нема амбуланта и аптека, нема редовни систематски прегледи на персоналот. Пред повеќе од три години е актуализиран тој проблем, решение нема. За жал, здравствениот персонал, врвни лекари, умираат од нераспознаена болест или многу касно, во терминален стадиум, распознаена болест. Елитистичките приоритети на администрацијата и професионалните лекарски здруженија непрекинато го земаат тој скап данок на човечки животи.

Излагањето за неправдите кон човекот би требало да го завршиме со зборовите на францускиот филозоф, моралист и писател, Жилиен Бенда (1927 ): „...Еднаш Толстој раскажувал случка од времето кога бил офицер; на маршот видел некој од колегите како удира по војникот што излегол од стројот, и тогаш му рекол: Нели ви е срам така да постапувате со ваш близок? Се чини, не сте го прочитале Евангелието? На тоа тој му одговорил: А вие, се чини не сте ги прочитале правилата на службата? Ваквиот одговор е она што секогаш ќе ја привлече световната власт која сака да управува со духовната. Ми се чини многу мудар. Оние што ги водат луѓето кон напредок треба само праведливо и милосрдно да постапуваат. Сепак, мислам дека е значајно што постојат луѓе, дури иако изложени на потсмев, кои ги повикуваат своите блиски да побараат и други вери, а не да веруваат единствено во световната власт. Зашто, оние на коишто им е доделена таа ролја, а нив ги викам интелектуалци, не само што не ја прифаќаат повеќе, туку ја играат спротивната. Мнозинството од моралистите, чиј глас веќе педесет години се слуша низ Европа, одделно писателите во Франција, ги повикуваат луѓето да му се потсмеваат на Евангелието и да ги читаат војничките правила" [38].

Резултатите од читањето на војничките правила ги донесе свирепостите на Втората светска војна: гореше земјата и изгореа градовите Хирошима и Нагасаки, гореа библиотеките и книгите по плоштадите, гореа милиони невини луѓе во логорите на смртта, чадот на изгорените човечки тела го затемни небото, немаше сонце и ѕвезди, остана само вистината за војничките правила кои никогаш не му носат напредок на човештвото.

Науката останува и понатаму роб во рацете на хегемонизмот и милитаризмот. Наместо инструменти за спасување на човекот и природата, таа создава орудија за уништување на човекот и природата. За тоа се ангажирани финансиски средства кои повеќе стотици пати ги надминуваат оние наменети за помош на човекот и природата.

Приказите на воени снимки од Втората светска војна, од бојните полиња по целиот свет, ги предаваат ужасите на војната, умирањата на невините, како сведоци на смртта. Снимателите и лекарите-сведоци на страдањата на војниците, на нивните претсмртни маки и агонија, непрекинато го будат стравот од нечовечното.

Судбината на Одисеј е аналогна со судбината на лекарот. Како и Одисеј и лекарот навлегува во царството на мртвите, соочувајќи се во својата работа постојано со изборот меѓу животот и смртта, илузиите на убавото и удобното, скриеното и лажното, мачењето и спасението (слегувањето во подземниот свет во царството на мртвите, Сцила и Харибда, Кирка и Калипсо, умот и целта, Посејдон олицетворение на смртта – мачењето на Одисеј, најмил е сопствениот свет на секој индивидуум – лекарот и неговиот свет!).

Орфеј е втората аналогијата на судбината на лекарот. И лекарот како и Орфеј го посетува царството на смртта. И не случајно е избрана музиката како инструмент на спасението. Музиката е најпримордијално чувство за светот: прапочетокот на контактот со околниот свет. Тоа е ритамот на мајчината артеријална циркулација околу фетусот! Како и за срцето така

и за музиката важи правилото: primum movens ultimum moriens! Едното го претставува човековото органско и материјално суштествување, другото – емоционалното и духовно суштествување на човекот. Тоа, другото, е она вечното што му дава на човековото суштествување и живот, димензиите на трајната победа! Последното што исчезнува од сознанието на болните од Alzheimer-овата болест е распознавањето и чувството за музика.

## *Заклучок*

Работата на лекарот непосредно е поврзана со целокупната човекова активност: таа го обединува моралното и материјалното на човековото суштествување. Опасностите кои се надвиснуваат над работата на лекарот се непосредно и опасности за првичните вредности на општочовечкото. Личното во работата на лекарот е огледало на односот кон моралните вредности во општеството.

## *Благодарност*

Искрена благодарност им должам на професорот Јонче Неделкоски и Тодор Стојчевски и на покојниот професор Димитар Ивановски за долгите и полезни разговори за медицинската наука во целост и на своите колеги од Здравствената служба и од Трансфузиолошката служба во Македонија, Клиничкиот центар и Републичкиот завод за трансфузиологија, без чија несебична помош и соработка немаше да успеам во својата работа.

## *Литература*


[1] Балуда В. П., Лакин К. М., Деянов И., Неделкоски Ј.: *Тромбофилия и тромбофилическая настороженост*, Клин. медицина, 1981, 5: 11.

[2] Балуда В. П., Балуда М. В., Деянов И., Тлепшуков И. К.: *Физиология системы гемостаза*, Москва, 1995, с. 204.

[3] McKay D. G.: *Disseminated intravascular coagulation*, Hoeber Medical Division, London, 1965.

[4] Hardaway R. T.: *Syndromes of disseminated intravascular coagulation*, Charles C. Thomas Publisher, Springfield, 1966.

[5] Петровский Б. В., Чазов Р. И. И., Андреев С. В., ред.: *Актуальные проблемы гемостазиологии*, Издательство „Наука", Москва, 1981.

[6] Балуда В. П., Деянов И. И.: *Тромбофилия и тромботическое заболевание*, Клин. медицина, 1987, 61 (9): 138.

[7] Monasterio J., Iriarte J. A., Sanchez-Moya M.: *Thrombosis Units*, Abstracts, Fourth Mediterranean Congress on Thromboembolism, Athens, 1976.

[8] Selye H.: *Thrombohemorrhagic Phenomena*, Charles C. Thomas Publisher, Springfield, 1966.

[9] Pitney W. R.: *Clinical aspects of thromboembolism*, Churchill Livingstone, London, 1972.

[10] Poller L., edit.: *Recent advances in thrombosis*, Churchill Livingstone, London, 1973.

[11] Dintenfass L.: *Blood microrheology-viscosity factors in blood flow, ischaemia and thrombosis*, Butterworths, London, 1971.

[12] Kakkar V. V. and Jouhar A. J.: *Thromboembolism: diagnosis and treatment*, Churchill Livingstone, London, 1972.

[13] Nicolaides A. N.: *Thromboembolism: aetiology, advances in prevention and management*, MTP, Lancaster, 1975.

[14] Hume M., Sevitt S. and Thomas D. P.: *Venous Thrombosis and Pulmonary Embolism*, Harvard University Press, Cambridge, Massachusetts, 1970.

[15] Raby C.: *Coagulations intravasculares disseminees et localisees*, Mason et Cie, Paris, 1974.

[16] Балуда В. П., едит.: *Профилакшика шромбоемболических осложнений в гирургии и акушерсшве*, Изд. Томск. Университ., Томск, 1976.

[17] Кузник Б. И., Скипетров В. П.: *Форменые елеменши крови, сосудисшая сшенка, гемосшаз и шромбоз*, Медицина, Москва, 1974.

[18] Лавринович Т. Ц., Петухова Л. И., Слуцкиј Л. И.: *Профилакшика шромбоемболических осложнений в клинике шравмашологии и оршопедии*, Медицина, Ленинград, 1976.

[19] Грицюк А. И.: *Тромбози и емболии пре ревмашизме*, Изд. „Здровя", Киев, 1973.

[20] Скипетров В. П., Кузник Б. И.: *Акушерский шромбоемболический синдром*, Восточно-сибирское книжное издательство, Иркутск, 1973.

[21] Bloom A. L., Thomas D. P., edits.: *Haemostasis and Thrombosis*, 2nd edit., Churchill Livingstone, London, 1987.

[22] Colman R. W., Hirsh J., Marder V. J., Salkzman E. W.: *Hemostasis and Thrombosis*, J. B. Lippincott Company, Philadelphia, 1982.

[23] Балуда В. П., Деянов И. И., Балуда М. В., Киричук В. Ф., Язбурскити Г. Б.: *Профилакшика шромбозов*, Издательство Саратовского университета, Саратов, 1992.

[24] Biggs R., edit.: *Human Blood Coagulation, Haemostasis and Thrombosis*, 2nd edit., Blackwell Scientific Publications, Oxford, 1976.

[25] Greer I. A., Turpie A. G. G. and Forbes C. D., edits.: *Haemostasis and Thrombosis in Obstetrics and Gynaecology*, Chapman & Hall Medical, London, 1992.

[26] Giddings J. C.: *Molecular genetics and immunoanalysis in blood coagulation*, Ellis Horwood Ltd., Chichester, England, 1988.

[27] Dutton D. B.: *Worse than the disease: pitfalls of medical progress*, Cambridge University Press, New York, 1991.

[28] *Евангелие по Лука.* Новиот завет. Превод на Душко Константинов, Скопје, 1997.

[29] Smith J. M.: *Contempo '90*, JAMA, 1990, 263: 2619.

[30] Todorović Ž.: *Heroji mira*, Cine, Beograd, 1971, str. 117.

[31] Bernard J.: *L'esperance ou le novel etat de la medecine*, Editions Buchet/Chastel, Paris, 1978, p. 7, 215.

[32] Тренчевски С.: *Скопјанкаша Гонџа Бојаџиу – нобеловкаша МАЈКА ТЕРЕЗА*, „2-ри Август С", Штип, 1998, стр. 126.

[33] Диздар З.: *Нобелове награде за науку*, Лице и наличје, Глосаријум, Београд, 1991, стр. 18.

[34] Станојевић В.: *Историја медицине*, „Медицинска књига", Београд, 1953, стр. 101.

[35] Ђурић М.: *Историја хеленске књижевности*, „Завод за уџбенике и наставна средства", Београд, 1990, стр. 737–738.

[36] Braunwald E., et al., edits.: *Harrison's principles of Internal Medicine*, 11th edit., McGraw-Hill Book Company, New York, 1987.

[37] Kurtzman N. A.: *Why health care reform was and still is impossible,* Seminars in nephrology, 1955, 15: 175.

[38] Бенда Ж.: *Предавството на интелектуалците,* „Култура", Скопје, 1992, стр. 7.

# БИБЛИОГРАФИЈА
# НА Д-Р ИВАН ДЕЈАНОВ


1. Д. Арсов, Ј. Неделковски, И. Дејанов, И. Таџер, „Фамилијарна конгенитална хипоконвертинемија", *Срӣски архив* 87: 1089, 1956.
2. И. Дејанов, „Коагулациониот систем при црнодробните заболувања", *Мак. мед. ӣреї.* 12: 5, 1957.
3. И. Дејанов, „Одредување XII фактора помоћу кокошје плазме", *III сасѿанак физиолоїа Јуїославије*, Скопје, новембар, 1958.
4. Д. Миовски, Д. Јенштерле, И. Дејанов, И. Таџер, „Коагулационите фактори при кожните заболувања", *Год. зборн. на Мед. фак.* Скопје, 5: 15, 1958.
5. Ј. Неделковски, И. Дејанов, Н. Серафимов, И. Таџер, Д. Арсов, „Случај ангиохемофилије", *Срӣски архив* 86: 854, 1958.
6. В. Долгова, И. Дејанов, Д. Панов, „Случај на Christmas-ова болест во Куманово", *Мак. мед. ӣреї.* 14: 19, 1959.
7. И. Дејанов, И. Таџер, „Утицај хипотермије на протромбински комплекс", *Бил. ѿранс.* 7: 3, 1959.
8. А. Садикарио, И. Дејанов, И. Таџер, „Минорне форме хемофилије код деце", *Мед. їлас.* 13: 316, 1959.
9. А. Садикарио, И. Дејанов, И. Таџер, „Минорна хемофилија", *Јуїосл. ӣедијаѿрија* 2: 155, 1959.
10. Б. Каранфилски, И. Дејанов, Н. Серафимов, И. Таџер, „Der Einfluss von Rontgenbestrahlung auf die 'Fruhe' Phase der Blutgerinnung des Hundes", *Год. зборн. на Мед. фак.* Скопје 5: 101, 1959.
11. Ѓ. Шестаков, И. Дејанов, И. Таџер, „Утицај електрофоретских фракција отрова v. ammodytes на коагулацију крви in vitro", *Архив. хиї. рада* 10: 121, 1959.
12. И. Таџер, И. Дејанов, „Blood clotting during prolongued deep hypothermia", *Proceedings of the VII$^{th}$ Congress of the European Society of Haematology*, London, II: 452, 1959.
13. И. Дејанов, А. Наумовски, „Одређивање X-ог фактора помоћу отрова vipera amotydes", 12: 3, 1962.
14. И. Дејанов, „Како треба да биде решено згрижувањето на болните со наследен хеморагичен синдром", *Мак. мед. ӣреї.* 17: 50, 1962.
15. И. Дејанов, Н. Стојчевска, Б. Вујасин, „Избори за припремање стандардних ABO тест серума", *Билѿен ѿрансф.* 12: 41, 1962.
16. И. Дејанов, „Антикоагулантна терапија", *Хемаѿолошки дани*, Загреб, 20–24. IV 1963.

17. А. Наумовски, И. Дејанов, „Утицај константне електричне струје на коагулацију крви in vitro", *Acta med. Jug.* 18: 46, 1964.

18. П. Тофовиќ, И. Дејанов, „Phlegmasia coerules dolens", *Acta Chir. Jug.* 11: 37, 1964.

19. И. Дејанов, П. Тофовиќ, К. Серафимов, „Венске тромбозе и малигне неоплазме", *Acta Chir. Jug.* 11: 60, 1964.

20. И. Дејанов, М. Станковски, Г. Георгиевски, „Tronbocytopenia congenita", *Jugosl. pedijat.* 5: 68, 1965.

21. И. Дејанов, А. Наумовски, Ј. Неделковски, К. Георгиев, „Хеморагичен синдром при мултипниот миелом", *Год. зборн. на Мед. фак.* Скопје, 12: 71, 1965.

22. A. Naumovski, I. Dejanov, „Effects of cathodal currents on blood clotting in vitro", *Biophysical mechanisms in vascular homeostasis and intravascular thrombosis*, Appleton-Century Publications, New York, 1965, pp. 172–175.

23. G. D. Penick, H. R. Robert, I. Dejanov, „Covert intravascular clotting", *Fed. Proc.* 24: 835, 1965.

24. G. D. Penick, H. R. Roberts, I. Dejanov, R. L. Reddick, „Predisposition to intravaskular coagulation", *Thromb. Diath. Haemorrh.*, Suppl. 21: 543, 1966.

25. N. R. Roberts, G. P. Gross, W. P. Webster, I. Dejanov, G. D. Penick, „Acquired inchibitors of plasma factor IX: a study of thier induction, properties and neutralization", *Amer. J. Med. Sci.* 67: 43, 1966.

26. G. D. Penick, H. R. Roberts, I. Dejanov, W. P. Webster, „Elevation of factor VIII in hypercoagulable states", *Thromb. Diath. Haemorrh.*, Suppl. 20: 39, 1966.

27. С. Апостолова, И. Дејанов, Љ. Сотировска, Л. Србиновски, Т. Стојчевски, Н. Стојчевска, Ј. Неделковски, „Долготрајна антикоагулантна терапија при срцево-болни", *Мак. мед. ӣреī.* 22: 300, 1967.

28. И. Дејанов, П. Тофовиќ, П. Рушков, Љ. Сотировска, Б. Трајковски, М. Мирчевски, „Искуство во лекувањето на венските тромбози на екстремитетите со долготрајна антикоагулантна терапија", *Мак. мед. ӣреī.* 22: 305, 1967.

29. G. I. C. Ingram, S. P. Knights, I. Dejanov, B. M. Barrow, „The rise in factor VIII concentration after infusion of adrenaline", *Br. J. Haemat.* 14: 326, 1968.

30. Ј. Неделковски, Т. Стојчевски, И. Дејанов, Б. Трајковски, Н. Стојчевска, П. Ранић, „Ниво имуноглобулина код леукоза одраслих", Зборник радова, *I конīрес хемаӣолоīа и ӣрансфузиолоīа Јуīославије*, Задар, 1969, стр. 255–261.

31. Н. Стојчевска, И. Дејанов, Ј. Неделковски, Љ. Сотировска, Б. Трајковски, П. Ранић, „Имуноглобулински тип антиеритроцитних антитела", Зборник радова, *I конīрес хемаӣолоīа и ӣрансфузиолоīа Јуīославије*, Задар, 1969, стр. 45–51.

32. Х. Дума, И. Дејанов, Ј. Неделковски, И. Бојаџиев, Б. Трајковски, Р. Џарлиева, М. Делиџакова, П. Ранић, „Имуноглобулински дефицит у раном дечјем узрасту", Зборник радова, *I конīрес хемаӣолоīа и ӣрансфузиолоīа Јуīославије*, Задар, 1969, стр. 61–64.

33. Т. Стојчевски, Ј. Неделковски, Н. Стојчевска, С. Апостолова, П. Ранић, И. Дејанов, „Стечене хемолитичке анемије", Зборник радова, *I конīрес хемаӣолоīа и ӣрансфузиолоīа Јуīославије*, Задар, 1969, стр. 83–87.

34. B. M. Barrow, G. I. Ingram, I. Dejanov, S. P. Knights, „The rise in factor VIII after administration of adrenaline", *Coagulation* 2: 203, 1969.

35. Љ. Сотировска, П. Ракиќ, В. Карамазов, В. Марковиќ, Б. Манчевска, И. Дејанов, Т. Стојчевски, „Влијание на транспортот врз конзервираната крв", Збор-

ник на трудови, *VIII конгрес на лекарите на СРМ*, Охрид, октомври, 1970, стр. 676–678.

36. О. Стојанова, Н. Неделкоска, И. Трајков, Б. Трајковски, Ј. Неделковски, И. Дејанов, „Ниво на имуноглобулините при морбили и пертусис", Зборник на трудови, *VIII конгрес на лекарите на СРМ*, Охрид, октомври, 1970, стр. 507–510.
37. Н. Неделкоска, Б. Груневска, Ј. Неделкоски, И. Дејанов, „Ниво на имуноглобулините при вирусниот хепатит кај возрасни и деца", Зборник на трудови, *VIII конгрес на лекарите на СРМ*, Охрид, октомври, 1970, стр. 345–348.
38. Ј. Неделкоски, Б. Трајковски, В. Карамазов, П. Ракиќ, В. Марковиќ, И. Дејанов, Д. Ивановски, „Австралија антиген и посттрансфузион хепатит", Зборник на трудови, *VIII конгрес на лекарите на СРМ*, Охрид, октомври, 1970, стр. 359–360.
39. Х. Дума, Е. Урумова, М. Делиџакова, И. Бојаџиев, И. Дејанов, Р. Џарлиева, Т. Николова, А. Гордова, „Pneumocystis carinii, pneumonia i hypoimunoglobulinemija", Зборник на трудови, *VIII конгрес на лекарите на СРМ*, Охрид, октомври, 1970, стр. 207–210.
40. Х. Дума, М. Делиџакова, И. Дејанов, Ј. Неделкоски, Р. Џарлиева, И. Бојаџиев, П. Ракиќ, Б. Тајковски, Т. Николова, „Монилијаза и хипоимуноглобулинемија при доенчиња", Зборник на трудови, *VIII конгрес на лекарите на СРМ*, Охрид, октомври, 1970, стр. 199–201.
41. Х. Дума, И. Дејанов, М. Делиџакова, Ј. Неделкоски, Р. Џарлиева, И. Бојаџиев, Т. Николова, Б. Трајковски, „Ентероколитите и хипоимуноглобулинемиите кај доенчето", Зборник на трудови, *VIII конгрес на лекарите на СРМ*, Охрид, октомври, 1970, стр. 195–198.
42. Х. Дума, М. Делиџакова, И. Бојаџиев, Р. Џарлиева, Б. Трајковски, И. Дејанов, А. Гордова, Т. Николова, „Лекување на хипоимуноглобулинемиите и дисимуноглобулинемиите во детската возраст", Зборник на трудови, *VIII конгрес на лекарите на СРМ*, Охрид, октомври, 1970, стр. 191–194.
43. Х. Дума, И. Бојаџиев, Р. Џарлиева, И. Дејанов, Т. Николова, А. Гордова, Б. Трајковски, „Хередитарни и физиолошки хипоимуноглобулинемии во доенечката возраст", Зборник на трудови, *VIII конгрес на лекарите на СРМ*, Охрид, октомври, 1970, стр. 132–136.
44. Н. Стојчевска, Б. Трајковски, И. Дејанов, П. Ракиќ, Ј. Неделкоски, В. Марковиќ, „Состојба на Rh-имунизацијата при нашето население (СР Македонија)", Зборник на трудови, *VIII конгрес на лекарите на СРМ*, Охрид, октомври, 1970, стр. 185–190.
45. Х. Дума, И. Дејанов, М. Делиџакова, И. Бојаџиев, Р. Џарлиева, Б. Трајковски, Т. Николова, А. Гордова, „Хипоимуноглобулинемиите и инфекциите на респираторниот тракт при недоносените", Зборник на трудови, *VIII конгрес на лекарите на СРМ*, Охрид, октомври, 1970, стр. 124–128.
46. Б. Лазарева, И. Дејанов, Л. Милошева, „Ниво на имуноглобулините при прогресивната пародонтопатија", Зборник на трудови, *II собир на стоматолозите на СРМ*, Куманово, јуни, 1970, стр. 241–244.
47. П. Тофовиќ, И. Дејанов, М. Мирчевски, Б. Трајковски, П. Рушков, Ј. Неделкоски, „Амбулантна антикоагулантна терапија дубоких тромбофлебита екстремитета", Зборник радова, *V интерсекцијски састанак хирурга Србије, БиХ, Црне Горе и Македоније*, Јајце, 1970, стр. 205–208.
48. И. Дејанов, Б. Трајковски, Љ. Сотировска, П. Раниќ, „Aus-antigen and antibody in 14,379 volunteer blood donors from SRM", *Lancet* 2: 164, 1971.

49. I. Dejanov, „Presence of prothrombin activation fragments in human plasma during disseminated intravaskular coagulation", Abstract volume, *II[nd] Congress, International Society on Thrombosis and Haemostasis*, Oslo, 1971, p. 144.

50. J. Неделкоски, Н. Неделкоска, Б. Груневска, И. Дејанов, Т. Стојчевски, „Аустралија антиген код вирусног хепатита", Зборник радова, *Симпозијум: Епидемиологија, клиника и профилакса дизентерије, салмонелоза и вирусног хепатита*, Скопје, октобар, 1972, стр. 299–306.

51. J. Неделкоски, Т. Стојчевски, И. Дејанов, „Урођенији изоловани дефицит фактора протромбинског комплекса", *Симпозиум о лечењу урођених поремећаја хемостазе*, Београд, октобар, 1972.

52. И. Дејанов, „Immunochemistry of human prothrombin and antithrombin", Abstracts volume, *Symposium: Fractionation and immunochemistry of plasma proteins*, Varna, 1972, p. 12.

53. И. Дејанов, И. Бојаџиев, „Standardization, application and results of immunochemical determination of immunoglobulins and some plasma proteins", Abstracts volume, *Symposium: Fractionation and immunochemistry of plasma proteins*, Varna, 1972, p. 21.

54. J. Неделковски, И. Дејанов, Љ. Сотировска, Д. Ивановски, П. Колевски, Л. Лазаревска, „Преваленција Ау-антигена у СРМ", *Год. зборн. на Мед. фак.* Скопје, 19: 37, 1973.

55. И. Дејанов, И. Бојаџиев, В. Старова, Х. Дума, М. Делиџакова, „Наследни дефицит на имуноглобулин А и М", *Год. зборн. на Мед. фак.* Скопје, 19: 65, 1973.

56. J. Јуруковски, А. Лазаров, Ј. Тофоски, И. Дејанов, „Секундарни коагулопатии во акушерската практика", *Год. зборн. на Мед. фак.* Скопје, 19: 83, 1973.

57. А. Садикарио, В. Донева, М. Здравева, И. Дејанов, „Имуноглобулини и реуматоиден артрит во детството", *Год. зборн. на Мед. фак.* Скопје, 19: 49, 1973.

58. И. Дејанов, Б. Трајковски, В. Стефановска, Н. Стојчевска, „Преваленција Ау-антигена код трудница и новорођених", *Год. зборн. на Мед. фак.* Скопје, 19: 489, 1973.

59. Д. Ивановски, И. Дејанов, Ј. Неделковски, В. Марковиќ, П. Колевски, „Ау-антиген у појединих крвним дериватима", *Год. зборн. на Мед. фак.* Скопје, 19: 497, 1973.

60. С. Стојановски, Н. Стојановски, И. Дејанов, С. Андреевски, „Преваленција Ау-антигена на болничком и ванболничком материјалу на територији општине Т. Велес", *Год. зборн. на Мед. фак.* Скопје, 19: 503, 1973.

61. И. Дејанов, Ј. Неделкоски, Б. Трајковски, А. Старова, „Методе за одређивање Ау-антигена и антитела", *Год. зборн. на Мед. фак.* Скопје, 19: 507, 1973.

62. И. Дејанов, А. Старова, „Изолација Ау-антигена и његово квантитативно одређивање имунохемијским методама", *Год. зборн. на Мед. фак.* Скопје, 19: 523, 1973.

63. И. Бојаџиев, И. Дејанов, Н. Стојановски, М. Делиџакова, Х. Дума, Ј. Неделкоски, „Сидропропорције клиничког и имунолошког стања болесника код имунолошких матурација", Изводи, *IV конгрес интерниста Југославије*, Охрид, 1973, стр. 97.

64. Т. Стојчевски, И. Дејанов, Ј. Неделкоски, Д. Ивановски, „Акутни хеморагични акциденти код хемофилије и њихов третман", Изводи, *IV конгрес интерниста Југославије*, Охрид, 1973, стр. 183.

65. Ј. Неделкоски, Т. Стојчевски, И. Дејанов, С. Костовска, П. Колевски, „Конзервативно лечење акутних тромбоемболичних оболења“, Изводи, *IV конгрес интерниста Југославије*, Охрид, 1973, стр. 215.

66. И. Бојаџиев, И. Дејанов, М. Делиџакова, В. Милев, Н. Симонче, „Матурација имуноглобулина код рахитичног одојчета“, *Медицински архив* 29: 312, 1973.

67. И. Дејанов, „Prothrombin in patients on anticoagulant therapy“, Abstracts volume, *IV International Congress on Thrombosis and Haemostasis*, Vienna, Austria, June, 1973, p. 229.

68. Ј. Неделкоски, И. Дејанов, „А (?Н) антиген и негово епидемиолошко значење“, Заедница за научни дејности, Скопје, 1973 (проект, 46 страни).

69. И. Дејанов, „Контрола вакциналног имунитета имунохемиским методама“, *Год. зборн. на Мед. фак.* Скопје, 19: 349, 1973.

70. Б. Лазаревска, Л. Милошевска, И. Дејанов, Т. Стојчевски, Ј. Неделковски, М. Јовановски, „Улогата на хуморалните и саливарните имуноглобулини во етиопатогенезата на прогресивната пародоктопатија“, *Год. зборн. на Мед. фак.* Скопје, 20: 87, 1974.

304. П. Давчев, В. Бидиков, Г. Ставриќ, В. Серафимовски, Д. Трајановски, М. Нешковски, И. Дејанов, Д. Ивановски, Г. Зографски, „HBV инфекција и хепатоцелуларен карцином, со посебен осврт на состојбата во СР Македонија. Четиригодишна проспективна студија (1986–1989)", *II југословенски научен собир за вирусни хепатити*, МАНУ, Скопје, 1990, стр. 42.

305. Н. Камчев, М. Камчева, Н. Балова, И. Дејанов, Е. Тодоровска, Р. Бошковски, „Ендемичноста на HBV инфекцијата во СРМ", *II југословенски научен собир за вирусни хепатити*, МАНУ, Скопје, 1990, стр. 47.

306. Т. Николова, И. Дејанов, Н. Стојановски, „Antithrombotic potential of the blood in the newbora", Abstracts book, *First National Neonatology Congress*, Instambul, 1990, p. 19.

307. О. Муратовска, Н. Зисовски, И. Дејанов, С. Гламочанин, К. Мартинова, Ф. Дума, „Комбинирани конгенитални дефицит VIII и IX фактора коагулације", *VI конгрес хематолога и трансфузиолога Југославије*, Загреб, 1990.

308. В. П. Балуда, И. И. Дејанов, Л. В. Љубина, „Антикоагуланти, антиагреганти и фибринолитические средства в терапии рака", *Система гемостаза и злокачественнии рост*, Москва, 1991.

309. В. П. Балуда, М. В. Балуда, И. И. Дејанов, „Нарушение функции системы гемостаза и тромбоемболические осложнения при злокачественних новоообразованиях", *Система гемостаза и злокачественнии рост*, Москва, 1991.

310. И. И. Дејанов, М. В. Балуда, „Профилактика и лечение тромбоемболических осложнений при злокачественних новообразованиях", *Система гемостаза и злокачественнии рост*, Москва, 1991.

311. Е. И. Соколов, М. В. Балуда, В. П. Балуда, М. И. Балболкин, И. В. Новикова, И. И. Деянов, А. В. Тимофеева, „Фактор Виллебранда и антиагрегационая активност стенки сасудов у больних сахарним диабетом", *Терапевтический архив* 56 (4): 104, 1991.

312. В. П. Балуда, И. И. Дејанов, М. В. Балуда, „Etiology, pathogenesis and classification of the inborn and acquired forms of thrombotic diseases", Abstracts, *Constituent Congress of the International Society for Pathophysiology*, Moskow, 1991, p. 121.

313. Л. Лазаров, Л. Србиновски, И. Дејанов, С. Кедев, Б. Милетиќ, В. Јанакиевски, Л. Добрковиќ, Н. Ѓорѓов, Д. Лозановска, „Антикоагулантна терапија кај болните со акутен миокарден инфаркт", Зборник на апстракти, *XIII конгрес на лекарите на Македонија*, Охрид, 1991, стр. 22.

314. В. Серафимов, И. Димитров, Г. Дамјановски, Г. Куновски, М. Врачаковски, Т. Андреевска, И. Дејанов, Р. Чапаровски, Т. Крцковски, „Интраартеријална тромболиза со стрептокиназа", Зборник на апстракти, *XIII конгрес на лекарите на Македонија*, Охрид, 1991, стр. 23.

315. И. Дејанов, „Елементи на антитромботичната терапија: антикоагулантна, антиагрегантна и тромболитичка терапија", Зборник на апстракти, *XIII конгрес на лекарите на Македонија*, Охрид, 1991, стр. 22.

316. Л. Лазаров, Л. Србиновски, И. Дејанов, С. Кедев, Б. Милетиќ, В. Јанакиевски, Л. Добрковиќ, Н. Ѓорѓов, Д. Лозановска, „Фибринолитична терапија кај болни со акутен миокарден инфаркт", Зборник на апстракти, *XIII конгрес на лекарите на Македонија*, Охрид, 1991, стр. 22.

317. С. Јованова, Л. Србиновски, И. Дејанов, Л. Лазаров, Л. Георгиевски, Б. Петрова, С. Кедев, Ж. Христовски, „Улогата и значењето на антиагрегатната терапи-

ја кај коронарната артериска болест", Зборник на апстракти, *XIII конгрес на лекарите на Македонија,* Охрид, 1991, стр. 23.

318. И. Дејанов, Л. Србиновски, Б. Суперлиски, Л. Лазаров, Л. Трајковска, Н. Димовска, С. Костовска, А. Старова, „Фибринолитичната активност при венските и артериските тромбози", Зборник на апстракти, *XIII конгрес на лекарите на Македонија*, Охрид, 1991, стр. 24.

319. И. Дејанов, Л. Србиновски, Л. Лазаров, В. Јанакиевски, С. Јованова, „Орална антикоагулантна терапија: можност и контрола", Зборник на апстракти, *XIII конгрес на лекарите на Македонија,* Охрид, 1991, стр. 24.

320. И. Дејанов, Л. Србиновски, Л. Лазаров, В. Јанакиевски, Н. Димовска, С. Јованова, „Тромбофилијата и нејзината тераписка контрола кај болни со исхемична болест на срцето", Зборник на апстракти, *XIII конгрес на лекарите на Македонија*, Охрид, 1991, стр. 24.

321. И. Дејанов, Е. Тодоровска, М. Поповска, Л. Трајковска, Н. Димовска, А. Старова, П. Дејанов, „Антитромбин III дефицит: клиничко значење и лекување", Зборник на апстракти, *XIII конгрес на лекарите на Македонија*, Охрид, 1991, стр. 25.

322. И. Дејанов, „Хемостатските растројства при цереброваскуларните заболувања", Зборник на апстракти, *XIII конгрес на лекарите на Македонија*, Охрид, 1991, стр. 60.

323. В. Милев, И. Дејанов, С. Пеова, И. Бојаџиев, „Секреторни антитела (s Ig A) во хуманото млеко", Зборник на апстракти, *XIII конгрес на лекарите на Македонија*, Охрид, 1991, стр. 106.

324. Р. Хаџиева, И. Дејанов, В. Хаџиев, Ф. Вучков, „Савремена дијагностика на хепаталните ендотелијални лезии", Зборник на апстракти, *XIII конгрес на лекарите на Македонија*, Охрид, 1991, стр. 111.

325. И. Дејанов, Л. Лазаров, Л. Србиновски , М. Андреевска, С. Јованова, С. Кедев, П. Дејанов, Е. Тодоровска, Н. Ѓорѓов, „Хепаринотерапија: контрола и спроведување", Зборник на апстракти, *XIII конгрес на лекарите на Македонија,* Охрид, 1991, стр. 139.

326. В. Бидиков, Ѓ. Ставриќ, В. Серафимовски, Д. Трајановски, М. Нешковски, И. Дејанов, Д. Ивановски, Ѓ. Зографски, „Хепатитис Б вирус инфекција и примарен карцином на црниот дроб со посебен осврт на состојбата во Република Македонија" (Резултати од научноистражувачки проект), МАНУ, Скопје, 1992, стр. 1–75.

327. И. Дејанов, „Имунолошките методи во современата биохемиска практика", *I конгрес на медицинските биохемичари на Република Македонија*, 1993, стр. 23.

328. G. Masin, I. Dejanov, M. Polenaković, P. Dejanov, „HCV-antibodies in patients on haemodialysis in Republic of Macedonia", Abstract book, *XII$^{th}$ International Congress of Nephrology*, Jerusalem, 1993, p. 315.

329. И. Дејанов, П. Давчев, И. Таџер, Е. Тодоровска, Н. Камчев, „HCV-инфекција: актуелност и природа", *Современи аспекти на вирусните хепатити со посебен осврт на хепатитот Ц*, МАНУ, Скопје, 1994.

330. Ѓ. Масин, М. Поленаковиќ, К. Чакаларовски, Н. Ивановски, И. Дејанов, „Антитела на хепатитис С вирусот (HCV) кај пациенти што се лекуваат со хронична интермитентна хемодијализа", *Современи аспекти на вирусните хепатити со посебен осврт на хепатитот Ц*, МАНУ, Скопје, 1994.

331. П. Давчев, И. Таџер, В. Бидиков, И. Дејанов, Љ. Иванов, В. Серафимовски, Д. Трајановски, М. Нешковски, М. Арсова, „Поствирусна бенигна хипербилирубинемија“, *Современи аспекти на вирусните хепатити со посебен осврт на хепатитот Ц*, МАНУ, Скопје, 1994.

332. Љ. Серафимовски, И. Дејанов, Л. Шендов, Н. Димовска, С. Костовска, Н. Камчев, Е. Тодоровска, „HCV-антитела кај ортопедски болни и посттрансфузионен хепатит“, *Современи аспекти на вирусните хепатити со посебен осврт на хепатитот Ц*, МАНУ, Скопје, 1994.

333. И. Дејанов, Љ. Сотировска, Б. Трајковски, П. Колевски, Н. Камчев, Е. Тодоровска, А. Старова, „HCV-антитела кај крводарителите во Република Македонија“, *Современи аспекти на вирусните хепатити со посебен осврт на хепатитот Ц*, МАНУ, Скопје, 1994.

334. М. Камчева, Н. Камчев, Е. Тодоровска, А. Старова, И. Дејанов, „Присуство на HbsAg и HCV-антитела кај вработените во некои работни единици експонирани на HBV- и HCV-инфекцијата во Медицинскиот центар – Штип“, *Современи аспекти на вирусните хепатити со посебен осврт на хепатитот Ц*, МАНУ, Скопје, 1994.

335. Е. Тодоровска, Љ. Сотировска, Н. Камчев, Н. Димовска, И. Дејанов, „Клиничка важност на имуноглобулинската класа на антителата на HCV“, *Современи аспекти на вирусните хепатити со посебен осврт на хепатитот Ц*, МАНУ, Скопје, 1994.

336. I. Dejanov, D. Đokić, A. Mitrevski, S. Panov, E. Todorovska, N. Dimovska, V. Stefanovska, Z. Arsovski, P. Gerasimova, „The possibilities to produce and use home made test kits for immunochemical quantitative assays of biochemical substances“, *Balcan Journal of Clinical Laboratory* 2'95'2, pp. 58–59.

337. V. Stefanovska, S. Panov, D. Đokić, Z. Arsovski, P. Gerasimova, I. Dejanov, „Micro-ELISA determination of specific IgE and IgG antibodies in allergic persons on Hymenoptera venoms“, Abstract book, *First Balkan Immunology Conference*, Belgrade, 1995, 47: 168.

338. Z. Arsovski, D. Đokić, M. Gavrilovski, T. Čaparovska, I. Dejanov, G. Breskovska, V. Stefanovska, „Home made test kits for determination of specific IgG and IgE antibodies in the diagnosis of insect venom allergy“, Abstract book, *First Balkan Immunology Conference*, Belgrade 1995, 47: 169.

339. P. Dejanov, A. Oncevski, S. Panov, I. I. Dejanov, M. Polenaković, „vWF antigen concentration and autoantibody in patients on hemodialysis“, Abstracts, *XIII$^{th}$ International Congress of Nephrology*, Madrid (Spain), 1995, p. 492.

340. Z. Arsovski, D. Đokić, T. Stefanovski, T. Čaparovska, G. Breskovska, M. Gavrilski, B. Čaeva, I. Dejanov, „Possibilities to produce and use home made test kits determination of specific IgE“, *Allergy* 51: 132, 1996.

341. С. Панов, И. Дејанов, Е. Тодоровска, Н. Димовска, С. Костовска, „Докажување на автоантитела за факторот von Willebrand“, Апстракти, *I македонски имунолошки конгрес*, Охрид, 1996, стр. 78.

342. V. Stefanovska, I. Dejanov, S. Panov, „Micro-ELISA determination of total immunoglobulins with home made test kits“, Abstract book, *XVI International Congres of Clinical Chemistry*, London, 1996, p. 476–477.

343. В. Стефановска, С. Панов, З. Арсовски, И. Дејанов, „Микро-ЕЛИСА одредување на алерген специфични имуноглобулини“, *Мак. мед. преглед*. 50, suppl. 23: 19, 1996.

344. S. Kostovska, D. Lazova, M. Krstevska, S. Džekova-Stojkova, I. Dejanov, L. Lazarov, „Correlation between plasminogen activator inhibitor 1 and some lipids parameters", Abstract book, *XI$^{th}$ International Symposium on Atherosclerosis*, Paris, 1997, p. 27.

345. В. Даштевски, И. Дејанов, Ј. Шапкарев, „Пијавицата во етностоматологијата на Македонија", *Макед. сūомаūол. ūрегл.* 21: 64, 1997.

**МОМИР ПОЛЕНАКОВИЌ**

*МОМИР ПОЛЕНАКОВИЌ е роден на 26 април 1939 година во Скопје. Медицински факултет завршил во Скопје во 1963 година. Специјализација по интерна медицина завршил во 1969 година. Во 1977 година ја одбранил докторската дисертација на тема „Клиничко имунолошка процена на патолошките настанувања во бубрежните гломерули“. За редовен професор е избран во 1988 година. Работи на Клиниката за нефрологија при Медицинскиот факултет во Скопје, а во 1990 година е избран за директор. Во текот на 1972 и 1973 година е на стручно усовршување во САД како стипендист на IREX. Како стипендист на Светската здравствена организација (WHO) престојувал на универзитетските нефролошки клиники во Шведска, Германија и Англија. Visiting Professor на Fulbright Program во САД 1991/1992 година.*

*Проф. д-р Поленаковиќ е активен во изучувањето на: гломерулонефритите, интерстиционефропатиите, уринарните инфекции, инвазивната и неинвазивната нефролошка дијагностика, паренхимните нефропатии, имуносупресивната терапија, плазмаферезата, невролошките нарушувања при хроничната бубрежна инсуфициенција и др.*

*За првпат во нашата земја проф. д-р Поленаковиќ воведува добивање на бубрежно ткиво по пат на перкутана бубрежна биопсија и овозможува иследување на свежо добиено бубрежно ткиво со имунохемиски методи. Ја дал класификацијата на гломерулонефритите во Република Македонија.*

*Од 1965 година проф. д-р Поленаковиќ учествува во лекување на акутната бубрежна инсуфициенција со хемодијализа, а од 1971 година во лекувањето на хроничната бубрежна инсуфициенција со интермитентна хемодијализа. Прв го вовел лекувањето со рекомбинантен еритропоетин на реналната анемија кај пациенти лечени со дијализа. Во 1977 година учествувал во изведувањето на првата бубрежна трансплантација на Медицинскиот факултет во Скопје.*

## КЛИНИЧКО-МОРФОЛОШКА КОРЕЛАЦИЈА НА ПРИМАРНИТЕ ГЛОМЕРУЛОНЕФРИТИ ВО РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА


### *Айсшракш*

Иследени се 920 пациенти на возраст од 14 до 72 години кај кои постоеше сомнение за гломерулонефрит (ГН). Кај сите пациенти беше направена перкутана бубрежна биопсија (ПББ), а добиеното бубрежно ткиво беше иследено со светлосен и имунофлуоресцентен микроскоп, а во одреден број случаи и со електронски микроскоп.

Врз основа на клиничката слика и корелациите со имуноморфолошките и морфолошките наоди е извршена класификација на примарните и секундарните гломерулонефрити.

Одделени се 534 пациенти со примарни ГН, и тоа 365 мажи и 169 жени. Истите болни беа следени од 1 до 22 години. При клиничко-лабораториски преглед на ГН најдени се следниве симптоми и синдроми: протеинурија (100%), хематурија (90%), хипертензија (48%), намалена бубрежна функција (41%) и нефротски синдром (33%). Гломерулонефритисите се класифицирани како:

| | |
|---|---|
| – Минимални промени | 44 (8,2%) |
| – Мембранозен ГН | 64 (12%) |
| – Фокалсклеротичен ГН | 47 (8,8%) |
| – ИгА нефропатија | 66 (12,4%) |
| – Дифузен ендокапиларен пролифераитевен ГН | 60 (11,2%) |
| – Дифузен мезангијален ГН | 37 (6,9%) |
| – Фокален пролиферативен ГН | 115 (21,5%) |
| – Мембранопролиферативен ГН | 47 (8,8%) |
| – Рапидно прогресивен ГН | 32 (5,9%) |
| – Склерозантен ГН | 22 (3%) |

Најден е релативно повисок процент на мембранозен ГН во однос на другите ГН што може да е поврзано со специфичностите на антигеноста на средината (на пример зголемено постоење на хепатитис вирусите кај населението). ИгА нефропатијата е, исто така, високо застапена, додека фокалнопролиферативниот ГН бара дополнителна реевалуација и следење на пациентите со истиот.

За поставување на дијагноза на ГН покрај клиничко-биохемиско-имунолошките и макроморфолошките иследувања потребно е и микроморфолошко иследување на бубрежното ткиво добиено со ПББ.

Се нагласува неопходноста на иследување на секој пациент со протеинурија, хематурија и покачен крвен притисок во смисла на постоење на ГН. Популација на која треба особено да се внимава и иследува се ученици, студенти и регрути за АРМ.

Соработката помеѓу лекар од општа пракса, специјалист и нефролог е императив во раното откривање, дијагнозата и лекувањето на ГН.

*Клучни зборови:* примарни гломерулонефрити, бубрежна биопсија, протеинурија, хематурија, хипертензивен синдром, бубрежна инсуфициенција.

## *I. Вовед*

"Glomerulonephritis is not only responsible for 300,000 deaths a year, but also *one of most fascinating, provocative and informative of human diseases.*"

"The history of our knowledge of glomerulonephritis could be taken *as a model for the progress of medical understanding.*"

"Glomerulonephritis as a *single entity has died* and *from its ashes have arisen a series of new distinct diseases.*"

Jean Hamburger, Necker Hospital, Paris, France, in: Foreword: *Glomerulonephritis; Morphology, Natural History and Treatment*, Melbourne, 1972.

Thomas Addis во 1948 година пишуваше за гломерулонефритисот (ГН) дека тој се презентира како единствена болест која не може да „се згреши" со било која друга [1]. Во релативно кус период, благодарение на брзиот развој на нефрологијата, таквото сфаќање за гломерулонефритисот стана несоодветно, така што наместо за „единствен ентитет" денес се инсистира врз една серија на бројни посебно профилирани болести.

За подоброто разбирање на ГН многу придонесоа: воведувањето и интензивната употреба на бубрежната биопсија, со што се овозможи свежо добиеното бубрежно ткиво да се иследи со помош на новите микроскопски техники; развојот на имунологијата и примената на нејзините методи во нефрологијата; создавањето и интензивното изучување на бубрежните болести на анималните експериментални модели и споредувањето на добиените наоди со наодите опсервирани кај човекот, како и сè потесните и почести клиничко-патолошки корелации и класификации со цел да се изгради единствен и современ пристап во иследувањето и лекувањето на ГН, а со тоа и на болните од бубрег во целост.

Клиничарот, и покрај големиот напредок направен во изучувањето на ГН, секогаш кога има пред себе болен од бубрег, се наоѓа пред непозната болест, со неодредена и често неочекувана еволуција и прогноза, пред проблем кој треба да го дијагностицира брзо за да може да му помогне на својот

пациент. Клиничарот што работи со заболен од ГН знае добро колку се точни зборовите на J. Hamburger, кој вели: „...наспрема некои прематурни искажувања ГН денеска често останува нерешен проблем“ [1].

Изучувањето на ГН, односно настанувањата на нивото на гломерулите, поставува низа прашања и бара одговори и решенија кои не се од интерес само за нефрологот, туку и за целата современа медицина. Hamburger вели: „Иследувањето на ГН претставува модел за многу сегашни медицински проблеми“ [1].

### *I.1. Бубрежна биопсија помош и услов за современо иследување на гломерулонефритисите*

Примената на перкутанaта бубрежна биопсија (ПББ) кај човекот, практично, почнува со работите на Peréz Ara во 1950 година [2] и на Iversen и Brun во 1951 година [3]. Нешто пред тоа беа направени и првите хируршки биопсии [4]. Бубрежната биопсија брзо станува неопходна во оцената на бубрежните заболувања, особено на гломерулот, а со усовршувањето на техниката за нејзиното изведување таа е сѐ пораширена, посигурна и со помалку компликации кај пациентите. Покрај усовршувањето на положбата за изведување на биопсијата, се воведуваат и употребуваат нови типови игли покрај таа за првпат употребена од Iversen [5, 6, 7, 8, 9, 10, 11]; се прават и отворени бубрежни биопсии со помош на хируршки рез [11]. Со цел за подобра локализација на бубрегот се користат низа современи технички пронајдоци и помагала, како што се: ултразвукот [12], радиоизотопниот скенограм [13], ретроперитонеумот и интравенозната урографија, рентген дијаскопија на ТВ монитор со интравенозна урографија [7, 8], медикаменти што помагаат за визуелизација и подобра локализација на бубрегот [14].

ПББ е воведена, и спаѓа во рутинските методи на иследување на болните од бубрег, кои се хоспитализирани на Клиниката за нефрологија при Медицинскиот факултет во Скопје, од 1970 година [15, 16].

ПББ овозможи поставување на точна морфолошка дијагноза и евалуација на бубрежни заболувања во текот на животот на болниот. Таа овозможи да се иследат раните промени на гломерулот и да се следи еволуцијата на болеста. Благодарејќи на неа беше можно иследувањето на благите нефатални форми на нефритисите, нивното диференцирање, како и оцената на промените и ефектот на применетата терапија [17, 18, 19, 20]. Благодарејќи на бубрежната биопсија се доби свеж материјал, кој овозможи примена на нови микроскопски техники, како што се: имунофлуоресцентната и електронската микроскопија во иследувањето на бубрежното ткиво, а е создадена и можност за примена на методи од молекуларната биологија и генетика во нефрологијата.

И покрај новите микроскопски иследувања, светлосниот микроскоп, со воведување на нови диференцијални боења, останува и натаму значајно средство за изучување на биопсното ткиво кај болните од бубрег. Изучувајќи го биопсичниот материјал со светлосниот микроскоп се уочени раните

степени и еволуција на одредените болести, поблагите (бенигни) форми на бубрежните болести, како и модификацијата на хистолошката слика што настанува под влијанието на терапијата [21].

Електронската микроскопија многу придонесе за нашето разбирање на нормалниот бубрег, како и за изучувањето на различните патолошки состојби на бубрежните структури. Со нејзина помош е потврдена импресијата, добиена со изучувањето со светлосен микроскоп, за постоењето на депонирање во ѕидот на капиларот на гломерулот. Откриено е дека постои фузија на „foot process"-ите при „липоидната нефроза", откриено е постоење на посебен вид депозити во ѕидот на капиларот на гломерулот, т.н. „dense deposits" при болеста наречена „dense deposits disease". Изучувањето на експерименталните модели овозможи да се извлечат аналогии за состојбите што се наоѓаат кај луѓето.

Имунофлуоресцентната микроскопија даде најголем придонес во откривањето на патогените механизми кај гломеруларните заболувања [21, 22, 23, 24]. Откриени се, благодарејќи на неа, основните облици на депонирањата (исталожувањата) кај имунолошки условените ГН: зрнест облик на депонирање кај болеста предизвикана со имуните комплекси и линеарно депонирање кај болеста предизвикана со антитела кон антигените на базалната мембрана на капиларите од гломерулите. Со помош на оваа микроскопија беше можно точно да се идентифицираат различните протеини во бубрежното ткиво, со што се доби можност за изучување на различни патишта на активација на системот на комплементот, како и за оцена на посебни локализации на имуните збиднувања. Се овозможи дефинирање на новите ентитети, како, на пример, на болеста на Berger-IgA нефропатијата, а придонесе и во забележувањето и изучувањето на учеството на имуните механизми кај заболувањата на тубулите и интерстициумот.

Добиениот материјал по пат на бубрежна биопсија, современо иследен и корелиран со клиничките и биохемиските податоци, е основа во дијагностиката и класификацијата на ГН.

### *1.2. Имунолошки аспекти на гломерулонефритисите*

Интензивните изучувања на бубрежните болести во последните дваесет години покажале дека ГН, кои се резултат на примарното оштетување на гломерулот, скоро секогаш во својата основа имаат имунолошко настанување. Gunn (1914) е прв кој укажал на намалувањето на нивото на серумскиот комплемент кај ваквите болни [25], што со подоцнежните наоди на депресијата на ниво на комплементот кај гломеруларните заболувања, сугерирале имунолошка основа на гломеруларното оштетување [26].

Обемните изучувања врз животните во последните 30 години дадоа основа за сугерирање и прифаќање на два основни имунопатогенетски механизми што доведуваат до гломеруларно оштетување и ГН [28, 29, 30] и за аналогно прифаќање на можно дејствување на истите и кај човекот [31, 32, 33].

Овие две главни форми на имунолошки условени гломеруларни заболувања се:

*1) Гломерулонефритис предизвикан со имуните комплекси, одн. имункомплекс гломерулонефритис, и*

*2) Заболување, одн. гломерулонефритис, предизвикано со антителата кон антигените на базалната мембрана на капиларите на гломерулот.*

Иако не постои комплетна аналогија на овие две болести кај животните со хуманиот нефритис, постојат доста опсервации за хуманиот нефритис што одат во прилог на мислењето дека повеќето, ако не и сите, форми на хуманиот нефрит можат да се разберат преку иследувањето на аналогните болести кај животните.

Заедничко кај двата механизма е постоење на специфично антитело.

Кај првиот механизам се формираат циркулирачки комплекси составени од антиген и антитело, при што антигенот може да биде ендоген или егзоген, но не е гломеруларен. Ваквите комплекси штом ќе се формираат во циркулацијата во вистински соднос на антигенот кон антителото (обично постои незначителен вишок на антигенот), се растворливи и циркулираат во крвотокот. Тие бидуваат запрени во гломерулите.

Кај вториот механизам постои директно дејствување на формираните антитела спрема антигените компоненти на базалната мембрана на капиларите на гломерулот.

Ниту самото антитело, ниту самиот комплекс на антигенот со антителото не предизвикуваат директно заболување, иако е докажано дека растворливите антиген-антитело комплекси се биолошки активни [33]. Се смета дека и при двата механизма доаѓа до оштетување на гломерулот преку активирање на комплексни механизми во кои учествуваат системот на комплементот и системот на коагулацијата, кои се во состав на инфламаторниот одговор – инфламација – кон агенсот. Инфламацијата е одговорна за оштетувањето на ткивата, а особено за започнувањето на процесот на коагулацијата, која може да доведе до исталожување на фибринот, негово организирање од фибробластите и создавање на лузни. Ваквото создавање на лузни и облитерацијата на гломерулот со хијалинизација доведува до оштетување на функционалната единица, т.н. „нефрон", што може да води и до евентуална бубрежна инсуфициенција [34].

Брзиот развој на имунологијата даде нови сознанија за разбирањето на имуните аспекти на ГН, но спомнатите форми се основа за надградбата, како и за нови класификации [35, 36, 37].

## *I.3. Класификации на гломерулонефритисите*

Создавање на класификација на ГН е одговорна и тешка задача. Тешко е да се создаде идеална класификација што би ги задоволила сите барања во однос на етиопатогенезата, морфологијата и клиничката презентација на болеста, бидејќи нашето знаење, и покрај напредокот направен на

полето на морфологијата и на сознавањето на клиничките карактеристики, е сè уште многу скудно во однос на примарниот агенс и на околностите под кои започнува оштетувањето. Врз квалитетот на класификацијата дејствуваат и новите техники користени во обработката на добиеното ткиво од бубрег, иследувањето и оцената на медијаторите на имунолошки условеното оштетување кај ГН, како и начинот на изборот на пациентите врз кои се базира сугерираната класификација и интерпретирањето на добиените резултати со користење на јасни термини и описи. Важно е да се одреди нивото на кое класификацијата дејствува. Cameron [38, 39] сугерира поставување на дијагнози на четири нивоа, и тоа: на ниво на етиологија и патогенеза, на ниво на спроведување на оштетувањата, на морфолошко ниво и на ниво на клиничката презентација. Секој ден се збогатуваме со описи на клинички особини и карактеристики, со прецизни описи на морфолошки структури и оштетувања на ткивата, додека нашето знаење за патогенезата заостанува. Cameron вели: „Хистолошките класификации овде се интермедијарен степен во развојот на науката“ [38], додавајќи дека секоја морфолошка класификација е само опис на облиците на структурното оштетување, кое е резултат на различните патолошки процеси кои водат до различни клинички изрази. Во било која применета класификација ние избираме и поврзуваме одреден број карактеристики, особено оние кои се почести, и им даваме одредено значење. Имајќи го ова предвид, мораме да кажеме дека денеска најголем број наши класификации се дескриптивни и треба да ги сфатиме како привремени. За секоја класификација е битна клиничката презентација, како и можноста од неа да се добие не само оцена на моментната состојба на болеста, но и сугестија за текот на болеста и прогнозата.

Heptinstall [40], разгледувајќи го историскиот развој на класификациите на ГН, убаво ги уочува сите терминолошки нејаснотии условени од развојот на медицинската мисла во моментот на поставувањето на класификацијата, подвлекувајќи го вонредно значајниот придонес за нашето денешно разбирање и класифицирање на ГН на Volhard и Fahr. Нивната класификација и денеска, најшироко земено, е основа на современите класификации на ГН. Подолу ја презентираме табелата направена од Heptinstall за користење синоними за различните форми на ГН.

Самиот Heptinstall, во својот учебник „Pathology of the Kidney“, 1974 [40], се определува за следнава поделба: 1. акутен ГН; 2. брзо прогресивен ГН; 3. мембранозен, мембранопролиферативен и лобуларен ГН; 4. фокален ГН и 5. хроничен ГН.

Rene Habib [41, 42] се залага за примена на хистолошка класификација, главно базирана на светлосната микроскопија и дополнета со наоди од имунофлуоресцентната микроскопија, бидејќи нејзиното искуство покажува дека: „не може да се воспостави реална корелација помеѓу хистолошкиот облик и етиолошките околности или симптоматологијата, но дека постои добра корелација помеѓу типовите на гломеруларните лезии и исходот на пациентите“. Тоа ѝ дава за право да се залага за класификацијата на ГН врз морфолошка основа зашто на тој начин може подобро да се разберат ГН и подобро да се процени нивната прогноза. Таа нашла дека: „за секој хистолош-

*Синоними користени за различните форми*
*на гломерулонефритисите*

| Volhard и Fahr | Ellis | Други |
|---|---|---|
| Акутен | Акутен тип 1 | Акутен дифузен ГН<br>Акутен постстрептококов ГН |
| Субакутен (екстракапиларен) | Брзо прогресивен тип 1 | Со бурен тек (Löhlein)<br>Субакутен<br>Субакутен азотемичен |
| Субхроничен (интракапиларен) | Тип 2 | Субакутен хидремичен<br>Субакутен паренхиматозен<br>Мембранозен ГН<br>Мембрано пролиферативен ГН<br>Лобуларен ГН |
| Хроничен или терминален стадиум | Хроничен тип 1 | Хроничен нефритис<br>Хронични степени на:<br>Мембранозен ГН |
| | Долготраен тип 2 | Мембранопролиферативен ГН<br>Лобуларен ГН |

ки облик постои специфичен тип на клинички тек и дека е тој верен без оглед на етиологијата и симптоматологијата. Фактот што најголемиот број од овие хистолошки облици остануваат повеќе или помалку непроменети во текот на болеста е уште една потврда дека класификацијата на ГН базирана на хистологијата е од голема важност". Cameron, нефролог-клиничар, свесен за временската променливост на секоја морфолошка класификација и на нејзината условеност од низа непознати факти, меѓу кои ја става и географската локализација на иследуваните пациенти, за обработката на своите случаи ја прифаќа следната класификација, која во основа е базирана на работите на Habib (1970), Churg, Habib и White (1970). Таа е следна [38]:

*1. минимални промени;*

*2. мембранозна нефропатија;*

*3. фокална гломерулосклероза;*

*4. пролиферативен ГН.*

Тој вели дека групите од 1–3 претставуваат хисто-патолошки ентитети. Групата 4 претставува проблем и е веројатно мешаница на изгледи, кои фактички се степени на истиот процес, и на други кои можеби се дискретни. Во моментот, тој за пролиферативните ГН ја предлага следната класификација:

*а) акутен ексудативен;*

*б) мезангијален (лобуларно стебло);*

*в) епителијален (каде се повеќе од 80% со полумесечеви формации, брзо прогресивен ГН);*

*г) мезангиокапиларен (мембранопролиферативен, „лобуларен");*

*д) фокален;*

*ѓ) хроничен ендотелијален (ендокапиларен);*

*е) напреднати склерозирачки лезии, неможни за класифицирање.*

Слични во основа се и класификациите базирани на морфологијата кои ги користат Merrill [34], Morel-Maroger и Richet [43] и Bohle [44]. Како што споменавме порано, покрај овој, главно, морфолошки приод, во класификациите е можен и имунолошки приод што се базира на основните имунолошки механизми на настанувањето на оштетувањето кај ГН, и тоа: со депонирање на имуни комплекси, во околу 70–80% од ГН, со антителата спрема антигените на базалната мембрана на ГН во околу 1–5% или помалку, во зависност од географската локализација на земјата, и по пат на депонирање на комплементот без акумулација на придружните имуноглобулини во гломерулите во околу 10% од ГН.

Во сите класификации се забележува напор за создавање на концепт на класификација што ќе овозможи сознавање на болеста во моментот на дијагностицирањето, за нејзиниот тип, како и за текот и прогнозата што може да се очекува. Во тој напор на обединување сè повеќе се загубува границата помеѓу поодделните специјалности што учествуваат во нефрологијата, а се сака преку заедничко прифатените класификации да се добие заеднички јазик во интерпретацијата на ГН.

Со откривање на нови антигени, нови вируси, во етиологијата на ГН и во акумулирањето на бубрежни биопсии настапува рекласификација и дефинирање на нови ентитети (колапсна гломерулопатија, ХИВ-ГН и др.).

Користејќи ги горespoменатите класификации, а пред сè базирајќи се на класификацијата на J. Churg et al., *Renal Disease*, 1982, Igaku-Shoin Ltd., Tokyo, ги поделивме нашите болни на тие со:

*– минимални промени (лезии) на гломерулите;*

*– мембранозен гломерулонефрит (мембранозна нефропатија);*

*– фокално склерозирачки ГН (фокална гломерулосклероза);*

*– пролиферативен ГН.*

Во групата на пациенти со пролиферативен ГН имавме неколку подгрупи, и тоа:

*– дифузен ексудативен (акутен) ГН;*

*– дифузен пролиферативен мезангијален ГН;*

(Овие две групи можат да претставуваат временски одраз на еден процес зависно од моментот на направената бубрежна биопсија.)

*– дифузен пролиферативен ендо и екстракапиларен ГН* (со создавање на многу епителијални полумесечести формации);

*– мембранопролиферативен ГН;*

*– фокално пролиферативен ГН со мезангијално депонирање на IgA;*

*– фокално пролиферативен ГН без мезангијално депонирање на IgA.*

## *II. Цел на трудот*

За првпат го изнесуваме искуството стекнато во иследувањето на примарните ГН во Р. Македонија од 1970 година до денес. Притоа ги корелираме клиничко-морфолошките наоди кај одделните ентитети, со цел за сознавање на застапеноста на поодделните ГН во нашата земја.

## *III. Пациенти и методи*

Перкутана бубрежна биопсија е изведена кај 920 болни на возраст од 14 до 72 години [15, 16]. Истите се следени во период од 1 до 22 години.

ПББ се изведува во Р. Македонија само на Клиниката за нефрологија, така што иследениот материјал може да се смета како репрезент за целата наша Република.

Како примарни ГН одделени се 534 пациенти, и тоа 365 мажи и 169 жени.

Кај секој пациент е земена анамнеза и е извршен физикален преглед.

Кај секој пациент се извршени, по позната методологија, следниве биохемиски анализи: хематолошки статус, преглед на урина, протеинурија за 24 часа, иследување на белковините во крвта, иследување на мастите во крвта, иследување на коагулацијата, одредена е реналната функција (креатинин клиренс и гликемија). Одредувани се фракции од системот на комплементот Ц3 и Ц4, а одредени се и други имунолошки иследувања (имуни комплекси, антинуклеарен фактор, антитела кон цитоплазмата на неутрофилите [45, 46, 47, 48, 49, 50, 51, 52]). Иследувањата се извршени на Медицинскиот факултет (Институт за клиничка биохемија, Клиника за нефрологија, Институт за патологија, Републички завод за трансфузиологија).

### *III.1. Иследување на реналното ткиво добиено по пат на перкутана бубрежна биопсија*

Секој бубрежен цилиндар, што содржел во просек од 10 до 20 гломерули, е иследен со методи на светлосна микроскопија (боења по хематоксилин/еозин, ПАС (Periodic Acid Schiff) и боење со сребро по Jones).

Кај одреден број случаи е извршено електронмикроскопско иследување на добиеното бубрежно ткиво.

Иследувањата се изведени во Лабораторијата за патолошка хистологија и цитологија при Институтот за радиологија и онкологија, како и при Институтот за патологија на Медицинскиот факултет.

Извршено е иследување со директен имунофлуоресцентен метод. Во боењата применети се следните анти серуми: -анти ИгГ, ИгМ, ИгА, Ц3, Ц4, Ц1q, албумин и фибриноген. Во поодделни случаи се користени анти ИгД и ИгЕ како и капа и ламда ланци.

Во одредени случаи е применуван индиректен имунофлуоресцентен метод. Иследувањата се изведени во Лабораторијата за ренална имунопатологија на Клиниката за нефрологија [48, 49].

Сите случаи се прегледани и препаратите се анализирани од авторот на текстот во соработка со колегите од Клиниката и соодветните институции.

## *IV. Резултати*

Резултатите се прикажани преку синтеза на дефинициите за секој одделен ентитет и основните клинички параметри прикажани по пат на графикони.

### *IV.1. Гломерулопатија со хистолошки минимални промени (мала гломеруларна ненормалност, лезија со минимална промена)*

*Дефиниција*

Оваа категорија вклучува наоди на нормални гломерули на светлосна микроскопија, со појава на сплеснување, израмнување на прстестите продолжетоци на епителните клетки на електронска микроскопија. Можна е и појава на минорни гломеруларни абнормалности, како: зголемена целуларност во поедини периферни мезангијални зони со повеќе од 3 клетки на пресек; ширење на мезангиумот; појава на нарушувања на структурата на капиларниот ѕид.

*Хистолошки промени*

На *светлосна микроскопија* гломерулите се прикажуваат нормални или со минорни промени. Мезангиумот може да биде лесно проширен и да содржи зголемен број на клетки (до 30%). Тубулите можат да ги покажат карактеристиките на нефротски синдром: хијалини цилиндри, хијалини цитоплазматски капки и евентуално мали калцификати.

*Имунофлуоресцентната микроскопија* обично е комплетно негативна. Можат да се сретнат оскудни наоди на Ц3, Ц1q, како и поодделни имуноглобулини, фокално во мезангиумот и во капиларните ѕидови.

На *електронска микроскопија* постои сплеснување, губење на прстестите продолжетоци на епителните клетки и тие директно контактираат со базалната мембрана.

Со овој ентитет иследуваме 44 пациенти, и тоа 25 мажи и 19 жени.

*Клиничката презентација* на болните во моментот на ПББ е следната: кај сите пациенти постоеше нефротски синдром, кај 34% хипертензија, кај 34% транзиторна ренална инсуфициенција и кај 53% еритрурија.

Кај ниеден пациент не се разви терминална уремија во периодот на следењето [53, 54]. Клиничките податоци ги даваме на графикон 1.

Графикон 1

*Гломерулопатија со хистолошки минимални промени*
44 пациенти (м – 25, ж – 19); 8,2%




## *IV.2. Фокална сегментна гломерулосклероза (фокалсклеротичен гломерулонефрит)*

*Дефиниција*

Оваа категорија вклучува појава на фокални или сегментни лезии на поедини гломерули, додека преостанатите гломерули, како и незафатените делови од гломерулите се нормални или со минорни промени. Овие фокални и сегментни промени се состојат од склероза (хијалиноза).

*Хистолошки промени*

На *светлосна микроскопија* постои сегментно гломеруларно подрачје на солидификација што се должи на мезангијална експанзија и колапс на капиларите. Јукстамедуларните гломерули се почесто зафатени во споредба со субкапсуларните. Со прогресија на болеста поголеми делови од гломерулот, како и поголем број на гломерулите се зафатени.

На *имунофлуоресцентна микроскопија* често нема депозити. Може да се сретнат локализирани депозити на имуноглобулини и фракции на комплемент во зафатените сегменти. Најчесто се среќаваат Ц3 и ИгМ, а можна е појава и на Ц1q и ИгГ.

На *електронска микроскопија* постојат дифузни промени слични на оние кај гломерулопатијата со минимални промени, додека сегментно постои мезангијална експанзија, колапс на капиларите и депозити лоцирани мезангијално, луминално и субендотелно.

Со овој ентитет иследивме 47 пациенти, 31 од машки и 16 од женски пол. Од *клиничките параметри* во моментот на биопсија хипертензија беше присутна кај 73%, бубрежна инсуфициенција кај 58%, нефротски синдром кај 83%, а перзистентна еритрурија или настапи на макрохематурија кај 94%. Во тек на следење на пациентите, терминална уремија се јави кај 59% од болните [55].

Графикон 2

*Фокална сегментна гломерулосклероза*
*(фокалносклеротичен гломерулонефрит)*
47 пациенти (м – 31, ж – 16); 8,8%




## *IV.3. Мембранозен гломерулонефрит (мембранозна нефропатија, епимембранозен гломерулонефрит, дифузен мембранозен гломерулонефрит)*

### *Дефиниција*

Сите или скоро сите гломерули се зафатени со дифузно здебелување на капиларните петелки поради присуство на субепителни депозити.

### *Хистолошки промени*

На *светлосна микроскопија* се јавува здебелување на капиларниот гломеруларен ѕид кое во почеток може да биде дискретно. Промените се јавуваат на епителната страна на базалната мембрана и се нарекуваат „боцки" или „spikes", кои можат да конфлуираат со своите врвови и да дадат изглед на шини или ланец на самиот капиларен ѕид.

На *имунофлуоресцентна микроскопија* типичен е дифузен, грануларен депозит на ИгГ, често придружен со Ц3 долж капиларните мембрани. Можна е појава и на други имуноглобулини, како и на раните фракции на комплемент.

На *електронска микроскопија* постојат четири стадиуми: 1) присуство на мали, ретки, субепителни депозити долж капиларниот ѕид; 2) депозитите се бројни и формираат spikes; 3) тие се фузионираат и даваат здебелена гломеруларна базална мембрана, но некои депозити почнуваат да се губат, 4) повеќето од депозитите се изгубени, останата е ирегуларно здебелена lamina densa.

Со мембранозен ГН иследивме 64 пациенти, 39 од машки и 25 од женски пол. Во *моментот на биопсија* хипертензија беше присутна кај 34% од пациентите, почетна хронична бубрежна инсуфициенција кај 12%, нефротски синдром кај 97% и еритрурија кај 40%. Во текот на следење на пациентите забележавме дека кај 24% дојде до развој на бубрежна слабост и терминална уремија [56, 57, 58, 59].

Графикон 3

*Мембранозен гломерулонефрит*
64 пациенти (м – 39, ж – 25); 12,0%




## *IV.4. Дифузен ендокапиларен пролиферативен гломерулонефрит (акутен гломерулонефрит)*

*Дефиниција*

Сите, или скоро сите гломерули покажуваат униформно зголемување на целуларноста, зафаќајќи ги и капиларните лумени, кои се стеснети де-

лумно поради едем на ендотелните клетки, делумно поради мезангијалната експанзија.

*Хистолошки промени*

На *светлосна микроскопија* гломерулите се зголемени и целуларни, често исполнувајќи го целиот Bowman-ов простор. Капиларните лумени се намалени, понекогаш комплетно компримирани. Во раните стадиуми може да се види значителен број на полиморфонуклеари. Подоцна, предоминатни клетки се ткивните моноцити и нативните мезангијални клетки. Капиларни тромби и ретки „полумесеци" можат, исто така, да бидат видени.

На *имунофлуоресцентна микроскопија* најчест наод е грануларна депозиција на Ц3 долж капиларните ѕидови, придружен со ИгА, ИгГ и ИгМ. Можен е наод и на фибрин, како и депозити на комплемент и имуноглобулини и во мезангиумот.

На *електронска микроскопија* карактеристична е појава на зголемување на мезангиумот, кое се должи на зголемување на неговите клетки и матрикс. Полиморфонуклеари можат да се видат во мезангиумот или адхерентни за капиларниот ѕид. Депозити, т.н. hump-ови, се гледаат од епителната страна на капиларната базална мембрана. Тие се различни по големина и нехомогени. Мали депозити можат да се видат субендотелно и мезангијално.

Графикон 4

*Дифузен ендокапиларен пролиферативен гломерулонефрит (акутен)*
60 пациенти (м – 48, ж – 12); 11,2%



Со овој ентитет иследивме 60 пациенти, 48 од машки и 12 од женски пол. *Во моментот на дијагнозата* хипертензија беше присутна кај 71%, акутна ренална инсуфициенција кај 61% и нефротски синдром кај 28% од иследените пациенти. Кај сите пациенти постоеше еритрурија или макрохематурија. Прогнозата на пациентите беше добра. Реналната инсуфициенција се повлече кај сите болни [60].

## *IV.5. Дифузен мезангијален пролиферативен гломерулонефрит*

### *Дефиниција*

Се карактеризира со униформно зголемување на мезангијалните клетки, со најмалку 4 клетки на пресек во сите или во повеќе од 80% од гломерулите. Може да се зголеми и мезангијалниот матрикс, додека капиларните лумени се нормални.

### *Хистолошки промени*

На *светлосна микроскопија* постои експанзија на мезангиумот со мало или никакво зафаќање на капиларните лумени. Експандираниот мезангиум содржи мононуклеарни клетки, доминантно од мезангијално потекло. Оваа пролиферација може да биде придружена со зголемување на мезангијалниот матрикс и во напреднати случаи со мезангијална склероза.

Графикон 5

*Дифузен мезангијален гломерулонефрит*
37 пациенти (м – 27, ж – 10); 6, 94%



На *имунофлуоресценција* пациентите со нефротски синдром често имаат депозити на ИгМ со или без Ц3. Има сугестии дека изолирани депозити на ИгГ или само на Ц3 укажуваат на резолвирачка фаза на акутен ГН.

Со овој ентитет иследивме 37 пациенти, 27 од машки и 10 од женски пол. Во *моментот на дијагноза*, кај пациентите хипертензија беше присутна кај 81%, хронична бубрежна инсуфициенција кај 73%, нефротски синдром кај 67%, додека еритрурија или настапи на хематурија беа присутни кај сите пациенти. Во текот на следењето 59% од пациентите развија терминална хронична бубрежна инсуфициенција.

## *IV.6. Дифузен мезангиокапиларен гломерулонефрит (мембранопролиферативен гломерулонефрит типови 1 и 3)*

### *Дефиниција*

Сите или скоро сите гломерули покажуваат комбинација на здебелување на капиларниот ѕид со различно количество на мезангијална клеточна пролиферација и зголемување на мезангијалниот матрикс. Ова води до акцентуација на нормалната лобуларна структура на гломерулот.

### *Хистолошки промени*

На *светлосна микроскопија* гломерулите изгледаат зголемени, мезангиумот е зголемен со зголемен број на клетки и со зголемено количество на мезангијален матрикс, формирајќи нодули во центрите на гломеруларните лобули (лобуларна форма). Клетките, главно, се со мезангијално потекло, но можат да се сретнат и полиморфонуклеари.

На *имунофлуоресценција* депозитите варираат во количина, дистрибуција и интензитет. Можат да бидат грануларни, кратко линеарни, или средно грануларни (неправилни), или пак комбинација од сите три облика. Главен депозит е Ц3, придружен повремено со рани фракции на комплемент и имуноглобулини.

На *електронска микроскопија* проширениот мезангиум се состои од клетки и матрикс, а често се присутни и депозити на густ материјал. Субендотелниот простор е проширен и исполнет со мезангијални клетки и матрикс – се јавува мезангијална интерпозиција. Изразени депозити ја инфилтрираат lamina densa, додека кај тип 3 таа е оштетена и испрекината.

## *VI.7. Мембранопролиферативен гломерулонефрит тип 2 (болест на „густи" депозити, dense deposit disease-glomerulonephritis)*

### *Дефиниција*

Скоро сите гломерули се карактеризираат со комбинација на здебелување на капиларниот ѕид и промени на мезангиумот. Капиларното здебелување главно се должи на депозити во самата lamina densa.

*Хистолошки промени*

На *светлосна микроскопија* гломерулите покажуваат две основни промени: зголемена мезангијална целуларност и склероза, како и промени во капиларниот ѕид. Капиларната базална мембрана се прикажува дебела и интензивно се бои со еозин и со ПАС. Тубуларните базални мембрани, исто така, можат да бидат здебелени. Полумесечестите формации, целуларни, фиброцелуларни или фиброзни, се присутни кај 1/3 од пациентите и можат да бидат бројни.

На *имунофлуоресцентна микроскопија* најчест наод е интензивен депозит на Ц3 во мезнагиумот и во капиларите, каде што се прикажува како двојна испрекината линија или гранули. Лесна депозиција може да се види и во Bowman-овата капсула.

На *електронска микроскопија* се гледаат многу електрон густи депозити во lamina densa на гломеруларната базална мембрана. Слични депозити од послаб интензитет можат да се видат и во други делови од гломерулот, перигломеруларно, како и во Bowman-овата капсула.

Нашата група на пациенти со *мембранопролиферативен* ГН се состои од 47 болни, машки 28, женски 19, со тоа што одделните типови не се раздвоени и сите пациенти се прикажуваат како целина. Во *моментот на биопсија*, хипертензија беше присутна кај 81%, бубрежна инсуфициенција кај 56%, нефротски синдром кај 98%, еритрурија или макрохематурија кај 79%, а во тек на следењето, 66% од болните развија терминална уремија.

Графикон 6

*Мембранопролиферативен гломерулонефрит*
47 пациенти (м – 28, ж – 19); 8,81%



## IV.8. *Рапиднопрогресивен гломерулонефрит (дифузен ГН со полумесеци, екстракапиларен ГН, „crescentic“ ГН)*

*Дефиниција*

Основна карактеристика е појавата на полумесечести формации во повеќето од гломерулите, кои можат да бидат целуларни, фиброцелуларни или фиброзни.

*Хистолошки промени*

Кај пациентите кои се биопсирани во рана фаза на заболувањето на *светлосна микроскопија* можат да се видат само оскудни гломеруларни промени, како: сегментни ареи на некроза и фиброза со појава на фибрин во Bowman-овиот простор и појава на формирање на полумесецот. Набрзо полумесеци се формираат во сите гломерули.

Графикон 7

*Рапиднопрогресивен гломерулонефрит*
31 пациент (м – 22, ж – 9); 5,8%




На *имунофлуоресцентна микроскопија* најчест е депозитот на фибрин во Bowman-овиот простор, во самите полумесеци, а често и во гломерулот. Имуноглобулинската депозиција варира зависно од етиолошката форма. Депозитот може да биде грануларен, ако се работи за имун комплекс заболување, кај анти-ГБМ (гломеруларна базална мембрана) обликот е линеарен и најчесто е присутен ИгГ долж ГБМ, со или без Ц3, а кај 50% од случаите нема депозити (кај обликот асоциран со присуство на антителата кон цитоплазмата на неутрофилните леукоцити).

На *електронска микроскопија* составот на полумесеците корелира со наодот на оптичка микроскопија. Два типа на клетки можат да бидат најдени: светли, кои содржат само мал број на органели, и темни, богати со ендоплазматски ретикулум, со рапава површина. Некои од клетките даваат карактеристики на моноцити и макрофаги. Капиларните ѕидови повремено покажуваат „прекини" особено во подрачјето на полумесеците. Во некои случаи мали електрон густи депозити можат да се најдат во субендотелните регии.

Со овој ентитет дијагностициравме 31 пациент, 22 машки и 9 од женски пол. *Клинички* кај сите пациенти беше присутна хипертензија, бубрежна инсуфициенција, еритрурија или макрохематурија, додека нефротски синдром беше присутен кај 84%. Во тек на следењето терминална уремија се разви кај 90% од пациентите [69].

### *IV.9. Фокален гломерулонефрит*

*Дефиниција*

Промените се фокални, болеста е почесто дел од системска отколку од идиопатска гломерулска болест.

Графикон 8

*Фокален пролиферативен гломерулонефрит*
115 пациенти (м – 82, ж – 33); 21,5%




*Хистолошки промени*

На *светлосна микроскопија* се гледаат фокалносегментни пролиферации на мезангијалните клетки, придружени со лесно зголемување на ме-

зангијалниот матрикс. Може комплетно да се повлече, но може и да еволуира во сегментни лузни.

На *имунофлуоресцентна микроскопија* можат да се сретнат поедини имуноглобулини (ИгМ, ИгА), или евентуално само фракцијата Ц3 на комплементот. Овие депозити ги одредуваат субетитетите на овој вид ГН.

Со овој ентитет откривме 115 пациенти, 82 од машки и 33 од женски пол. Во *моментот на биопсија* хипертензијата беше присутна кај 56%, почетната хронична ренална инсуфициенција кај 17%, нефротски синдром кај 25%, а еритрурија или настапи на хематурија кај 89%. Во тек на следењето терминална уремија се разви кај 17% од пациентите.

## *IV.10. ИгА нефропатија (болеста на Berger)*

### *Дефиниција*

*Д-р Гане Тодоровски е автор на импозантно литературно дело во две магистрални насоки: автентично литературно писмо, кое се остварува во доменот на поезијата, и металитературно писмо, кое се остварува во доменот на историјата, критиката и реконструкцијата на општиот контекст на македонската литература.*

*Автор е на повеќе од десетина книги поезија преведени на повеќе балкански и светски јазици. Неговите први стихови датираат од времето на Втората светска војна и во нив се огледа тематскиот и стилскиот печат на една епоха во која се прават првите чекори за македонската самостојност и слобода.*

*Д-р Гане Тодоровски е првиот преведувач на модерната светска поезија и во тој домен ја следеше и ја следи дејноста на акад. Блаже Конески. Еден дел од неговата активност е сврзан и со историјата. Неговите интереси се поврзани кон П. Драганов и К. Хрон, П. Милјуков, К. Мисирков, Н. Димов, Ѓорче Петров и други.*

*Тодоровски е пасиониран истражувач на македонскиот деветнаесетти век. Како критичар се одликува со изострен, јасен, образложен и прецизен став. Низа имиња од таканаречената трета генерација македонски писатели својата прва и трајна афирмација му ја должат во прв ред нему. Ги уочува вредностите на поезијата на Србо Ивановски, Матеја Матевски, Радован Павловски и Петре М. Андревски.*

*Постигнатите научни резултати во областа на македонистиката го вбројуваат д-р Гане Тодоровски во славистичките кругови како во Европа така и во светот.*

# ЕМАНЦИПАТОРСКИ ИДЕИ И АКЦИОНИ ПОРАКИ ВО МАКЕДОНСКАТА ЛИТЕРАТУРА НА XIX ВЕК

Во текот на XIX век македонскиот народ се формира во нација. Овој премин во повисока етно-политичка категорија минува низ процеси во чие осмислување и насочување учествува и литературата. Низ подолго време, во европскиот цивилизациски круг литературата е значаен фактор во општеството, а кај помалите народи, таа, покрај својата примарна функција да ја гради и да ја зацврстува смислата на убавото, како уметност на зборот, низ своите зајакнати секундарни функции презема врз себе и задача да биде затемелувач на националниот стабилитет или со други зборови – основен конститутивен фактор.

Образложено со јазикот на литературната историја: во два периода од европскиот развиток на културата – просветителството и романтизмот, литературата му се става во служба на општонародниот интерес па го буди од летаргија и му втиснува закрепнувачко народносно сознание. Широк сплет од еманципаторски идеи инспиративно извираат од сферата на литературата и се прелеваат во народната низина како општествена свест, како стимулација на напредокот. Од оној, маѓесно привлечен и животворен слоган што како духовен препис е позајмен од натписот на Аполоновиот храм во Делфи: „Познај се себеси" („Гноти сеавтон"), преку Гетеовиот здравомислечки повик за повеќе светлина („Мер лихт, мер лихт" – „Mehr Licht"), до она Вилјем Хумболтово резонирање дека единствената татковина е само јазикот („Die wahre Heimat ist eigentlich die Sprache"), течат заложбите и на скромните македонски творци на литературата да се претставаат како учесници во историски процеси, за чие осмислување вложиле по нешто свое.

Низ ова излагање ќе настоиме да ги проследиме поважните заложби на македонските писатели што како еманципаторски идеи, во поопштата смисла на зборот, и како акциони пораки се емитирани пред општеството, наоѓајќи одглас, прием и дејствено проучување во општеството, во јавноста, општејќи низ повеќе форми со сопствената средина. Во нашето видно поле фигурираат имињата на поистакнатите претставници на македонската литература од сите декади на XIX век, низ чии творби на духот – литературните дела, и низ чии јавни појави (искажувања, мемоари, епистоларија) може да се следи протокот на идеите што го движеле македонското општество низ

процесите на неговото самонаоѓање. Почнувајќи од Јоаким Крчовски, Кирил Пејчиновиќ, Теодосија Синаитски, Ѓурчин Кокалески, преку Димитрија Миладинов и Јордан Хаџи Константинов–Џинот, преку Григор Прличев, Константин Миладинов, Рајко Жинзифов, Марко Цепенков, Кузман Шапкарев, Ѓорѓија Динков, Ѓорѓија Пулевски, сè до плејадата од крајот на векот – Темко Попов, Ѓорѓи Баласчев, Петар Поп Арсов, Ѓорче Петров, Војдан Чернодрински, и, се разбира, највпечатливиот афирматор на македонската посебност – Крсте Петков Мисирков.

Ќе им падне в очи на корисниците на овој текст (читатели и слушатели) дека македонскиот литературен XIX век виден низ наши очи трае една година повеќе (столетие со сто и една година!). За ова должам благовремено објаснение: имено, македонскиот литературен XIX век не се совпаѓа со стандардите на календарското броење на годините, бидејќи започнува со 1802 година, а завршува со 1903 година! Ова поместување нанапред во времето на нашава согледба е наложено поради два валидни и превосходно литературно-историски факти: во 1802 година, во Венеција е објавена првата македонска книга чија јазична норма се совпаѓа со денешната норма на македонскиот литературен јазик. Тоа е македонскиот дел (превод) на делото „Началное учение" (на грчки: „Исагогики дидаскалија") од Даниил Москополец, дело популарно познато и како „Четиријазичник" (на грчки: „Тетраглосон"), а во 1903 година, врзано во нашата историска меморија со Илинденското востание, објавена е книгата „За македонцките работи" од Крсте Петков Мисирков, со која се заокружува национално-политичко-културната проблематика на Македонија разгранета во текот на XIX век, конечно се разјаснува со компетентна научна образложеност македонското прашање низ македонски поглед на Македонија ѝ се дава јавен предлог за официјалната норма на македонскиот литературен јазик. Симболиката на овие два датума практично ја објаснува оваа мала аритмија на годините што го сочинуваат македонскиот литературен XIX век.

Неколку клучни идеи на европската еманципаторска преобразба презема македонскиот XIX век и нив главно ги коментира литературата и публицистиката: подизлегување од анонимноста преку презентација на богатото духовно наследство – фолклорот; извишување на живите народни говори во литературна норма означена како *мајчин јазик*; враќање кон словенската традиција по долги векови на оттуѓување; насочување кон создавање слободна татковина со сопствени национални, верски и социјално-политички институции; посег кон здружување со соседните народи.

Кон почетокот на XIX век, во овие региони на Македонија, каде што грчкото влијание не досегало или било сосема незабележливо (Северна Македонија, делови од Западна Македонија), регистрирани се првите појави на будителски акции преку книгата. Низ акциите на Крчовски, Пејчиновиќ, Теодосија Синаитски се пуштаат во оптек и првите просветителски идеи во Македонија. Крчовски во книгата „Различна поучителна наставленија" (1819) им се обраќа на своите браќа христијани секогаш да се поучуваат со книги – „зашто, од читање и слушање слово божие голема сила и спасение

бива... Сос прочитање книги и слушање и Богу можеме да угодиме... и од грешни зборови и од нечисти речи и од клевети секи може да си учува уста-та... и ако се учит на душевни словеса, сиреч на божественнаја книга, тогива се пасе душата со слово божие като овци кога пасат на чиста трева. Така чисто бидуе и јасно и бистро око..." Според Јоаким Крчовски „Ништо не може да биде толку добро колку бива добро од читање книги. Ама да читаме без мрза. Това храни душата, това украшава, това е живот на душата!"

За авторот на „Огледало" (1816), Кирил Пејчиновиќ, помлад од Јоаким Крчовски, но и со понов квалитет од него (поучен и попрошетан, со однос кон минатото и со мисла за општење со големите луѓе на соседите), книгата е важен фактор за извлекување од заостанатоста. Пејчиновиќ како автор на религиозни поуки со просветна традиција, ја користи проповедта како поука за обичните луѓе, па се бори против суеверието и заклучува дека: „сè на писание висит – да не е писмо сè би се заборавело!" Пејчиновиќ изнајде, според зборовите на неговиот современик Теодосија Синаитски – „клуч што го отвора срцето ... не клуч од злато или сребро, туку клуч од челик, од железо". Овој метафоричен намек за животворноста на народниот јазик е прва погласовита афирмација на живите народни говори во Македонија и потребата од нивното воведување во писмената реч а на сметка на постојната, веќе мртва јазична писмена норма на црковнословенскиот јазик, кој минува како повисок стил. Пејчиновиќ ќе му се обрне на српскиот кнез Милош Обреновиќ со молба да му припоможе да ги отпечати своите кажувачки за народот „понеже во тме пребиваем, сиреч не во скољах...". Тој моли да му се испратат книги за да го просвети народот: „Чуле сме, во Букурешт обретајутсја различни книги, обаче, рука наша куса, не досјажет далеко". Македонија во времето на Пејчиновиќ е потоната во тежок мрак и простор каде што многу белези на традицијата се опустуваат, па тој својата животна мисија ја смета борбата за повеќе светлина, борбата за општонародно просветување. На простите монаси и на најобичните нископлатени учители им паѓа во задача да ја извлечат земјата од заостанатоста, од онаа состојба што Јордан Хаџи Константинов–Џинот ќе ја спореди фигуративно како пропаднатост во девет педи простотија.

Така и улогата на преродбенски предводник и раздвижувач на народната низина ќе му припадне на еден прочуен та најпрочуен низ Македонија учител, од средината на векот. Димитрија Миладинов (1860–1862), подоцна познат и како иницијатор и коавтор на епохалниот *Зборник* од македонски и бугарски народни песни, книга што ќе им ги сврти погледите на учените луѓе од Европа кон малупознатата од тоа време Македонија. Идеите на првиот човек на македонската преродба, насочена и осмислена како борба против панхеленистичката опасност од асимилација на Македонците, се сведуваат на заложбата „да се разбуди Македонија од летаргијата на невежеството (незнаењето) и да се врати во лоното на славјанската мајка". За тоа е потребно, според Димитрија Миладинов, да се прифати мајчиниот јазик. Првото име на македонската преродба му се обраќа со писмо до рускиот цар, од Кукуш, на 8 јуни 1858 година, заедно со група граѓани од овој

јужномакедонски град, каде опасноста од однародување била во најизострен степен, со следниве зборови:

„Ваше Величество,

Партали од вековите поминаа, кои не само што го разбрануваа предисториски пелазго-бугаромакедонскиот и историски славјански род, но по извесни причини го удавија и мајчиниот јазик, без да можат, меѓутоа, благодарејќи му на севишниот, да ја затрат неговата самобитност.

Откако мал светлосен зрак ги наелектризира вкочанетите од парализа наши делови, ние ја почувствувавме во дното на својата душа не само потребата од мајчиното млеко, коешто за првпат го цицаат оваа година нашите, облечени во партали дечиња, лишени четири века од мајчината прегратка, не само што го посакуваме својот мајкин јазик, туку посакуваме и гимназија во Кукуш ... и така, со солзи на очите ние ја молиме и горешто ја просиме светлејшата и човекољубива добрина на Вашето Величество да погледне со благонаклонет поглед на географската положба на нашата несреќна татковина...".

Димитрија Миладинов се зафаќа со еден грандиозен потфат: да ја изучи и запознае до подробности својата земја како духовен простор, од чии пазуви излетале светите браќа Кирил и Методиј и свети Климент, земја која му дала многу на словенството и поради тоа очекува многу да добие од словенството. Тој презема на себе да преведе од грчки на македонски јазик делови од Светото писмо а за потребите на македонските училишта, се зафаќа со собирање на оралната традиција и со организација на народните училишта. По средбата со рускиот славист Виктор Иванович Григорович, во мај 1844 година во Охрид, Димитрија Миладинов застанува во улога на челник на преродбенското движење во Македонија. Се појавува како поет и публицист. Своето време го смета како период на подем кон златниот век – векот на просветата.

Оваа програмска ориентација на Димитар Миладинов е основната заложба на македонските литерати и публицисти и во времето негово и по неговата смрт. Идејата за враќање кон словенството идејата за напредок во славјанството и во мајчиниот јазик се раководните принципи на македонските преродбеници, како што ќе рече Големиот Стружанец „поројот на грчкиот јазик ќе стане за тукашниве места незадржлив доколку не се преземат силни мерки". Тој смета дека фактот што многумина наши Славјано-Македонци се школуваат во грчки училишта и во Грција и во Турција придонесува со тек на време, со прифаќањето на јазикот да се формираат и наравите (моралните особини) и сообразно со тоа народноста да се слива со чувствата. Димитрија Миладинов гледа во Русија („Сесјајната северна ѕвезда") спас и бара помош од неа. Воведувајќи го народниот јазик во училиштата, тој ја насочува Македонија во потрага кон сопствениот идентитет. Во своето познато *Писмо до кукушани*, од 24 октомври 1857 година, од Струга, кажува:

„Со задоволство го прочитав Вашето пријателско писмо и со восхит дознав за Вашите благородни чувства кон славјанството и кон образование-

то на нашиот народ... Јас скокам од радост гледајќи го вашиот стремеж и Вашата љубов кон нашиот мајчин јазик, и особено за тоа што многумина од младинците се решиле усрдно да го учат словенскиот јазик и божествената служба на стариот наш прадедов јазик... Вие први во Источна Македонија започнувате да го изучувате нашиот прадедов јазик, Вие први ќе ја обесмртите во славјанската историја својата татковина... О, како ми е срам што Ви ги изложувам своите славјански чувства на грчки и поради тоа што едвај неодамна започнав да читам, пишувам и разбирам славјански".

Благодарејќи им на преродбенските заложби на Димитрија Миладинов, Македонија во пет до дванаесет ќе се осознае од една поразна состојба. Учениците на Димитрија Миладинов, по неговата трагична смрт, ќе ги продолжат неговите идеи во поизострена форма и на поразгранет начин.

Така, „бедното ни и окајано отечество Македонија", кое грчките фанариотски мисионери настојат да го обезличат и асимилираат бескрупулозно, безочно, варварски, им станува по Димитрија Миладинов и грижа и добродетел и тие постепено своите размисли и во својата емоционална суштина се врзуваат за татковинската идеја и го прегрнуваат мајчиниот јазик, служејќи им така на доминантните идеи што го движеа тогаш времето.

Еден од најгласовитите ученици на Димитрија Миладинов охриѓанецот Григор Прличев (1830–1893), кого официјална Атина во 1860 го удостои со почесниот назив „Втор Хомер" за поемата „СЕРДАРОТ", во деценијата помеѓу 1860 и 1870 година се разгрна низ своите јавни акции на писател и општественик во борбата за конечна словенизација на Македонија. Успеа да внесе во поимските категории – татковина, народ, јазик, традиција, минато – разјаснувачко толкување, со силата на својата дарба за убоит збор и красноречивост, со магија на својата проникливост во суштините на општомакедонските состојби. Неговите јавни проповеди од тој период се илустрација на тие автентични и инспиративни расудоци.

Како најпројавен борец на панхелинизмот во Македонија, по смртта на браќата Миладиновци (Димитрија и Константин) во јануари 1862 година, Прличев се пројавува како поет, мемоарист и есеист, како вонсериски публицист, чија јавна реч наоѓа голем и длабок одзив меѓу Македонците: Со песните: „До кога мили браќа Македонци", „Песна за уништувањето на Охридската архиепископија", „Песна за пречекот на владиката Натанаил", како и со „Автобиографијата", есеите и словата за светите солунски браќа Кирил и Методиј и за свети Климент, како и со знаменитиот говор од 1866 година – „Чувај се себеси".

Поведувајќи јавна борба против грцизмот во Македонија, Прличев ги повикува своите сограѓани во Охрид, пред да биде затворен од турските власти и испратен во дебарските зандани окован, ги повикува на непомирлива борба за сопствен, македонски престиж, за спас на милото наше отечество. Татковинската идеја што ја навести преку „Сердарот" низ алегорија, сега тој ја развива и доразвива, доразгранува низ своите непретенциозни навидум кратки песнички, кои фаќаат корен во душата на народот, од ред се

пеат, се шират, создавани се за потребите на училишните средини но подоцна подизлегуваат вон школските одаи, дворови и ѕидови и добиваат широка популарност меѓу народот. Нивното воздејство врз народната низина е огромно. Се закрепнува народната свест која постепено се гради – од етапата на самопознавањето, преку етапата на самопочитувањето, до етапата на самозачувувањето (заштитата). Прличев држи во охридските цркви во неделите пламени и возбудливи слова со кои ги маѓепсува слушачите, верниците, последувачите свои. Преку тие негови луцидни проповеди најдобро го проследуваме пулсот на преродбата наша – „разбудувејњето наше", како што ќе рече самиот или „нашето новородвение" како што ќе го формулира тој процес на самосознавање Константин Миладинов.

Татковинската идеја Прличев ја разгрнува низ поставките за потреба од самозачувување: божјата порака или предупреда „Чувај се себеси!" авторот на „Сердарот" ја образложува не само како мудрост, туку како закон што треба да му е испишан секому во срцето со живо писмо. Господ му рекол човеку: „Јас ти дадов разум, чувај се. Ако не се чуваш ќе седиш беден, злосреќен и намуртен!" Предочува Прличев дека за своите состојби човекот треба да ја поднесе одговорноста, па укажува на европските примери низ коишто општествата се бореле против неукоста и вели: „Учи, за да знаеш да се чуваш". Прличев извлекува заклучок за почитта кон татковината: „Чувај си ја татковината и љуби ја неа појќе од све!" – и веднаш потоа: „Учи мајкин јазик, заштото е лесен и ќе те просветит в мало време". Својата апологија на татковината тој ја ткае низ вакви размисли:

„Кога Бог ти викат 'Чувај се', многу повеќе ти викат да си ја чуваш таткојната. Затова, ер колку да бидит човек глупав и нечесен, пак таткојната му е најмила на векот. Зашто, татко имаме еден а таткојната е многу таткои; мајка имаме една, а таткојната (мајковината) е хилјади мајки; браќа имаме пет или десет, а таткојната е неброени браќа. Еден човек што не си ја милвит таткојната појќе од татка и мајка и појќе од себеси, тој е многу побетер од говедата...".

Прличев бара од охриѓани да применат бојкот кон одродените (погрчените) Македонци па ја возвеличува силата на народот кој, доколку е самоосознаен може да стори многушто:

„Ако вистина го сакате харното ваше, да ги забележите добро всите предавачи, всите шпиони, всите што ги лижеет саханите владички, всите што излегвеет саип или од интерес или од невежество или од простота и глупавчина. Всите тие малцина са да ги забележиме; добро утро да не им велите, в куќите ваши да не ги прибирате, в куќите нихни да не газите, земајниедавајние с ними да немате, та тие кога ќе бидат токмо афоресани (отлучени), понеже народот можит да афоресат кога сакат и ер кого сакат. Народот е пострашен од морето, пострашен од огнот: прво Бог, сетне царот, сетне народот."

Во своите слова низ кои ја привлекува народната маса Прличев предочува дека „со елинскиот јазик не можит да бидит напредија у нас", преду-

предува дека „јазик свој си имаме и го погазивме ... (па) си ги ослепивте сами чадата ваши с јазик чужди, мртов и немајчин". Во словото за светите браќа Кирил и Методиј, произнесено во Солун, негде по 1883-та година, неговата апологија за татковината како да ја достига својата кулминација. Обраќајќи им се на оние што дојдоа да ѝ служат на татковината и во Солун да го празнуваат празникот на светите браќа, Прличев со патетика на народен трибун кажува:

„Оскудело нам мудрих мужеј число! Мајка Македонија многу е ослабнала. Откако породи великаго Александра, откако породи св. св. Кирила и Методија, оттога мајка Македонија лежи на леглото си ужасно изнемоштена, совршено премрела. Мајка что родила великаго сина, надали ќе може да роди и другего. Затова толку ретки се на светот великите мажи. Цели просветени држави во течение на педесет години едва можат да произведат велик маж. Срдечно благодарение Вам, мили мои сотрудници, что дојдохте да целувате својата земја, дето стапнали нозете на св. св. Кирила и Методија... Но, простете ме... Грешив... што реков јас?...

Хула е да каже човек оти Македонија не може да рожда велики мажи. Напротив, Македонија е плодородна, и неисцрпно благочадна. Колку се убави цвеќињата нејзини, колку се убави и чедата нејзини: и убави, и пргави, и остроумни. Каква е силата на растителноста, таква е силата и на жителите.

Благодарение Вам, колеги, Македонија има да произведе ѕвездоподобни младенци. Пак благодарение Вам, Вие ќе бидете повиватели на младенците на Македонија – повиватели благодушни, благооки, симпатически, благомислјашти. За новородените младенци на Македонија Вашата радост ќе биде рамна на радоста на мајката, что ги родила."

Обраќајќи им се со овие зборови на солунските Македонци од крајот на осмата деценија на минатиот век Прличев ги ваби на јавна сцена новите кириловци и методиевци кои ќе бидат светила на нашите училишта, благолепие на црквите ни, столбови на верата и ќе го прослават македонското име. Прличевци на овој начин ги подготвија Делчевци.

Овие години приближно (седмата и осмата деценија на XIX век) една друга необична и атрактивна личност на писател-автодидакт, галичанецот Ѓорѓија Пулевски (1817–1895) ги раскрилува преку книги со стихови и размисли татковинските идеи на самосвоен начин, неоти да се разлева ехо (по Бистрине и Корабине) на подреченото од Ѓурчина Кокалески на самиот почеток на векот – на клетвеното и заветното: „Да биде афоресан оној што не ќе си го сака својот род!" Или, како да се разгласуваат најнашироко програмските идеи на виенскиот Македонец, баронот Бели, што триесеттите години им ги упатува на своите еднородни браќа во Турција а кои се резимирани низ сентенцата на Софокле дека е ништотник оној кој има подобар пријател од својата татковина!

Пулевски испишува книги и војува со пушка в рака и како војник на македонската легија во Србија и како учесник во големата Руско-турска војна (1877–1878) во редовите на ополчението и во единиците на новооснована-

та Македонска војска во екот на Кресненското востание, во кое е еден од раководителите, заедно со владиката Натанаил Кучевишки. Пулевски во својот РЕЧНИК ОД ТРИ ЈАЗИЦИ (С. Македонски, албански и турски), Белград 1875 г. ја внесува во разјаснети дефиниции Македонија и во неговите сфаќања за словенските јазици фигурира и македонскиот. Тој им кажува на своите современици дека македонскиот јазик е најсроден со црквено-словенскиот, дека „Мије Славјани кои се наодиме од Македонија, на југоисточни крај на Европа... Старославјани сме и нашиот јазик се велит мијачки, кое значит чист разговор" ... и дека „Мије живуваме во Европа, во царство Турско" ... и дека „Наше отечество се велит Македонија и мие се именуваме С. Македонци" ... и дека Македонија била пофалена у време цара великаго Александра". Пулевски го објаснува и националното чувство што подоцна ќе се кристализира кај Темко Попов и кај Крсте Мисирков во јасна свест за припадност кон одделна словенска етничка самобитност.

Македонскиот литературен XIX век преку акциите на „Лозарите" од последната деценија на столетието (од редот на македонската емиграција во Софија), и македонистите што делуваат во Србија (Темко Попов, Деспот Баџовиќ, Наум Евро) ќе ги регистрира настојбите за извишување на македонскиот јазик на ниво на литературен, а врз основа на претходните заложби на генерацијата на таканаречените учебникари (Кузман Шапкарев, Венијамин Мачуковски, Димитар Македонски, Ѓорѓија Пулевски, Партенија Зографски). Темко Попов, како услов без кој не се може, го постава прашањето за помакедончување на Македонија а таа идеја конечно ја резимира и ја сублимира како *македонска теорија* – Крсте Петков Мисирков, првиот теоретичар на македонскиот книжевен јазик (1874–1926), кој со својата книга што практично е настаната и составена буквално на самиот крај на XIX век, го образложи македонското гледиште во книгата „За македонцките работи" (Софија, 1903). Низ бројни аналитички и научно аргументирани трудови тој фрли поглед врз минатото, сегашноста и иднината на Македонија доречувајќи ги сите заустени еманципаторски идеи од страна на македонските писатели и публицисти во текот на XIX век. Овој инвентивен координатор на македонството на преминот на двата века (XIX и XX), чија животна врвица симетрично е поделена меѓу двете столетија, гласовито и уверено ќе изјави дека:

„Свеста и чувството дека сум Македонец треба да стојат повисоко од сѐ друго на светов... Сѐ треба да биде оценувано од македонско гледиште... Беззаветната и безгранична љубов кон Македонија, постојаното мислење и работење за интересите на Македонија и полн конзерватизам во појавите на македонскиот национален дух: јазикот, народната поезија, наравите, обичаите – ете ги главните црти на македонскиот национализам".

Мисирков ги обзнани категорично низ диоптријата на литерат и публицист суптилните категории: татковина, јазик, држава, нација и духовен простор и им втисна во свеста на своите современици вера во сопствените сили, гордост и достоинство со славното минато на народот, историјата и културната традиција и визија за слобода во која ќе се влезе преку сестрана

културна и политичка подготовка. Таа подготовка тој ја нарече: самостојна македонска научна мисла и македонска национална свест. Сиот македонски литературен XIX век, всушност, тоа и го чинеше, низ многубројни поревања, лутања и конечно самонаоѓање.

Благодарение на овие идеи, завети, пораки и поуки, предочувања и предупреди, јавни обраќања и сигнали до потомството, коишто ги емитираа македонските писатели и публицисти, македонската разбудена интелигенција, интелектуалната елита на Македонија како мислечка авангарда на нацијата, Македонија се разбудува, се наоѓа себеси и трга во пресрет на својата иднина што веќе умее да ја чита. Векот што следи понатаму, или, според нашето толкување – по годината на Илинден и проблесокот на Мисирковата ѕвезда врз македонското духовно небо, Македонците си ја изградуваат нацијата, државата, културата и во нови услови на своевидно отежната опстојба продолжуваат понатаму – кон векувањето.

# БИБЛИОГРАФИЈА
## НА ПРОФ. ГАНЕ ТОДОРОВСКИ


1. „Големиот чин на Солунските браќа", во: *Маѓепсан меѓдан.* – Скопје, „Култура", 1979, стр. 11–15.
2. „За првата биографија на Миладиновци", во: *Маѓепсан меѓдан.* – Скопје, „Култура", 1979, стр. 16–22.
3. „Прашањето за генезата на зборникот народни песни од Миладиновци и мислењето на Жинзифов", во: *Маѓепсан меѓдан.* – Скопје, „Култура", 1979, стр. 23–30.
4. „Трагичниот крај на браќа Миладиновци", во: *Маѓепсан меѓдан.* – Скопје, „Култура", 1979, стр. 31–40.
5. „Да раздајам нашиот јазик на таткојната моја...", во: *Маѓепсан меѓдан.* – Скопје, „Култура", 1979, стр. 41–48.
6. „Димитрија Миладинов во очите на атинскиот ловроносец", во: *Маѓепсан меѓдан.* – Скопје, „Култура", 1979, стр. 49–54.
7. „Рајко Жинзифов", во: *Маѓепсан меѓдан.* – Скопје, „Култура", 1979, стр. 55–62.
8. „Поетот на македонските неволи", во: *Маѓепсан меѓдан.* – Скопје, „Култура", 1979, стр. 63–83.
9. „За конфликтот меѓу Прличев и охридскиот митрополит Натанаил", во: *Маѓепсан меѓдан.* – Скопје, „Култура", 1979, стр. 84–93.
10. „Крсте Петков Мисирков", во: *Маѓепсан меѓдан.* – Скопје, „Култура", 1979, стр. 94–110.
11. „Поглавје за Ламански", во: *Маѓепсан меѓдан.* – Скопје, „Култура", 1979, стр. 111–116.
12. „Македонските теми во публицистиката на Димо Хаџи Димов", во: *Маѓепсан меѓдан.* – Скопје, „Култура", 1979, стр. 117–149.
13. „Црвено знаме македонско", во: *Маѓепсан меѓдан.* – Скопје, „Култура", 1979, стр. 150–155.
14. „Никола Вапцаров", во: *Маѓепсан меѓдан.* – Скопје, „Култура", 1979, стр. 156–161.
15. „Македонската литература меѓу двете војни", во: *Маѓепсан меѓдан.* – Скопје, „Култура", 1979, стр. 165–171.
16. „Белешки кон поетиката на Рациновите 'Бели Мугри'", во: *Маѓепсан меѓдан.* – Скопје, „Култура", 1979, стр. 172–179.
17. „Посегање кон митот (Фолклорни инспирации во поезијата на неколкумина современи македонски автори од средната генерација)", во: *Маѓепсан меѓдан.* – Скопје, „Култура", 1979, стр. 180–188.

18. „Македонската народна песна и Илинден“, во: *Маѓепсан мегдан.* – Скопје, „Култура“, 1979, стр. 189–197.
19. „За македонскиот детски фолклор“, во: *Маѓепсан мегдан.* – Скопје, „Култура“, 1979, стр. 198–210.
20. „Петар Данилович Драганов и неговиот интерес за македонскиот фолклор“, во: *Маѓепсан мегдан.* – Скопје, „Култура“, 1979, стр. 211–219.
21. „Литературни сведоштва за Илинден“, во: *Маѓепсан мегдан.* – Скопје, „Култура“, 1979, стр. 220–227.
22. „Кон неврвени врвици (Матеја Матевски: ‘Дождови’, Скопје 1965)“, во: *Маѓепсан мегдан.* – Скопје, „Култура“, 1979, стр. 231–236.
23. „Сериозен чекор кон себенаоѓањето (Анте Поповски: ‘Вардар’, Скопје 1958)“, во: *Маѓепсан мегдан.* – Скопје, „Култура“, 1979, стр. 237–240.
24. „Апотеоза на сензибилитетот (Радован Павловски: ‘Суша, свадби и селидби’, Скопје 1961)“, во: *Маѓепсан мегдан.* – Скопје, „Култура“, 1979, стр. 241–250.
25. „Задоцнет одглас на интимата (Ацо Алексиев: ‘Песни’, Скопје 1956)“, во: *Маѓепсан мегдан.* – Скопје, „Култура“, 1979, стр. 251–254.
26. „Љупчо Стојменски: ‘Меѓу два брега’“, во: *Маѓепсан мегдан.* – Скопје, „Култура“, 1979, стр. 255–258.
27. „Загатката на едно деби (Блаже Павловски: ‘Сенки на каменот’, „Кочо Рацин“, Скопје 1960)“, во: *Маѓепсан мегдан.* – Скопје, „Култура“, 1979, стр. 259–260.
28. „Вон маѓепсаниот круг на молчењето (Србо Ивановски: ‘Маѓепсан патник’, „Култура“, Скопје 1966)“, во: *Маѓепсан мегдан.* – Скопје, „Култура“, 1979, стр. 261–265.
29. „Поетика, поезија, поет (Петре Андреевски: ‘Јазли’, Скопје 1960)“, во: *Маѓепсан мегдан.* – Скопје, „Култура“, 1979, стр. 266–271.
30. „Возвишен поклоник на еротиката (Петре Андреевски: ‘Дениција’, „Култура“, Скопје 1968)“, во: *Маѓепсан мегдан.* – Скопје, „Култура“, 1979, стр. 272–276.
31. „Уметност sui generis (прозниот опус на Петре М. Андреевски)“, во: *Маѓепсан мегдан.* – Скопје, „Култура“, 1979, стр. 277–279.
32. „Љубен Ташковски: ‘Љубен во Америка’, „Македонска книга“, Скопје 1970“, во: *Маѓепсан мегдан.* – Скопје, „Култура“, 1979, стр. 280–283.
33. „Поетска прозивка 1966 (Македонската поетска продукција меѓу две Струги)“, во: *Маѓепсан мегдан.* – Скопје, „Култура“, 1979, стр. 284–294.
34. „Лирика на елегични созвучја (Кон поезијата на Адем Гајтани)“, во: *Маѓепсан мегдан.* – Скопје, „Култура“, 1979, стр. 295–301.
35. „Поезијата на Хасан Мерџан“, во: *Маѓепсан мегдан.* – Скопје, „Култура“, 1979, стр. 302–308.
36. „‘Луѓе и мостови’ на Луан Старова“, во: *Маѓепсан мегдан.* – Скопје, „Култура“, 1979, стр. 309–313.
37. „‘Доближувањата’ на Луан Старова“, во: *Маѓепсан мегдан.* – Скопје, „Култура“, 1979, стр. 314–318.
38. „Разгатка на една поетска авантура или: творечките искуства на Михаил Ренџов“, во: *Маѓепсан мегдан.* – Скопје, „Култура“, 1979, стр. 319–328.
39. „Лет кон ненаселените поетски простори (Веле Смилевски: ‘Слика што согорува’)“, во: *Маѓепсан мегдан.* – Скопје, „Култура“, 1979, стр. 329–332.

40. „Синкопирани поетски исповеди (Коле Мангов: 'Гладострав')", во: *Маѓепсан мегдан*. – Скопје, „Култура", 1979, стр. 333–338.

41. „Растреперените тајни на Катица Ќулавкова", во: *Маѓепсан мегдан*. – Скопје, „Култура", 1979, стр. 339–342.

42. „Зборот како препознавање (Љупчо Силјановски: 'Внатрешни огледала')", во: *Маѓепсан мегдан*. – Скопје, „Култура", 1979, стр. 343–345.

43. „Неколку приближувања кон романот 'Потомците на Кат' на М. Фотев", во: *Маѓепсан мегдан*. – Скопје, „Култура", 1979, стр. 346–349.

44. „Самобитна и стамените поетска појава (Ефтим Клетников: 'Зраци и самраци')", во: *Маѓепсан мегдан*. – Скопје, „Култура", 1979, стр. 350–354.

45. „Пат околу проклетствата на дијаспората (Кон 'Вест Ауст' на Божин Павловски)", во: *Маѓепсан мегдан*. – Скопје, „Култура", 1979, стр. 355–361.

46. „Славко Јаневски", во: *Маѓепсан мегдан*. – Скопје, „Култура", 1979, стр. 362–366.

47. „Ацо Шопов", во: *Маѓепсан мегдан*. – Скопје, „Култура", 1979, стр. 367–380.

48. „Коле Чашуле", во: *Маѓепсан мегдан*. – Скопје, „Култура", 1979, стр. 381–388.

49. „Разгатката на една растајнувачка (Коле Чашуле: 'Премреже', дел 1, „Култура", Скопје 1977)", во: *Маѓепсан мегдан*. – Скопје, „Култура", 1979, стр. 389–400.

50. „По недоодот на македонските црнила (Кон драмата 'Житољуб' од К. Чашуле)", во: *Маѓепсан мегдан*. – Скопје, „Култура", 1979, стр. 401–406.

51. „За смислата на немирењето, на опстојувањето или: како да се чита Чашуле", во: *Маѓепсан мегдан*. – Скопје, „Култура", 1979, стр. 407–415.

52. „Пред феноменот на недоизреченоста или новиот облик на Илија Џаџев!", во: *Маѓепсан мегдан*. – Скопје, „Култура", 1979, стр. 416–420.

53. „Размисла за остриот збор (Се затвора ли нашата литература во кули од слонова коска?)", во: *Маѓепсан мегдан*. – Скопје, „Култура", 1979, стр. 423–427.

54. „Пресметани алузии (збор-два за критиката)", во: *Маѓепсан мегдан*. – Скопје, „Култура", 1979, стр. 428–415.

55. „Антологии и антологичари", во: *Маѓепсан мегдан*. – Скопје, „Култура", 1979, стр. 431–436.

56. „Писмо до младиот пријател", во: *Маѓепсан мегдан*. – Скопје, „Култура", 1979, стр. 437–445.

57. „Ленин за Толстој", во: *Маѓепсан мегдан*. – Скопје, „Култура", 1979, стр. 446–461.

58. „Лев Николаевич Толстој за Македонија", во: *Маѓепсан мегдан*. – Скопје, „Култура", 1979, стр. 462–476.

59. „Роман за Македонија на шпански јазик", во: *Маѓепсан мегдан*. – Скопје, „Култура", 1979, стр. 477–482.

60. „Епот како карактеристична литературна форма за медитеранската традиција со посебен осврт врз аналогијата Мажураниќ–Његош–Прличев", во: *Маѓепсан мегдан*. – Скопје, „Култура", 1979, стр. 483–492.

61. „Тито во југословенската револуционерна поезија", во: *Маѓепсан мегдан*. – Скопје, „Култура", 1979, стр. 493–501.

62. „Последните од лозата на дедо Марко Цепенков", во: *Маѓепсан мегдан*. – Скопје, „Култура", 1979, стр. 502–510.

63. „Прилог кон проучувањето на социологизацијата на современата македонска литература: писателот во општеството!“, во: *Мағепсан meğдан.* – Скопје, „Култура“, 1979, стр. 511–518.

64. „Стилската формација кај Македонците во XIX и XX век (Прилог кон периодизацијата на новата македонска книжевност)“, во: *Мағепсан meğдан.* – Скопје, „Култура“, 1979, стр. 519–530.

65. „Кон една романсирана заблуда (Димитар Спространов: ‘Охридска пролет’, Софија 1961)“, во: *Мағепсан meğдан.* – Скопје, „Култура“, 1979, стр. 533–544.

66. „Григор Прличев: одбрани страници (Приредил Тодор Димитровски. Издава „Кочо Рацин“, Скопје 1959)“, во: *Мағепсан meğдан.* – Скопје, „Култура“, 1979, стр. 545–547.

67. „Импозантен издавачки потфат (Кочо Рацин: ‘Бела свитања’, „Форум“, Нови Сад 1965)“, во: *Мағепсан meğдан.* – Скопје, „Култура“, 1979, стр. 548–550.

68. „Пушкин на македонски“, во: *Мағепсан meğдан.* – Скопје, „Култура“, 1979, стр. 551–556.

69. „Кон првиот македонски ‘Фауст’“, во: *Мағепсан meğдан.* – Скопје, „Култура“, 1979, стр. 557–565.

70. „Кон ‘Избраните песни’ на Томас Стернс Елиот“, во: *Мағепсан meğдан.* – Скопје, „Култура“, 1979, стр. 566–568.

71. „Оскар Давичо: ‘Поезија’“, во: *Мағепсан meğдан.* – Скопје, „Култура“, 1979, стр. 569–572.

72. „Видовитиот австриски македонолог – Карл Хрон“, во: *Мағепсан meğдан.* – Скопје, „Култура“, 1979, стр. 573–577.

73. „Издавачки потфат помеѓу многу ‘да’ и доста ‘не’ (‘Македонската книжевност во книжевната критика’, приредиле: Алдо Климан, Раде Силјан, Веле Смилевски и Санде Стојчевски, кн. 1–4, „Мисла“, Скопје 1973/74)“, во: *Мағепсан meğдан.* – Скопје, „Култура“, 1979, стр. 578–595.

74. „Повторното раѓање на Марко Цепенков (Марко К. Цепенков: ‘Македонски народни умотворби’, во десет книги. Институт за фолклор. Редакција: Кирил Пенушлиски, Блаже Ристовски и Томе Саздов. Јазичен редактор: Тодор Димитровски. Издавач: „Македонска книга“, Скопје, 1972)“, во: *Мағепсан meğдан.* – Скопје, „Култура“, 1979, стр. 596–605.

75. „Една добредојдена книга (Божидар Настев: ‘Македонија во делата на француските писатели’, 1900–1930, „Мисла“, Скопје 1975)“, во: *Мағепсан meğдан.* – Скопје, „Култура“, 1979, стр. 606–610.

76. „Света Лукиќ: современа југословенска литература“, во: *Мағепсан meğдан.* – Скопје, „Култура“, 1979, стр. 611–613.

77. „Младите поети на Југославија на руски“, во: *Мағепсан meğдан.* – Скопје, „Култура“, 1979, стр. 614–617.

78. „Советски одгласи во Македонија“, во: *Мағепсан meğдан.* – Скопје, „Култура“, 1979, стр. 618–625.

79. „Вечните Миладиновци“, во: *Со збор кон зборот.* – Скопје, „Наша книга“, 1985, стр. 11–16.

80. „Двигателите на македонската преродба“, во: *Со збор кон зборот.* – Скопје, „Наша книга“, 1985, стр. 17–26.

81. „Миладиновци и македонскиот истрајвек", во: *Со збор кон зборот.* – Скопје, „Наша книга" 1985, стр. 27–31.

82. „Наум Миладинов како биограф на браќата Димитрија и Константин Миладинов", во: *Со збор кон зборот.* – Скопје, „Наша книга", 1985, стр. 32–37.

83. „*Филосов скопскиј – наш тредјаковскиј*", во: *Со збор кон зборот.* – Скопје, „Наша книга", 1985, стр. 38–52.

84. „Поетскиот опус на Јордан Хаџи Константинов–Џинот", во: *Со збор кон зборот.* – Скопје, „Наша книга", 1985, стр. 53–71.

85. „Скопскиот период од живото на Џинот (1848–1857)", во: *Со збор кон зборот.* – Скопје, „Наша книга", 1985, стр. 72–95.

86. „Белешка за Џинот", во: *Со збор кон зборот.* – Скопје, „Наша книга", 1985, стр. 96–99.

87. „Илинден и македонската литература: поглавје за Атанас Раздолов (1872–1931)", во: *Со збор кон зборот.* – Скопје, „Наша книга", 1985, стр. 100–116.

88. „За 'Лоза', за 'лозарите' и за 'лозарството'", во: *Со збор кон зборот.* – Скопје, „Наша книга", 1985, стр. 117–132.

89. „Димо Хаџи Димов и Јане Сандански", во: *Со збор кон зборот.* – Скопје, „Наша книга", 1985, стр. 135–152.

90. „Наце Димов, автор на книгата за Македонија од 1913 г.", во: *Со збор кон зборот.* – Скопје, „Наша книга", 1985, стр. 153–158.

91. „Необјавениот говор на Крсте Мисирков на Општословјанското собрание во Одеса, 6 август 1914 година", во: *Со збор кон зборот.* – Скопје, „Наша книга", 1985, стр. 159–163.

92. „Книжевниот круг на списанието 'Македонски вести' – Софија, 1935/36 година" (со прилог: литературно-историска граѓа од списанието), во: *Со збор кон зборот.* – Скопје, „Наша книга", 1985, стр. 164–205.

93. „Илинден и македонската современа поезија", во: *Со збор кон зборот.* – Скопје, „Наша книга", 1985, стр. 206–210.

94. „За превапцувањето на Вапцаров", во: *Со збор кон зборот.* – Скопје, „Наша книга", 1985, стр. 211–218.

95. „Првата објавена песна на Вапцаров: 'За татковината'", во: *Со збор кон зборот.* – Скопје, „Наша книга", 1985, стр. 219–220.

96. „Мотивот на Пирин во поезијата на Н. Ј. Вапцаров", во: *Со збор кон зборот.* – Скопје, „Наша книга", 1985, стр. 220–225.

97. „Вапцаров – писател со двојна литературна припадност", во: *Со збор кон зборот.* – Скопје, „Наша книга", 1985, стр. 226–230.

98. „Антон Попов за Рациновите 'Бели Мугри'", во: *Со збор кон зборот.* – Скопје, „Наша книга", 1985, стр. 231–240.

99. „За Рацин – вонјубилејно", во: *Со збор кон зборот.* – Скопје, „Наша книга", 1985, стр. 241–248.

100. „Литерат со широк распон на можности (Кон 'Избраните дела' на Блаже Конески во издание на сараевската „Свјетлост", белградската „Народна књига", загребската „Младост" и титоградската „Побједа" во четири книги, 1982 г.)", во: *Со збор кон зборот.* – Скопје, „Наша книга", 1985, стр. 251–258.

101. „Пасиониран одгледувач на есејот (Luan Starova: 'Afrime', Flaka e vëllazërimit, Shkup, 1982.)", во: *Со збор кон зборот.* – Скопје, „Наша книга", 1985, стр. 259–265.

102. „Прилог кон проучувањето на младата проза (Белешки кон романот 'Дува' на Божин Павловски)", во: *Со збор кон зборот.* – Скопје, „Наша книга", 1985, стр. 266–272.

103. „За парасемантиката на црквената хипокризија (Размислување за романот 'Црвениот хипокрит' на Божин Павловски, издание на „Мисла" и „Македонска книга", Скопје 1984 г., стр. 360)", во: *Со збор кон зборот.* – Скопје, „Наша книга", 1985, стр. 273–279.

104. „Подизлегување врз поприштето на историјата (Горан Стефановски)", во: *Со збор кон зборот.* – Скопје, „Наша книга", 1985, стр. 280–287.

105. „Знаме стуткано во пазувите на Паскал Гилевски", во: *Со збор кон зборот.* – Скопје, „Наша книга", 1985, стр. 288–291.

106. „Во потрага по еден нов поетски ред (Записи за поетичките искуства на Михаил Ренџов)", во: *Со збор кон зборот.* – Скопје, „Наша книга", 1985, стр. 292–304.

107. „Белешка за романот 'И бол и бес' од Славко Јаневски", во: *Со збор кон зборот.* – Скопје, „Наша книга", 1985, стр. 305–308.

108. „Белешка за Мите Богоевски (1919–1942)", во: *Со збор кон зборот.* – Скопје, „Наша книга", 1985, стр. 309–310.

109. „Белешка за Ацо Караманов (1927–1944)", во: *Со збор кон зборот.* – Скопје, „Наша книга", 1985, стр. 311–313.

110. „'Лузни на срцето' од Ѓорѓија Најдоски", во: *Со збор кон зборот.* – Скопје, „Наша книга", 1985, стр. 314–315.

111. „Книжевната бидувачка овде", во: *Со збор кон зборот.* – Скопје, „Наша книга", 1985, стр. 316–319.

112. „Македонската наука за книжевност пред сопствените дилеми", во: *Со збор кон зборот.* – Скопје, „Наша книга", 1985, стр. 320–324.

113. „Генерацискиот миг е неповторлив", во: *Со збор кон зборот.* – Скопје, „Наша книга", 1985, стр. 325–329.

114. „Некои прашања од периодизацијата на современата македонска литература и пост скриптум кон една неодржана дебата за современата македонска литература", во: *Со збор кон зборот.* – Скопје, „Наша книга", 1985, стр. 330–338.

115. „Пред портите на литературата (Анотации за некои актуелни проблеми на македонската детска литература)", во: *Со збор кон зборот.* – Скопје, „Наша книга", 1985, стр. 339–357.

116. „Антологии и антологичари", во: *Со збор кон зборот.* – Скопје, „Наша книга", 1985, стр. 358–362.

117. „По трагите на својот лирски јунак (Белешка кон песната 'Даровница или запис на русокосата гастербајтерка од нашата улица')", во: *Со збор кон зборот.* – Скопје, „Наша книга", 1985, стр. 363–368.

118. „Течат дните, течат дните...годините, месеците, седмиците", во: *Со збор кон зборот.* – Скопје, „Наша книга", 1985, стр. 369–375.

119. „Драгоцености на македонското литературознание (Харалампие Поленаковиќ: 'Одбрани трудови', во пет книги, „Мисла", Скопје 1973)", во: *Со збор кон зборот.* – Скопје, „Наша книга", 1985, стр. 376–380.

120. „Прилози на Х. Поленаковиќ од историјата на македонската литература (Годишен зборник на Филозофски факултет, Скопје, кн. XV, 1963)“, во: *Со збор кон зборот.* – Скопје, „Наша книга“, 1985, стр. 381–385.

121. „Нови трудови на Х. Поленаковиќ“, во: *Со збор кон зборот.* – Скопје, „Наша книга“, 1985, стр. 386–387.

122. „Прилози од фолклорот на Марко Китески“, во: *Со збор кон зборот.* – Скопје, „Наша книга“, 1985, стр. 388–391.

123. „Петре М. Андреевски – литературно-историска проекција“, во: *Со збор кон зборот.* – Скопје, „Наша книга“, 1985, стр. 395–398.

124. „Неколку зборови на Ташко Георгиевски (Реч по повод избраните дела на Ташко Георгиевски во три книги, „Мисла“, 1984 г. – при промоцијата на делата во салонот на „Мисла“ на 27 јуни 1984 г.)“, во: *Со збор кон зборот.* – Скопје, „Наша книга“, 1985, стр. 399–403.

125. „Душко Томовски“, во: *Со збор кон зборот.* – Скопје, „Наша книга“, 1985, стр. 404–408.

126. „Харалампие Поленаковиќ“, во: *Со збор кон зборот.* – Скопје, „Наша книга“, 1985, стр. 409–412.

127. „Мирко Павловски“, во: *Со збор кон зборот.* – Скопје, „Наша книга“, 1985, стр. 413–415.

128. „Македонија и македонското прашање во трудовите на руските учени и публицисти од крајот на XIX век“, во: *Македонската православтоина.* – Скопје, „Мисла“, 1985, стр. 5–12.

129. „Страници за едно македонофилство“, во: *Македонската правостоина.* – Скопје, „Мисла“, 1985, стр. 13–45.

130. „Видовитиот австриски македонолог Карл Хрон“, во: *Македонската правостоина.* – Скопје, „Мисла“, 1985, стр. 46–50.

131. „Лев Николаевич Толстој и Македонија“, во: *Македонската правостоина.* – Скопје, „Мисла“, 1985, стр. 51–65.

132. „Запис за Гоце Делчев“, во: *Македонската правостоина.* – Скопје, „Мисла“, 1985, стр. 66–89.

133. „Формирањето на ВМРО во спомените на Иван Хаџи Николов“, во: *Македонската правостоина.* – Скопје, „Мисла“, 1985, стр. 90–103.

134. „Дамјан Груев“, во: *Македонската правостоина.* – Скопје, „Мисла“, 1985, стр. 104–132.

135. „Ѓорче Петров“, во: *Македонската правостоина.* – Скопје, „Мисла“, 1985, стр. 133–235.

136. „Македонските теми во публицистиката на Димо Хаџи Димов“, во: *Македонската правостоина.* – Скопје, „Мисла“, 1985, стр. 236–269.

137. „Коне Самарџиев и Димитар Ризов“, во: *Македонската правостоина.* – Скопје, „Мисла“, 1985, стр. 270–294.

138. „Претходниците на Мисирков“, во: *Македонската правостоина.* – Скопје, „Мисла“, 1985, стр. 297–431.

139. „Белешка за Карл Хрон“, во: *Македонската правостоина.* – Скопје, „Мисла“, 1985, стр. 303–316.

140. „Белешка за Спиро Гулапчев“, во: *Македонската правостоина.* – Скопје, „Мисла“, 1985, стр. 317–340.

141. „Белешка за Јован Липовац“, во: *Македонскаша йравосшоина.* – Скопје, „Мисла“, 1985, стр. 341–345.

142. „Белешка за Евтим Спространов“, во: *Македонскаша йравосшоина.* – Скопје, „Мисла“, 1985, стр. 346–385.

143. „Весникот ‘Македонија’ на Косата Шахов“, во: *Македонскаша йравосшоина.* – Скопје, „Мисла“, 1985, стр. 386–421.

144. „Прилог кон прашањето за македонскиот национален сепаратизам“, во: *Македонскаша йравосшоина.* – Скопје, „Мисла“, 1985, стр. 422–430.

145. „‘Веда Словена’ и нејзините мистификатори“, во: *Македонскаша йравосшоина.* – Скопје, „Мисла“, 1985, стр. 436–600.

146. „За и против ‘Веда Словена’“, во: *Македонскаша йравосшоина.* – Скопје, „Мисла“, 1985, стр. 445–524.

147. „Стефан Верковиќ и ‘Веда Словена’“, во: *Македонскаша йравосшоина.* – Скопје, „Мисла“, 1985, стр. 525–552.

148. „Јован Гологанов и ‘Веда Словена’“, во: *Македонскаша йравосшоина.* – Скопје, „Мисла“, 1985, стр. 553–588.

149. „Чешката наука и ‘Веда Словена’“, во: *Македонскаша йравосшоина.* – Скопје, „Мисла“, 1985, стр. 589–600.

150. „Утринската песна на македонската преродба“, во: *Поглавја од македонскаша лишерашура.* – Скопје, „Мисла“, 1985, стр. 5–24.

151. „Константин Миладинов – денес и овде“, во: *Поглавја од македонскаша лишерашура.* – Скопје, „Мисла“, 1985, стр. 25–41.

152. „Големиот подвиг на Григор Прличев“, во: *Поглавја од македонскаша лишерашура.* – Скопје, „Мисла“, 1985, стр. 42–73.

153. „Прличев како детски поет“, во: *Поглавја од македонскаша лишерашура.* – Скопје, „Мисла“, 1985, стр. 74–96.

154. „За конфликтот меѓу Прличев и охридскиот митрополит Натанаил“, во: *Поглавја од македонскаша лишерашура.* – Скопје, „Мисла“, 1985, стр. 97–107.

155. „Поетот на македонските неволи (Нафрлоци кон стогодишнината од смртта на Рајко Жинзифов)“, во: *Поглавја од македонскаша лишерашура.* – Скопје, „Мисла“, 1985, стр. 108–129.

156. „Марко Цепенков“, во: *Поглавја од македонскаша лишерашура.* – Скопје, „Мисла“, 1985, стр. 130–165.

157. „Трајко Китанчев“, во: *Поглавја од македонскаша лишерашура.* – Скопје, „Мисла“, 1985, стр. 166–190.

158. „Крсте Петков Мисирков“, во: *Поглавја од македонскаша лишерашура.* – Скопје, „Мисла“, 1985, стр. 191–207.

159. „Одразот на Илинден во литературата“, во: *Поглавја од македонскаша лишерашура.* – Скопје, „Мисла“, 1985, стр. 208–252.

160. „Македонскиот литературен кружок во Софија (1938–1978)“, во: *Поглавја од македонскаша лишерашура.* – Скопје, „Мисла“, 1985, стр. 253–272.

161. „Антон Попов (1915–1942)“, во: *Поглавја од македонскаша лишерашура.* – Скопје, „Мисла“, 1985, стр. 273–301.

162. „Никола Вапцаров“, во: *Поглавја од македонскаша лишерашура.* – Скопје, „Мисла“, 1985, стр. 302–351.

163. „Славко Јаневски", во: *Поглавја од македонскаша лишерашура.* – Скопје, „Мисла", 1985, стр. 352–360.

164. „Ацо Шопов", во: *Поглавја од македонскаша лишерашура.* – Скопје, „Мисла", 1985, стр. 361–370.

165. „Читајќи го Чашуле", во: *Поглавја од македонскаша лишерашура.* – Скопје, „Мисла", 1985, стр. 371–417.

166. „Вон маѓепсаниот круг на молчењето (Србо Ивановски: 'Маѓепсан патник', „Култура", Скопје 1966)", во: *Поглавја од македонскаша лишерашура.* – Скопје, „Мисла", 1985, стр. 418–422.

167. „Кон неврвени врвици (Матеја Матевски: 'Дождови', Скопје 1956)", во: *Поглавја од македонскаша лишерашура.* – Скопје, „Мисла", 1985, стр. 423–428.

3. *Манекен во пејзажот.* Избор. Скопје, Мисла, 1966.
4. *Летен дожд.* Скопје, Култура, 1967.
5. *Ѕвездена терезија.* Скопје, Нова Македонија, 1973. Предговор: М. Матевски.
6. *Нуркачко ѕвоно.* Скопје, Култура, 1975.
7. *Сонувачот и празнината.* Скопје, Македонска книга, 1979.
8. *Компасот на сонот.* Избор. Скопје, Мисла, 1984. Предговор: В. Смилевски.
9. *Хипнополис.* Скопје, Македонска книга, 1986.
10. *Песни.* Избор. Скопје, Наша книга, 1989. Поговор: В. Смилевски.
11. *Панична планета.* Избор. Скопје, Наша книга, 1989. Поговори: Б. Конески и М. Матевски.
12. *Атлантида, остатоци.* Избор. Скопје, Македонска книга, 1991. Предговор: М. Матевски.
13. *Ризиците на занаетот.* Скопје, Култура, 1993.
14. *Паники.* Избор. Скопје, Сигмапрес, 1995.

Б. *Проза*

1. *Вкусот на праските.* Роман. Скопје, Култура, 1965.
2. *Знаци.* Раскази. Скопје, Мисла, 1969. Предговор: С. Мицковиќ.
3. *Ноќниот пајтон.* Раскази. Скопје, Култура, 1972.
4. *Лов на еднорози.* Раскази. Скопје, Македонска книга, 1983.
5. *Скопски раскази.* Избор. Скопје, Мисла, 1988. Поговор: В. Смилевски.
6. *Алдебаран.* Прозни записи. Скопје, Култура, 1991.

7. *Мојата роднина Емилија.* Осумнаесет затворени раскази кои сочинуваат еден отворен роман. Скопје, Македонска книга, 1994.
8. *Дворскиот поет во апарат за летање.* Авантуристички роман. Скопје, Култура, 1996.
9. *Париски приказни.* Прозни записи. Скопје, Магор, 1997.

В. *Критики и есеи*

1. *Врсници.* Скопје, Мисла, 1971.
2. *Мрежа за неуловливото.* Скопје, Македонска книга, 1980.
3. *Нишката на Аријадна.* Скопје, Мисла, 1986.
4. *Подземна палата.* Скопје, Македонска книга, 1987.
5. *Демони и галаксии.* Скопје, Македонска книга, 1988.
6. *Митската оска на светот.* Скопје, Студентски збор, 1993.

Г. *Антологии*

1. *Crni bik leta – Црниот бик на летото.* Избор од поезијата на помладата генерација македонски поети. Избор и препев на српскохрватски: Влада Урошевиќ. Двојазично. Нови Сад – Скопје, Прогрес – Млад борец, 1963.
2. *Француска поезија – XX век.* Антологија на современата француска поезија од Аполинер до нашите денови. Избор, препев и предговор: Влада Урошевиќ. Скопје, Мисла, 1972.
3. *Црна кула.* Фантастичниот расказ во југословенските литератури. Избор и предговор: Влада Урошевиќ. Скопје, Македонска книга, 1976.
4. *Savremena makedonska poezija.* Izbor, prevod na srpskohrvatski i predgovor: Vlada Urošević. Beograd, Delo, 1978.
5. *Het Heelal in de Schuur.* Makedonische poëzie. Antwerpen, Soethoudt, 1989. (Космос в амбар. Македонска поезија. Избор и предговор: Влада Урошевиќ). На фламански јазик.
6. *Модерна француска поезија.* Претходници и современици. Избор, препев и предговор: Влада Урошевиќ. Струга, Струшки вечери на поезијата, 1980.
7. *Калъа – македония шеръиятипи антологияси.* Ташкент, Гафур Гулом, 1984. (Кула – антологија на македонската поезија). На узбечки јазик.
8. *Големата авантура: францускиот надреализам.* Избор, препев и предговор: Влада Урошевиќ. Скопје, Македонска книга, 1993.
9. *Шуми под море.* Антологија на кратката прозна форма во француската литература. Скопје, Сигмапрес, 1994. Составил и превел: Влада Урошевиќ.
10. *Златна книга на француската поезија.* Скопје, Детска радост, 1996. Избор, препев и придружни текстови: Влада Урошевиќ.

Д. *Избори, предговори, поговори*

1. *Петар Бошковски или меѓу земјата и неземното.* Предговор во: Суводолица / Петар Т. Бошковски. Скопје, Мисла, 1969.
2. *Богомил Ѓузел или историја во природата.* Предговор во: Одисеј во пеколот / Богомил Ѓузел. Скопје, Мисла, 1969.

3. *Божин Павловски или немирот на селењата.* Предговор во: Лудисти / Божин Павловски. Скопје, Мисла, 1969.
4. *Фантастиката на Михаил Булгаков.* Предговор во: Мајсторот и Маргарита / Михаил Булгаков. Скопје, Нова Македонија, 1970.
5. *Предговор.* Во: Ноќна птица во паркот / Ристо Лазаров. Скопје, Сојуз на литературни дружини и клубови на младите во СРМ, 1970.
6. *Предговор.* Во: Куќа што молчи / Љупчо Димитровски. Скопје, Сојуз на литературни дружини и клубови на младите во СРМ, 1970.
7. *Меѓу книжевната сегашност и книжевното минато.* Кон критичарската и книжевно-историската дејност на Александар Спасов. Поговор во: Истражувања и коментари / Александар Спасов. Скопје, Култура, 1977.
8. *Белгискиот Итар Пејо и неговиот автор.* Поговор во: Легендата за јуначните, весели и славни доживувања на Тил Уленшпигел и на Лам Гусак во Фландрија и во други земји / Шарл де Костер. Скопје, Македонска книга, 1977.
9. *Поетот Растко Петровиќ и неговиот роман „Ден шести“.* Поговор во: Ден шести / Растко Петровиќ. Скопје, Македонска книга, 1977.
10. *Čas velikih sprememb.* Поговор во: Paskvelija / Živko Čingo. Ljubljana, Mladinska knjiga, 1977.
11. *Pesnik pred odličjem zemlje.* Поговор во: Poezija / Blaže Koneski. Ljubljana, Državna založba Slovenije, 1977.
12. *Poezija Miodraga Pavloviča ali iz razvalin k skladnosti.* Поговор во: Svetli in temni prazniki / Miodrag Pavlović. Ljubljana, Državna založba Slovenije, 1977.
13. *Песник пред лицем земље.* Предговор во: Стара лоза / Блаже Конески. Чачак, Градска библиотека, 1978.
14. *Окото на темниот.* Поговор во: Окото на темниот / Ефтим Клетников. Скопје, Мисла, 1980.
15. *Природна појава.* Поговор во: Природна појава / Лилјана Дирјан. Скопје, Мисла, 1981.
16. *Tolkinova vilinska saga.* Предговор во: Gospodar prstenova / Dž. R. R. Tolkin. Beograd, Nolit, 1981.
17. *Поговор.* Во: Миладин од Кина / Божин Павловски. Скопје, Мисла, 1983.
18. *Фантастика у приповеткама Миодрага Павловића.* Поговор во: Мост без обала / Миодраг Павловиќ. Нови Сад, Матица српска, 1982.
19. *Spremna beseda.* Поговор во: Mag / Slavko Janevski. Ljubljana, Cankarjeva založba, 1983.
20. *Andre Pjer de Mandijarg i njegova moderna priča o Meluzini.* Поговор во: Motocikl / Andre Pjer de Mandijarg. Beograd, Narodna knjiga, 1986.
21. *Infernalni triptihon Janevskog.* Поговор во: Čekajući kugu / Slavko Janevski. Beograd, Narodna knjiga, 1986.
22. *Le rire devant les portes des ténèbres.* Предговор во: Le taureau en bronze / Slavko Janevski. Paris, Saint-Germain-des-Prés, 1988.
23. *Восхит пред тајното.* Поговор во: Јасник / Ефтим Клетников. Скопје, Мисла, 1989.
24. *Патувањето како иницијација.* Поговор во: Тврдоглави / Славко Јаневски. Скопје, Македонска книга, 1990.
25. *Митот и секојдневјето, напоредно.* Поговор во: Избрани песни / Богомил Ѓузел. Скопје, Култура, 1991.

26. *Мирча Елијаде – водиӣел низ сакралниоӣ лавиринӣ.* Предговор во: Аспекти на митот / Мирча Елијаде. Скопје, Култура, 1992.
27. *Ќуӣ йолн ӣајни слики.* Предговор во: Палетата на проклетството / Славко Јаневски. Скопје, Мисла, 1995.

## II. ПРЕВОДИ НА КНИГИТЕ НА ВЛАДА УРОШЕВИЌ

### А. *На срӣскохрваӣски*

1. *Призори.* Плакета. Превео аутор. Крушевац, Багдала, 1963.
2. *Знаци.* Превео аутор. Поговор: Димитар Солев. Нови Сад, Прогрес, 1963.
3. *Суви дан.* Превели: Гојко Јањушевић и Милорад Предојевић. Београд, Нолит, 1969.
4. *Nocni fijaker.* Preveo: Tomislav Stojanović. Novi Sad, Radnički univerzitet „Radivoj Ćirpanov", без година на издавањето.
5. *Ukus bresaka.* Preveo autor. Sarajevo, Veselin Masleša, 1974.
6. *Уснули ѓрад.* Превели: Љубомир Симовић и Миодраг Павловић. Поговор: Миодраг Павловић. Београд, Слово љубве, 1977.
7. *Песме – Песни.* Двојазично. Превели: Љубомир Симовић и Цвета Котевска. Поговор: Вук Крњевић. Београд, Народна књига, 1981.
8. *Лов на једнороѓе.* Превео: Миленко Пајић. Београд, Просвета, 1983.
9. *Доѓађаји.* Превео: Христо Георгијевски. Ниш, Градина, 1984.
10. *Хиӣноӣолис.* Превео аутор. Београд, Нолит, 1990.
11. *Дворски ӣесник у наӣрави за леӣење.* Превео аутор. Београд, Просвета, 1996.

### Б. *На словенечки*

1. *Neko drugo mesto.* Prevedel: Veno Taufer. Ljubljana, Državna založba Slovenije, 1975.

### В. *На ӣолски*

1. *Nocna dorožka.* Przeklad: Olga Ristowska. Lodz, Widawnictwo lodzkie, 1985.

### Г. *На француски*

1. *Fous dans l'observatoire.* Traduction: Jeanne Angelovska. Paris, Saint-Germain-des-Prés, 1978.

## III. ПРЕВОДИ ОД ВЛАДА УРОШЕВИЌ

### А. *Од македонски на срӣскохрваӣски*

1. *Antologija savremene makedonske poezije i proze.* Poeziju sastavio Aleksandar Spasov; prozu sastavili Milan Djurčinov i Dimitar Solev. Pesme preveli Todor Dimitrovski i Vlada Urošević; pripovetke preveli Liljana Čalovska i Lenče Sekulovska. Beograd, Nolit, 1961.

2. *Матеја Матевски: Дождови – Кише.* Двојазично. Превод: Влада Урошевиќ. Београд, Просвета, 1962.
3. *Петар Т. Бошковски: Суводолица.* Двојазично. Београд, Нолит, 1962.
4. *Dimitar Solev: Kraj proleća.* Novi Sad, Progres, 1963.
5. *Радован Павловски: Суша.* Плакета. Крушевац, Багдала, 1963.
6. *Петре М. Андреевски: Глуво доба.* Плакета. Крушевац, Багдала, 1963.
7. *Богомил Ѓузел: Небо, земља и сунце.* Плакета. Крушевац, Багдала, 1963.
8. *Живко Чинго: Пасквелија.* Београд, Нолит, 1965.
9. *Kočo Racin: Бели мугри – Bela svitanja.* Двојазично. Novi Sad, Forum, 1966.
10. *Радован Павловски: Високо подне.* Београд, Нолит, 1967.
11. *Александар Спасов: Савремена македонска поезија.* Двојазично. Београд, Српска књижевна задруга, 1967.
12. *Блаже Конески: Реки – Реке.* Двојазично. Избор и превод: Влада Урошевиќ. Београд, Нолит, 1968.
13. *Милан Ѓурчинов: Антологија македонске поезије.* Двојазично. Београд, Просвета, 1968.
14. *Богомил Ѓузел: Медовина.* Београд, Нолит, 1972.
15. *Кочо Рацин: Избор.* Београд, Народна књига, 1974.
16. *Матеја Матевски: Песни – Песме.* Двојазично. Избор, превод и предговор: Влада Урошевиќ. Београд, Народна књига, 1974.
17. *Радован Павловски: Песни – Песме.* Двојазично. Избор и превод: Влада Урошевиќ. Београд, Народна књига, 1974.
18. *Србо Ивановски: Зачарани путник.* Сарајево, Веселин Маслеша, 1976.
19. *Кочо Рацин: Одбране странице.* Нови Сад, Матица српска, 1977.
20. *Матеја Матевски: Перуника.* Превод и поговор: Влада Урошевиќ. Београд, Просвета, 1977.
21. *Блаже Конески: Стара лоза.* Чачак, Чачански глас, 1978 (со Сретен Перовиќ, Радован Зоговиќ и Стеван Раичковиќ).
22. *Милан Ѓурчинов: Огледи и критике.* Београд, Народна књига, 1978 (со Ристо Василевски и авторот).
23. *Александар Спасов: Студије, огледи и критике.* Београд, Народна књига, 1978 (со Елеонора Конеска).
24. *Радомир Ивановић, Љубисав Милићевић: Савремена македонска поезија.* Бијело Поље, Одзиви, 1978 (со Цвета Котевска, Сретен Перовиќ, Слободан Мицковиќ, Миодраг Друговац, Љубомир Симовиќ).
25. *Radovan Pavlovski: Železna reka.* Banja Luka, Glas, 1980 (со Цвета Котевска, Марија Павловска и авторот).
26. *Ефтим Клетников: О сине тих мисли плаве.* Македонски песник пред тајном фреске. Скопје, Републички завод за заштита на културно-историските споменици, 1981.
27. *Петар Т. Бошковски: Песни – Песме.* Двојазично. Београд, Народна књига, 1981 (со Слободан Мицковиќ).
28. *Славко Јаневски: Изабране песме.* Београд, Нолит, 1985.

29. *Eftim Kletnikov, Cveta Kotevska: Antologija savremene makedonske poezije.* Beograd, Prosveta, 1985 (со Милан Комнениќ, Цвета Котевска, Душко Новаковиќ, Милутин Петровиќ, Љубомир Симовиќ).

30. *Радован Павловски: Младић који спава у подне.* Чачак, Градска библиотека, 1987 (со Ана Моралиќ, Цвета Котевска, Ристо Василевски).

31. *Blaže Koneski: Poezija.* Beograd, Narodna knjiga; Sarajevo, Svjetlost; Zagreb, Mladost; Titograd, Pobjeda, 1982 (со Сретен Перовиќ, Стеван Раичковиќ и Радован Зоговиќ).

32. *Živko Čingo: Paskvelija.* Sarajevo, Svjetlost, 1989 (со Цвета Котевска).

33. *Blaže Koneski: Oduzimanje snage.* Sarajevo, Svjetlost, 1990 (со Радован Зоговиќ, Стеван Раичковиќ, Цвета Котевска, Сретен Перовиќ, Ристо Василевски и авторот).

34. *Слободан Мицковиќ: Антологија послератне македонске поезије.* Прокупље, Драинац, 1990 (со Цвета Котевска, Сретен Перовиќ, Ристо Василевски, Гојко Јањушевиќ, Радован Зоговиќ, Митко Маџунков, Милан Комнениќ и Слободан Мицковиќ).

Б. *Од македонски на француски*

1. *Anthologie de la poésie macédonienne.* Edition établie par Jacques Gaucheron. Préface, notices et choix des poèmes par Milan Djurčinov. Paris, Editions Messidor, 1988 (со Анка Ѓурчинова и Жана Ангеловска).

В. *Од други јазици на македонски*

1. *Оскар Давичо: Поезија.* Избор, препев и поговор: Влада Урошевиќ. Скопје, Култура, 1966.

2. *Васко Попа: Поезија.* Двојазично. Избор, препев и поговор: Влада Урошевиќ. Скопје, Култура, 1968.

3. *Робер Марто: Кралство.* Избор, препев и поговор: Влада Урошевиќ. Скопје, Мисла, 1971.

4. *Пабло Неруда: Поезија.* Двојазично. Скопје, Мисла, 1972 (со Матеја Матевски и Луан Старова).

5. *Шарл Бодлер: Поезија.* Избор, препев и предговор: Влада Урошевиќ. Скопје, Македонска книга, 1974.

6. *Велимир Милошевиќ: Празник.* Скопје, Мисла, 1975 (со Петар Т. Бошковски).

7. *Ален Боске: Планетата и поетот.* Избор, препев и поговор: Влада Урошевиќ. Скопје, Мисла, 1975.

8. *Леополд Седар Сенгор: Поезија.* Двојазично. Скопје, Мисла, 1975 (со Георги Сталев и Ацо Шопов).

9. *Ежен Гилвик: Поезија.* Двојазично. Скопје, Мисла, 1976 (со Благоја Иванов, Луан Старова и Гане Тодоровски).

10. *Артур Лундквист: Поезија.* Двојазично. Скопје, Мисла, 1977 (со Анте Поповски, Цане Андреевски и Тодор Чаловски).

11. *Артур Рембо: Поезија.* Избор, препев и предговор: Влада Урошевиќ. Скопје, Македонска книга, 1977.

12. *Франце Прешерн: Поезија.* Двојазично. Скопје, Македонска книга, 1980 (со Славко Јаневски, Блаже Конески и Матеја Матевски).

13. *Шарл Бодлер: Цвеќињата на злото.* Препев, предговор и коментари: Влада Урошевиќ. Скопје, Македонска книга, 1982.
14. *Жак Гоирон: Охридска елегија.* Избор, препев и предговор: Влада Урошевиќ. Скопје, Култура, 1983.
15. *Андреј Вознесенски: Поезија.* Двојазично. Скопје, Македонска книга, 1984 (со Гане Тодоровски, Љупчо Стојменски, Томе Арсовски и Евтим Манев).
16. *Анри Мишо: Во пишувам од една далечна земја.* Избор, препев и поговор: Влада Урошевиќ. Скопје, Мисла, 1985.
17. *Александар Сергеевич Пушкин: Лирика, Сказни.* Скопје, Наша книга, 1986 (со Петар Т. Бошковски, Паскал Гилевски, Србо Ивановски, Ефтим Клетников, Евтим Манев, Анте Поповски, Михаил Ренџов, Љупчо Стојменски, Георги Сталев, Гане Тодоровски и Вера Чејковска).
18. *Михаил Јурјевич Лермонтов: Поезија.* Скопје, Наша книга, 1991 (со Петар Т. Бошковски, Ефтим Клетников, Евтим Манев, Михаил Ренџов, Георги Сталев, Гане Тодоровски и Тодор Чаловски).
19. *Андре Бретон: Рајот не е наполно загубен.* Избор, препев и предговор: Влада Урошевиќ. Скопје, Култура, 1989.
20. *Ален Боске: Во спор со зборот.* Избор, препев и поговор: Влада Урошевиќ. Скопје, Мисла, 1989.
21. *Миодраг Павловиќ: Светли и темни празници.* Скопје, Македонска книга, 1990 (со Ефтим Клетников).
22. *Шарл Бодлер: Албатрос.* Избор, препев и предговор: Влада Урошевиќ. Битола, Мисирков, 1991.
23. *Гијом Аполинер: Патник.* Избор, препев и предговор: Влада Урошевиќ. Скопје, Македонска книга, 1991.
24. *Современа белгиска поезија.* Струга, Струшки вечери на поезијата, Култура, 1989 (со Матеја Матевски, Ефтим Клетников и др.).
25. *Современа швајцарска поезија.* Струга, Струшки вечери на поезијата, Култура, 1991 (со Матеја Матевски, Гане Тодоровски, Луан Старова и др.).
26. *Современа луксембуршка поезија.* Струга, Струшки вечери на поезијата и Македонска ревија, 1992 (со Матеја Матевски, Луан Старова и др.).
27. *Гилгамеш и други епови и легенди од месопотамиска книжевност.* Скопје, Мисла, 1994 (со Михаил Ренџов и Тања Урошевиќ).
28. *Макото Оока: Песни.* Струга, Струшки вечери на поезијата, 1996 (со Матеја Матевски, Богомил Ѓузел и Ладислав Лешниковски).
29. *Ален Боске: Утрешнина без мене.* Избор, превод и белешки: Влада Урошевиќ. Скопје, Детска радост, 1996.
30. *Адонис: Поезија.* Двојазично. Скопје, Детска радост, 1997 (со Матеја Матевски и др.).

**ВЛОЃИМЈЕЖ ПЈАНКА**

*ВЛОЃИМЈЕЖ ПЈАНКА е роден на 9 август 1937 година во Воломин кај Варшава, Полска. Студирал словенска филологија со бохемистичка специјализација на Филолошкиот факултет на Варшавскиот универзитет под раководство на познатиот славист З. Штибер. Дипломирал во 1959 година врз основа на дипломската работа од историјата на глаголскиот систем на лужичкиот јазик. При Филозофскиот факултет во Скопје во 1959 година се отвора лекторат по полски јазик, каде што е избран како прв полски лектор. Во 1966 година ја одбранил докторската, а во 1974 хабилитационата дисертација. Работи во Институтот за словенска филологија на Варшавскиот универзитет. Еден семестар е визитинг професор по славистика на Универзитетот во Хелсинки. Работи на Шљонскиот универзитет во Катовице. Од 1982 година работи како доцент-гостин, а од 1985 работи како „австриски" доцент во Институтот за славистика на Виенскиот универзитет.*

*Д-р Пјанка покажува научен интерес за повеќе области на лингвистичката и славистичката наука. Во областа на ономастиката – и докторскиот и хабилитациониот труд претставуваат формална и семантичка обработка и теоретска интерпретација на македонскиот ономастичен материјал. Трудот „Macedońskie imiona osobowe kotliny Azot" е посветен на македонската антропонимија.*

*Во областа на конфронтативната и споредбената граматика на словенските јазици Пјанка е автор на околу 50 студии. Посебно внимание заслужуваат серијата расправи посветени на степенувањето на придавките и прилозите. Во делото „Конфронтативна граматика на словенските јазици со историски коментари", том 1, се сместени сите досегашни постигнувања на авторот во широката област на конфронтативната и споредбената словенска граматика, а македонскиот јазичен материјал зазема видно место.*

*Во областа на лексикографијата најзначајно дело претставува „Македонско-полски и полско-македонски речник", чиј коавтор е д-р Пјанка заедно со акад. Божидар Видоески и акад. Зузана Тополињска.*

# СЕМАНТИЧКИТЕ КАТЕГОРИИ И НИВНОТО ИЗРАЗУВАЊЕ ВО МАКЕДОНСКИОТ ЈАЗИК

## (МОРФОЛОГИЈА)

Терминот категорија се јавува во повеќе современи научни дисциплини, меѓу другото во математиката, логиката, социологијата и др. Заедничко за сите дефиниции е тоа што категориите опфаќаат множества (колекции) на објекти од определен тип. Тоа е и случајот со јазичните категории, дефинирани многу општо како „множества на елементи кои вршат иста функција во јазичниот систем“ (Пољањски 1993: 261). Но со оваа општа дефиниција завршува заедничкото во сфаќањето на јазичната категорија. Во одделни епохи, лингвистички школи, кај одделни автори, а дури и во исти научни трудови на еден автор можеме да сретнеме термини како: категорија на именките, категорија на падежот, категорија на генитивот и сл. Приодот кон проблемов бара уточнување на дефиницијата на јазичната категорија и доследно воведување на адекватни термини на сите нивоа во науката за јазикот. Последново е од големо значење, бидејќи одделни правци, школи и автори се концентрираат на избрани нивоа на јазичниот систем, на пр. само на синтаксата или само на фонологијата, воведувајќи автономна терминологија која ѝ противречи како на традицијата во рамките на дадената лингвистичка дисциплина, така и на примената на истите терминолошки изрази во соседните лингвистички дисциплини. Пред да го уточниме терминот морфолошка категорија, ќе ги издиференцираме горенаведените термини. Од трите терминолошки изрази: категорија на именките, категорија на падежот и категорија на генитивот ќе го задржиме само терминот категорија на падежот којшто е најчесто употребуван и кој ги опфаќа сите форми и функции на елементите на оваа категорија, коишто во старословенскиот јазик беа номинативот, генитивот, дативот, акузативот, инструменталот, локативот и вокативот. Терминот категорија на именката ќе го замениме со доста често употребуваниот термин зборовна класа именки (поточно: поткласа на именки во рамките на класата имиња (nomina), во која влегуваат исто така именските заменки како *јас*, *вие*, *кој*, *никој*). Зборовната класа ќе ја дефинираме како група зборови кои го изразуваат истиот комплекс на флексивни категории, независно дали на синтетички, аналитички или перифрастички начин, т.е. такви категории чии морфеми образуваат збороформи.

Флексијата е дел од морфологијата која ги опфаќа формите на зборовите. За класата имиња во македонскиот јазик релевантни се категориите: падеж, број, определеност, простор, лице и апел, за кои ќе стане збор понатаму. За класата придавски зборови (adiectiva) таква функција исполнуваат категориите број и род (во повеќето словенски јазици исто така и категоријата падеж), а за класата глаголи (verba finita) – категориите лице, број, род, време, начин, залог, резултат и вид. Ретко се случува сите зборови од дадената класа да се разликуваат по форма согласно со сите категории на дадената класа. На пример, ред именки се дефектни по категоријата број (како *сол*, *крв* – singularia tantum или *ножици* – pluralia tantum, но сп. *еден ӣар ножици* : *два ӣара ножици*), или придавки од типот *ӣазе*, *суӣер*, глаголи како *врне*, *изгрева* и сл. За класификација на зборовите решавачко е сепак припишувањето на флексивната категорија на целата класа, а не на одделни елементи, т.е. зборови (лексеми).

Освен флексивните категории морфологијата ги опфаќа и селективните категории кои се истоимени со флексивните. Секоја зборовна класа, во целост или делумно, е комплекс на тие категории. Тоа значи дека зборовите од дадената класа се носители на флексивни категории и/или се носители на селективни категории. За класата имиња (а поточно за поткласата именки) селективна во македонскиот јазик е категоријата род – во синтаксичка врска со класата придавски зборови и делумно, во извесни форми, со глаголи, а во некои словенски јазици исто така категориите на лица, живи суштества и/или пребројаност на предмети – во синтаксичка врска со класата глаголи. На целата класа имиња им е својствена селективната категорија лице. Класата глаголи пак е пред сѐ носител на селективната категорија падеж – во синтаксичка врска со класата имиња.

Се разбира, не сите носители на селективните категории се изразувани во секој текст, односно во секоја реченица. Облигаторно е присуството само на тие носители на селективните категории кои го образуваат таканаречениот диктум, т.е. елементите на основната предикатно-аргументска структура: предикатот и сите негови аргументи. Предикатот (а тоа е пред сѐ личната глаголска форма), како што споменавме, е носител на селективната категорија падеж, односно тој ги отвора аргументните места изразувани со помош на имиња (именки и именски заменки) во точно определени падежни форми. Името, пак, е носител на селективната категорија лице кое, како определен елемент на флексивната категорија лице, е изразувано од страна на предикатот (глаголот), при што се работи само за името во номинативен или вокативен однос (како формален граматички предмет) – единствениот или првиот по хиерархија аргумент во повеќеаргументна реченица. Носители на формата за 1. лице едн. и мн. се само заменките *јас* и *ние*, за 2. лице – заменките *ти* и *вие*, како и вокативните форми на именките, а за 3. лице – заменките *ӣој*, *ӣаа*, *ӣоа*: *ӣие* и сите останати именски заменки, а исто така и именките во номинативен однос спрема глаголите. Тука треба јасно да кажеме дека не го делиме мислењето на повеќето лингвисти дека вокативот не влегува во синтаксички врски со реченицата. Супрасегменталните еле-

менти на вокативната форма (паузите и интонацискиот контур) се поврзани со изразувањето на категоријата апел со помош на таа форма, што ја изразуваат, исто така, и повеќе извици (интерјекции)[1] Меѓутоа треба да се разликуваат два вида реченици со вокативни форми. Во речениците од типот *Стојане, колку е часот?* вокативот ја изразува само категоријата апел, доколку во речениците како *Стојане, кажи колку е часот!, Стојане, донеси вода!* вокативот, покрај изразувањето на категоријата апел, има функција на прв аргумент (формално: субјект во вокатив), имплициран од страна на предикатот, кој е носител на селективната категорија падеж. Од друга страна, името во вокативна форма е носител на селективната категорија лице, изразувана флексивно кај предикатот со формата за 2. лице. Од ова произлегува дека селективно-флексивната врска меѓу предикатот и првиот аргумент е двострана, за разлика од врските меѓу предикатот и останатите аргументи на реченицата, кои се еднострани и се однесуваат само на категоријата падеж, селективна за глаголот и флексивна за името, односно именската група.

Именката е исто така носител на селективната категорија род, примарно во рамките на именската група, со што ја определува родовата форма на придавката или некој друг придавски збор (заменка, број или глаголска придавка), секундарно пак – во рамките на реченицата, каде што таа стапува во формална врска со предикатот (како негов прв аргумент), ако тој е составен од некоја првобитно партиципијална форма, како *л*-формата или глаголската придавка на *-н* или *-т* (*читал*, *станал*, *читан*, *станат*).

Носителите на останатите селективни категории треба да се бараат надвор од диктумот, а имено во таканаречената рамка на реченицата која ја ситуира реченицата во говорната ситуација и ја актуализира во однос на говорителот, т.е. авторот на исказот. Во оваа група селективни и флексивни категории спаѓаат категориите определеност, место, време и начин. На оваа рамка ѝ претходи функционалната перспектива на реченицата (според терминологијата на прашката структуралистичка школа: актуелно расчленување на реченицата), што се изразува синтаксички линеарно (со инвертивниот ред на зборовите) и супрасегментално (со логичкиот акцент), како и со поделбата на реченицата на тематски и рематски дел (новум и датум). Според тоа, формулата на реченицата во семантичко-формалната генеративна граматика, односно на нејзината основна предикатно-аргументна структура, заедно со реченичката рамка, треба да ги содржи следниве елементи по овој распоред и ранг:

Реченица → Тема–Рема {Модалност <Време, Место [Количина,
Посоченост (Диктум: (независен) Падеж ↔ Лице;
(зависен) Падеж, Род, Апел)]>}

Суперкатегоријата посоченост (изразена со морфолошки, како и со лексички средства во облик на придавски заменки) има два елемента: + по-

[1] Губењето на вокативните форми во јазикот ги сведува функционално нивните остатоци на извици, како на пр. во рускиот јазик: *Господи*, *Боже!*

соченост и – посоченост во однос на имињата. Непосочени се именките во синтаксичката позиција на предикатот, бидејќи именскиот предикат (како во реченицата *Стојан е студент*) содржи именка која нема однос кон никаква вонјазична стварност и означува само приклучување на еден конкретен предмет кон некое множество на предмети (или поими во случај на пропозиционални, т.е. апстрактни аргументи на предикатот). Посочени се имињата во синтаксичка позиција на аргументи на предикатот. Тие можат да бидат неопределени (изразени без член или со членот *еден, една, едно*) или определени (изразени без член, како сопствените имиња и личните заменки, или пак со член во една од неговите три форми на *-в-*, *-т-* и *-н-*). Примарно определената или неопределената форма на именката (надвор од сопствените имиња) произлегува од посоченоста, т.е. од референцијалниот однос меѓу реалниот свет и јазичниот израз, претставен од страна на говорителот деиктичка определеност, која во некои случаи може и да е субјективна. Текстуалната, метајазична, односно анафорична определеност е секундарна како последица на деиктичката определеност, односно неопределеност; таа е само повторување на примарниот израз со евентуално приклучување на елементите на кои тој се однесува, на пр. Од далеку се гледаше *селото*. Прво *камбанаријата* и *црквата*, а потоа и *селските куќи*.

Во членската морфема[2] во македонскиот јазик, како единствен во овој поглед словенски литературен јазик, е граматикализирана и една друга семантичка категорија, а имено категоријата простор која, надвор од експресивната употреба на членот, односно на една или друга форма на членот, се сврзува само со деиктичката функција на истиот. Ова нè потсетува на типична флексија, во која морфемата обично изразува повеќе од една категорија, како на пр. во формата *добра* со наставката *-а* за женски род и истовремено и за еднина. Со членските форми на *-в-*, *-т-* и *-н-* местото се определува паралелно со категоријата лице, слично на лексичките изрази за оваа семантичка категорија: заменките од сериите *овој, тој* и *оној*, како и прилозите *овде/тука*, *таму* и *онаму* во релација со личните заменки *јас, ти, тој/таа/тоа*. Со оглед на тоа дека членот е една од најновите флексивни морфеми во индоевропските јазици, тој не е потполно сраснат со зборовите чиј е дел (именките), па затоа како енклитика формално се спојува со првиот акцентиран збор во именската група, што има паралела во конјугацијата, каде помошниот глагол (а во полскиот јазик настаната од него наставката) исто така е енклитика, се јавува во почетокот на реченицата како енклитика по првиот акцентиран збор, а само во македонскиот јазик како проклитика (со исклучок на императивот и трансгресивот каде останува енклитика: *мијте се*, *миејќи се* : *се миеме, се миевме* и сл.).

Семантичката суперкатегорија количина, како и сите категории за кои селективна е реченичката рамка, се изразува како лексички (со броеви,

[2] Членот го сфаќаме како морфема, а не зборовна класа, како што е тоа вообичаено во западноевропската традиција, независно од тоа дали тој се јавува во постпозиција или препозиција и дали се пишува одвоено или заедно со другите зборови во реченицата.

бројни прилози, бројни именки и сл.), така и флексивно. Граматикализирана е во сите словенски јазици само нумеричката квантификација во формите на флексивната категорија број, а единствено во македонскиот литературен јазик и во западното наречје – збирната квантификација во облик на збирна множина (сп. *Лисјето паѓаат* и срп. *Лишће пада*). Носителите на селективната категорија број не треба да се бараат во зборовите од поткласта броеви (*еден* : *два/две, три...*), бидејќи тие, иако не по форма, туку по значење и по синтаксичка функција, како дел од класата придавски зборови, се специјализирани лексички изрази кои се паралелни со флексивната категорија број, сп. го односот *жени* : *две* (*три, четири...*) *жени* и *врнеше* : *вчера* (*завчера, некни...*) *врнеше*. Квантитативната рамка и овој пат се надоврзува на говорната ситуација во која говорителот (*јас* – singulare tantum) им се спротивставува на скоро сите други предмети кои претставуваат множества. Заменките *јас* и *ти* се третираат како singularia tantum, додека заменките *ние* и *вие* граматички би ги определиле како pluralia tantum (што е вообичаено), но семантички – како збирни заменки. Да се потсетиме дека збирните именки често се употребуваат во плурална функција (како во српскиот и хрватскиот јазик *телад* : *теле*), а во праиндоевропскиот јазик сегашните форми за множина на *-а* кај првобитните форми за среден род, наспрема словенското *-о* во еднината, по потекло се збирни именки во женски род еднина, а да не зборуваме за македонските форми од типот *лисје, дрвја, патишта* (Пјанка 1997, 1998). Збирните заменки *ние* и *вие* ги инклудираат сингулативните заменки *јас*, односно *ти* на сличен начин како што збирната заменка *господа* може да ги вклучува, покрај именката *господин* со множинско значење, исто така *ти* и/или *вие*, или пак како што збирниот број *тројца,* кој се однесува на лица од машки род, може да опфаќа и лица од двата пола. Збирноста лежи впрочем во основата на значењето на именките pluralia tantum (како и singularia tantum со значење материјал, супстанца, но и dualia tantum, на пр. *очи, уши, раце, нозе* : *око, уво, рака, нога*). Форми на категоријата број имаат и некои апстрактни именки кои означуваат дејства или состојби, деливи или ограничени во времетраење, на пр. *предавање, заслуги, глупости* – по аналогија на материјалните предмети.

Затоа итеративноста наспроти семелфактивноста на глаголите (на пр. *ќе запишува* (повеќепати) : *ќе запише* (еднаш)), треба да се разгледува во рамките на морфологијата како еден дел од количинската категорија. Слично и категоријата определеност, првобитно сфатена како деиктичка определеност на именките со значење на конкретни предмети, пренесена подоцна (и така граматикализирана во македонскиот јазик) на апстрактни поими (дејства, процеси, состојби, својства и сл.), бара поврзување во една поширока категорија детерминација, во која би се нашла и категоријата на определеност : неопределеност на дејствата, процесите и сл., изразени со глаголски лични форми најизразито во словенските балкански јазици. Се работи за формите на *-л,* пред сè во минато време, кои покрај повеќе модални значења изразуваат и најобична неопределеност во времето во опозиција со немаркираните во тој поглед форми на имперфектот и аористот. Заедничко значење

за определеноста во времето (кај глаголите) и во просторот (кај именките) во рамките на суперкатегоријата посоченост е идентификацијата на – општо речено – дејствата и предметите.

Итеративноста и семелфактивноста кај глаголите нè води кон наредната флексивна категорија, кон категоријата глаголски вид. За флексивна категорија глаголски вид можеме да зборуваме само тогаш кога опозицијата меѓу свршеноста и несвршеноста е чисто граматичка, на пр. (долго) *ќе запишува* : (веднаш) *ќе запише* или *кажуваше* : *кажа*, но не и кога се јавува и лексичка разлика сврзана со значењето на префиксот, како во глаголите *јаде* : *изеде*, *јаде* : *се најаде*; *црта* : *прецрта* и сл.

Не навлегувајќи подлабоко во проблематиката на оваа категорија, толку карактеристична за сите словенски јазици, исто колку категоријата актуелност (формите на *-ing*) наспрема хабитуалност за англискиот јазик, ќе кажеме кратко дека таа е само супкатегорија на категоријата време, што го потврдува фактот дека пред нејзиното создавање во прасловенскиот јазик опозицијата свршеност : несвршеност се изразувала само со помош на двете временски парадигми: на аористот и имперфектот.

Флексивната категорија време пак нема некој свој селективен еквивалент во реченицата,[3] бидејќи тој се наоѓа во реченичката рамка како однос на моментот на зборувањето (говорниот акт на говорителот) наспрема омнитемпоралноста. Моментот на зборувањето ги актуализира временските релации на аргументите со предикатот, кои инаку ги поврзуваат семантичките односи меѓу самите аргументи преку падежните релации. На временската рамка ѝ е подредена локалната (пошироко: просторната) рамка, која е во опозиција со универзумот. Меѓутоа, како што видовме, македонскиот јазик точно покажува дека и ова рамка е проекција на говорниот акт, во кој местото, во кое се наоѓа говорителот ги ситуира (актуализира) просторните релации на предикатот со аргументите, освен нивните заемни релации изразувани од страна на предикатот, кои образуваат просторен систем во вид на просторно множество.

Реченичка рамка од највисок ранг претставува модалната рамка што го актуализира односот на говорителот спрема реченото (диктумот), којшто може да е објективен (асерторична модалност – изразувана со индикативни форми и/или асерција со реченичка форма *Вистина е дека*...) или субјективен (други видови модалност – изразувани со помош на елементите од категоријата начин: императивот, оптативот, конјунктивот, кондиционалот, императивот, а исто така лексички, меѓу другото, со помош на модални глаголи и други зборови). Широко сфатената модалност опфаќа и други видови односи на говорителот кон исказот, како волитивност, експресивност, импресивност итн.

На две од гореспоменатите категории треба да се вратиме, да ги разгледаме поточно, со оглед пред сè на нивните врски со зборообразувачките и лексичките категории. Тоа се категориите род и падеж.

---

[3] Прилозите како *йреѓе* : *сеѓа* : *йосле* се само лексички изрази кои им одговараат на временските форми, слично како броевите во поглед на категоријата број.

Флексивната категорија род во македонскиот јазик се изразува кај придавски зборови; во множина таа е неутрализирана (наставката *-и* (на пр. *добри*) ја изразува само категоријата број), со исклучок на формите *два* (м. род) и *две* (ж. и ср. род). Оваа категорија е селективна за зборовната класа имиња (именки и заменката за 3. лице). Некои други заменки се ограничени само до еден елемент на оваа категорија, на пр. *кој* – м. род, *сè* – ср. род. За разлика од сите други селективни категории, категоријата род не е семантичка категорија. Семантичката категорија род се однесува на биолошкиот род, односно пол. Меѓу именките од среден род има такви (обично деминутивни или експресивни именки) кои означуваат лица чиј пол е изразен лексички (*девојче, момче*), а чијшто селективен род не одговара на семантиката на лексемата (*убавото девојче, високото момче*). Од друга страна меѓу именките со селективен машки и женски род голем број се надвор од било каков семантички род, бидејќи тие означуваат апстрактни поими, неживи предмети или животни без разлика на нивниот пол (*глушец, кукавица*), коишто називи бараат определба за изразување на полот од типот *женка* или *машко животно*. Кога општото име е од машки род, се јавуваат изведенки за означување на женскиот пол, на пр. *лавица* : *лав*, како маркиран член на оваа опозиција. Меѓутоа машката форма *лав* се однесува и на двата пола, слично како и кај поголемиот дел од именките кои означуваат луѓе, на пр. *учителка* : *учител*. И дури во случаите кога женската изведенка е општо позната и стилски неутрална, во македонскиот јазик (што не е случај во сите словенски јазици) во предикатна позиција се јавува машката форма, на пр. *Јас сум студент од II година на романска филологија* – пишува за себеси една студентка (од дневниот печат) или *Јас како Македонец можам да кажам дека...* (од предавање на едно познато женско лице, универзитетски професор по македонски јазик). Исклучиво женски именки за лица и животни од женски пол се употребуваат тогаш кога тие лексички (но не зборообразувачки), т.е. со својата коренска морфема, изразуваат женскост, како *жена, баба, сестра, снаа, кобила*, но тие не се многу по број, а заедно со изведенките (најчесто на *-ка, -ица, -ичка*), ако не гиземеме предвид личните имиња, не се повеќе од именките од машки род кои исто така завршуваат на *-а* (*владика, војвода, судија*). Додека во старословенскиот јазик именки од машки род со наставката *-а* во ном. едн. во деклинацијата на индоевропските основи на *-а-* и *-ја-* имаше сосема малку во споредба со именките од женски род, во современите словенски јазици ги има просечно над илјада, и сите тие еднозначно се однесуваат на лица од машки пол. Освен разните експресивни имиња (на пр. *паликуќа*), голем број сочинуваат заемки, меѓу нив европеизми, како на пр. *колега*. Во јужнословенските јазици (освен во словенечкиот) има голем број адаптирани заменки од турскиот јазик, како на пр. *ага, кадија, спаија, комшија, саатчија, кондураџија*, од кои еден добар дел се историзми, архаизми или колоквијализми, но тие и понатаму се составен дел на лексиката на тие јазици, иако кај повеќето говорители тие спаѓаат во нивната пасивна лексика. Во некои јазици, како на пр. во полскиот, европеизмите од типот на мак. *поет, фармацевт*, а пред сè оние на *-ист* како *реалист*, завршуваат на *-а* и имаат деклинација како именките од женски род (со некои

разлики во множината), па оттука традиционално тие се присоединуваат кон таканаречената „женска деклинација“. Во македонскиот јазик, кој нема синтетичка деклинација, наставката *-а* сепак се асоцира пред сè со женски род поради големиот број на именки кои стојат надвор од семантичката категорија род. Тоа е само една формална етикета на оваа група зборови кои бараат определба во женски род. Меѓу нив има мала група зборови кои еднозначно означуваат лица од женски род (ретко животни), а кои завршуваат на *-а*, додека оние кои означуваат лица од машки род (ретко животни) завршуваат на *-ø*, *-а*, *-о*, *-е*. Од синхрониска гледна точка можеме само да кажеме дека сите именки како носители на селективната категорија род се делат на три историски формирани групи (женски, машки и среден род). Именките кои се носители на семантичката категорија род (со опозиција женскост : машкост) се приредени како следува: именките за женскиот пол во сите три групи (*тетка, професор, девојче*), а именките за машкиот пол само во две (*вујко, момче*), т.е. тие не спаѓаат во групата именки од женски род.

Во минатото многу дискусии во Македонија го покренаа прашањето дали во македонскиот јазик постои категоријата падеж. Семантичката категорија падеж, се разбира, постои, бидејќи таа е универзална категорија која се изразува или со падежни наставки (синтетички падежи), или со предлози и падежни наставки, а во јазиците кои ги неутрализирале, односно загубиле падежните наставки – со предлози и една општа форма на именката (аналитички падежи). Семантичката категорија падеж е позната и под името „длабоки падежи“ или семантички ролји на именката (Филмор 1968). Таа разликува повеќе елементи, чиј број докрај сè уште не е утврден во науката: агенс, процесор, статор, посесор, каузатор (изразени со номинативната форма како прв аргумент на предикатот, односно формален субјект на реченицата), понатаму: патиенс, бенефициенс, производ или продукт, материјал, средство, место (аблативна, адлативна и перлативна) насока на движење и др. Подредувањето на одделните елементи од семантичката категорија падеж на флексивната категорија падеж е различно во одделни јазици, бидејќи е обусловено од нивната генетичка сродност и историскиот развој на секој јазик посебно, а зависи пред сè од бројот на падежните синтетички форми и на предлозите во секој одделен јазик. Во македонскиот литературен јазик се зачувани само некои синтетички форми (освен основната – номинативна) од старата деклинација. Тоа се: 1. Акузативните форми на личните и повратната заменка, како и на серијата заменки со основното *кој*: *него/го, неа/ја, нив/ги, себе/се, кого/го, некого/го*; 2. Акузативни форми кај некои лични именки кои се факултативни: *сина/синот, син* (*ми*), *татка/таткото, татко* (*ми*), *Столета/Столе*; 3. Дативни форми кај истите заменки кои во разговорниот јазик се факултативни со конструкциите *на* + акузативната форма: *нему/му* или *на него/му* и сл.; 4. Вокативни форми во еднина кај именките на *-а* (*жено, судијо* : *жена, судија*) и на *-ø* од машки род (*сине, волу* : *син, вол*). Скоро сите акузативни форми се првобитни облици на генитивот, пренесени во акузативот во врска со категоријата живи суштества, која беше почнала да се развива пред губењето на деклинацијата во македонскиот јазик. Со сите предлози е употребувана акузативната форма (кај заменките облигаторно, кај имен-

ките факултативно), додека кај другите зборови кои ја немаат ова форма (скоро сите именки, а од заменките: *шшо, сè* и др.) се употребува старата номинативна форма како општ падеж. Израз на категоријата падеж, обусловена со категоријата определеност, е таканаречената категорија зависност (Тополињска 1974: 67), односно удвоениот објект, што посебно го разликува македонскиот јазик од останатите словенски јазици: *Сшуденшише му ги йредадоа семинарскише рабоши на йрофесорош.*

Традиционалната поделба на падежите на граматички (номинатив, вокатив, генитив и акузатив) и семантички (датив, инструментал и локатив) не е адекватна за словенските јазици, во кои дативот несомнено е пред сè граматички падеж, а во македонскиот јазик – посебно – поради губењето на синтактичката деклинација и неговата замена со *на* + општата форма (сп. горе за удвоениот објект). Точниот опис на аналитичката деклинација во македонскиот јазик е возможен само ако се појде од семантичката категорија падеж и при тоа ако се најдат сите аналитички форми на одделните елементи од истата, што е веќе овозможено со објавувањето на интенционално-синтаксичкиот речник (Корубин, Велковска 1992, 1997).

Семантичката категорија падеж треба да ја разгледаме и во состав со други семантички категории, што ќе ни помогне да ја сфатиме и поинаку за разлика од традиционалното решение на глаголската дијатеза. Формите на активот и пасивот (а и ретките форми со *се* за правиот рефлексив или медиј) во рамките на флексивната категорија залог кај глаголот треба да ги поврземе со селективната категорија преодност (транзитивност), чии носители се падежните форми за номинативот и акузативот, кои пак се елементи на флексивната категорија падеж, чиј селективен еквивалент е глаголот со својата семантика. Во јазиците со семантички падежи замената на акузативот во семантичката ролја на патиенс со номинативната форма на дијатетичната трансформација на активот во пасив се должи на синтаксичка и формална рехиерархизација на аргументите на предикатот. Во македонскиот јазик рехиерархизацијата е само синтаксичка со услов да не се менува тематско-113рематската структура на двете форми на реченицата. Во поглед на категоријата определеност, активната форма нема ограничувања (на пр. *Една скойска фирма гради сшадион во нашиош град* : *Скойскаша фирма „Х" го гради сшадионош во нашиош град*), додека во пасивниот дел на дијатезата пасиенсот секогаш се изразува со определена форма: *Сшадионош во нашиош град е граден од (сшрана на) една скойска фирма/скойскаша фирма „Х"*. Формалната зависност на двете падежни форми можеме уште поинаку да ја изразиме. Појавувањето на елементите *се* или *-н-/-ш-* кај глаголот (на пр. *гради*: *се гради* или *е граден-* (*-а*, *-о*) го блокира местото за акузативот, што предизвикува рехиерархизација на аргументите. Првиот аргумент од активната форма на реченицата или облигаторно се изоставa (на пр. *Сшадионош се гради* (*веќе две години*), но не во сите јазици, сп. рус. *Сшадион сшроишся рабочими*), или ја менува формата – кај морфемата *-н-/-ш-*: *Сшадионош е граден од* (*сшрана на*) *една скойска фирма/скойскаша фирма „Х"*. Само во случајот на глаголите со значење наситување на агенсот со дејство-

то, изведувани најчесто со форматот *на- ... се*, морфемата *се* не го блокира местото на аргументот, кој само ја менува формата: а) во јазиците со синтетички падежи акузативот се заменува со партитивниот генитив (на пр. срп. *Јео сам хлеб са сиром → Најео сам се хлеба са сиром*), б) во јазиците со аналитички падежи – со аналитички генитив партитив, мак. *Јадев леб со сирење → Се најадов леб со сирење* (но не: ⁺*...лебот со сирење*, како: *чаша вода* : ⁺*чаша водата*).

